# ЕДИНЕЧЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА **АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ**




АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

ЕДИНЕЧЕН
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
**АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ**

# 2022

ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2022

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

# СОДРЖИНА

**АЛКАЛОИД во 2022** ... **6**
**Организациска структура** ... **8**
**Корпоративно управување** ... **10**
Собрание на акционери ... 13
Надзорен одбор ... 14
Внатрешна ревизија ... 18
Надворешна ревизија ... 19
Управен одбор ... 20
Управување со ризици и бизнис-континуитет ... 26
Корпоративна усогласеност ... 28
Заштита на лични податоци ... 29
Корпоративна интелектуална сопственост ... 30
**Акционерство** ... **33**
**Интегриран менаџмент-систем** ... **34**
Квалитет ... 34
Безбедност и здравје при работа ... 35
Животна средина ... 36
**Бизнис-опкружување и иден развој** ... **37**
Фармација ... 37
Истражување и развој ... 39
Хемија Козметика Билка ... 40
Снабдување ... 41
Транспорт ... 42
Инвестиции ... 43
**Човечки ресурси** ... **48**
**Одржлив развој** ... **62**
**Единечен финансиски извештај за работењето** ... **63**
Клучни финансиски показатели ... 63
Општи податоци ... 64
Управување со финансиски ризик ... 64
Инвестиции ... 66
Дивиденда ... 66
Финансирање – кредити ... 66
Големи зделки ... 67
Односи со поврзаните субјекти ... 67
Акционерски капитал ... 70
Надоместоци за раководството ... 71
Приходи ... 71
Расходи ... 75
Биланс на успех ... 76
Биланс на состојба ... 78

# **АЛКАЛОИД** во 2022

**171 милиони ЕУР**
единечни приходи од продажби и
**22,9 милиони ЕУР**
единечна нето-добивка

**15 % раст**
на единечниот извоз

Инвестиции во основни средства во износ од
**23,5 милиони ЕУР**

АЛКАЛОИД АД Скопје регистрираше **ново друштво во Романија**

АЛКАЛОИД инвестираше
**720 илјади евра**
во нови лаборатории за контрола на квалитетот, истражување и развој и за регистрации

АЛКАЛОИД АД Скопје основаше две нови друштва со спортска дејност: **„АЛКАЛОИД РАКОМЕТ СКОПЈЕ“** и **„МУЛТИ ЕСЕНС СКОПЈЕ“**

Нов магацин за фармацевтски суровини и за примарна амбалажа, инвестиција вредна
**1,3 милиони ЕУР**


АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
НАДЗОРЕН ОДБОР
СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
УПРАВЕН ОДБОР
Корпоративен секретар
Офицер за ризик
ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР
Офицер за усогласеност
Офицер за заштита на лични податоци
КОРПОРАТИВНИ СЛУЖБИ
ФИНАНСИИ
Финансии и сметководство
АКЦИОНЕРСТВО
Бизнис планирање, контрола и известување
ЛОГИСТИКА
Снабдување
Транспорт
Магацини
Инвестиции
Сервис
КОРПОРАТИВНА ПРАВНА СЛУЖБА
ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ
ОПШТИ РАБОТИ
ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ
КАДРОВСКИ РАБОТИ
МАРКЕТИНГ КОМУНИКАЦИИ
ПЦ ХЕМИЈА КОЗМЕТИКА БИЛКА
ХЕМИЈА КОЗМЕТИКА БИЛКА
Погон Хемија
Продажби Хемија
Погон Козметика
Продажби Производи за широка потрошувачка
Погон Билка
Планирање на производство ХКБ

# 2022 ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ



# Корпоративно управување

АЛКАЛОИД АД Скопје е глобална компанија, која во своето секојдневно работење цврсто и континуирано ги почитува и ги применува своите основни вредности, кои почиваат на највисоките етички норми и стандарди. Една од основните и клучни вредности и принципи на работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје е доброто корпоративно управување. Препознавајќи го значењето на секојдневната примена на постојните стандарди за добро корпоративно управување, а истовремено следејќи ги најновите трендови во оваа област, АЛКАЛОИД АД Скопје бележи континуиран раст, како на финансиски план така и на квалитетот на човечките ресурси со кои располага компанијата. Сите напори и секојдневното вредно работење на АЛКАЛОИД АД Скопје за примена на стандардите за добро корпоративно управување се признати и валоризирани, како од стручната така и од пошироката македонска јавност. „Македонската берза“ АД Скопје, традиционално, на крајот на календарската година доделува годишни награди во повеќе категории, сакајќи да им даде јавно признание на најпрепознатливите и најактивни учесници и други субјекти кои се директно или индиректно поврзани со македонскиот пазар на хартии од вредност. Како награда за работењето во 2022 година, АЛКАЛОИД АД Скопје е добитник на престижната награда за Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2022 година и тоа во две категории: по избор на пазарните учесници и по избор на новинарите.

**АЛКАЛОИД АД Скопје е добитник на престижната награда за Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2022 година и тоа во две категории: по избор на пазарните учесници и по избор на новинарите, како и за Акција на годината за 2022 година по избор на јавноста.**

Покрај ова, АЛКАЛОИД е добитник на уште две награди, и тоа за Акција со најголем пораст на прометот во 2022 година, во конкуренција на акционерски друштва со над 50 милиони пазарна капитализација и за Акција на годината за 2022 година, во согласност со гласовите на пошироката инвестициска јавност врз основа на заедничката анкета на Берзата и на порталот „Фактор“.

Во текот на 2022, АЛКАЛОИД АД Скопје продолжи со имплементација на Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонската берза, преку исполнување на сите потребни нормативни предуслови во насока на усогласување со Кодексот.

**АЛКАЛОИД АД Скопје е друштво организирано според двостепен систем на управување. Друштвото има Управен одбор и Надзорен одбор. Управиот одбор има најшироки овластувања во управувањето со компанијата, додека, пак, Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор. Процесот на управување во АЛКАЛОИД е целосно во согласност со законите во Република Северна Македонија, како и со домашните и со меѓународните добри практики.**

Имено, на Годишното Собрание на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје, одржано на 04.04.2022, беа донесени измени и дополнувања на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, како и пречистена верзија од истиот, со кој се утврдија основните начела на добрите корпоративни практики во структурата и системот на компанијата. Во таа смисла, до крајот на 2022 година, беше реализирана интензивна нормативна активност на измени и дополнувања на постоечки внатрешни акти, како и донесување нови, а за прв пат, Надзорниот одбор на компанијата беше вклучен во нормативната дејност, преку предлагање на акти од поголемо значење за компанијата, на Управниот одбор заради усвојување.

Минатата година, друштвото активно и континуирано посвети внимание и работеше на преземање мерки за да обезбеди дека ќе има најмалку 30% жени членови на надзорниот и на управниот одбор до 2025 година. За таа цел органите на друштвото вршеа неколку анализи и истражување со цел на детерминирање на соодветни кандидати. Како резултат на тие активности, се планира од 2023 година, Надзорниот одбор да биде сочинет од членови од кои 33% ќе бидат жени. Во моментот, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, е сочинет со членови од кои 20% се жени, и ќе се настојува да се исполни условот во иднина, членовите и на УО да бидат 30% жени.

## Корпоративно управување клучни активности

- Органите на компанијата донесоа нови деловници за својата работа, а во насока на обезбедување интеграција и синхронизација на меѓусебна соработка помеѓу органите на компанијата, беше донесен и Правилник за меѓусебни односи на органите на АЛКАЛОИД АД Скопје, кој ќе има координативна улога во обезбедување соработка помеѓу органите во имплементација на добрите корпоративни практики.

- АЛКАЛОИД АД Скопје донесе свој Правилник за односи со акционери, во насока на овозможување поголема достапност, транспарентност и заштита на нивните права и интереси, како една од своите најважни засегнати страни.

- Компанијата донесе Политика за наградување на вработени, раководни лица и членови на Управен одбор, со која ги утврди начелата, принципите и критериумите за доследно вреднување на ангажманот и заслугите на вработените, раководните лица и членовите на Управниот одбор врз мериторна основа.

- На предлог на Надзорниот одбор, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје усвои Политика за спречување и управување со судир на интереси, како и Политиката за односи со засегнати страни, со кои како компанија се етаблираме во редот на модерни компании, со нормативни претпоставки за воспоставување одржлив и транспарентен систем на корпоративна усогласеност и управување.

## Корпоративен секретар

- Со цел обезбедување на сите овие процеси, обединување и централизирање на поддршката на органите на управување во насока на имплементација на сите нови или обновени акти од значење за корпоративното управување на АЛКАЛОИД АД Скопје, од почетокот на 2022, во компанијата, нормативно и функционално се зајакна улогата на Корпоративниот секретар, чија надлежност е стручна поддршка на органите, особено Надзорниот одбор, толкување и примена на правните прописи поврзани со корпоративното управување во друштвото, материјата од правото на трговски друштва, хартии од вредност, права на акционери, како и во делот на односите на друштвото со надлежните институции поврзани со таа материја, особено со Берзата и Комисијата за хартии од вредност.

# Собрание на акционери

Собранието на акционери е највисок орган на управување во АЛКАЛОИД АД Скопје. Во согласност со Законот за трговските друштва, на секој акционер запишан во акционерската книга од денот на уписот му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас. На собранието на акционери се носат суштинските одлуки за компанијата, во согласност со закон и тука акционерите ги остваруваат своите права во друштвото.

Управниот одбор свикува годишно собрание на акционери најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание. Собранието се свикува со објавување јавен повик до акционерите, а материјалите за собранието се достапни за акционерите од денот на објавувањето на јавниот повик.

Во согласност со финансискиот календар на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2023 година, годишното собрание на акционери ќе се одржи во првата недела од април 2023. Јавниот повик, како и материјалите за годишното собрание на акционери ќе бидат објавени на системот СЕИ-НЕТ на „Македонската берза“ и на официјалната интернет-страница на АЛКАЛОИД АД Скопје во рубриката „За инвеститорите“.

# Надзорен одбор

Во согласност со важечките закони на Република Северна Македонија и со Статутот на друштвото, Надзорниот одбор врши надзор врз работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје од 1998 година, кога е и за првпат воспоставен.

Членовите на Надзорниот одбор се состануваат на годишно ниво, со цел да ги разгледаат предлог-одлуките изготвени од Управниот одбор во поглед на работењето на друштвото за тековната година и да произнесат свој став дали тие треба да се усвојат или да се одбијат од Собранието на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Состав на Надзорниот одбор:



**ПРОФ. Д-Р МИОДРАГ МИЦАЈКОВ**

**Претседател на Надзорниот одбор**

Доктор по право, професор и поранешен декан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј’“ во Скопје. Претседател на Одборот од 1998 година.



**ПРОФ. Д-Р ИЛИЈА ЏОНОВ**

**Член на Надзорниот одбор**

Доктор по медицински науки, професор и поранешен декан на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј’“ во Скопје. Член на Одборот од 1998 година.



**БОЈАНЧО КРАЛЕВСКИ**

**Член на Надзорниот одбор**

Дипломиран инженер по хемија. Член на Одборот од 1998 година.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Надзорниот одбор има овластување да врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, како и да врши увид и да ги проверува книгите и документите на друштвото.

Во текот на 2022 година, Надзорниот одбор во полн состав (претседател, проф. д-р Миодраг Мицајков, и членовите, проф. д-р Илија Џонов и Бојанчо Кралевски), ги одржуваше своите седници и одржа 10 (десет) седници и донесе 28 (дваесет и осум) одлуки.

На одржаните седници Надзорниот одбор ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања, во согласност со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје и со Законот за трговските друштва.

На одржаните седници особен акцент се стави врз разгледување на неревидираните и ревидираните единечни и консолидирани финансиски извештаи за претходната година, како и за неревидираните периодични финансиски извештаи, и тоа за периодот 1.1 – 31.3.2022 година, 1.1 – 30.6.2022 година, 1.1 – 30.9.2022 година, и тоа по сите структури: биланс на успех, биланс на состојба, известување за паричен тек и известување за промени во капиталот.

На седниците на кои на дневен ред беше разгледувањето на неревидираните единечни финансиски извештаи и на неревидираните консолидирани финансиски извештаи, на покана на претседателот на Надзорниот одбор присуствуваа претседателот на Управниот одбор и генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје и раководните лица од соодветните стручни служби, со цел подетално да се образложат сите позиции од доставените неревидирани единечни финансиски извештаи и од неревидираните консолидирани финансиски извештаи, за да може Надзорниот одбор соодветно да одлучува.

Претседателот на Управниот одбор, во согласност со своите дефинирани надлежности, даваше дополнителни образложенија за материјалите доставени на седниците, а според принципот на добро корпоративно управување се водени отворени дискусии во однос на материјалите по точките од дневниот ред, како и за сите значајни прашања од делот на работењето на друштвото.

Од непосредно извршениот увид во доставените финансиски извештаи и од излагањата на претседателот на Управниот одбор и генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје и од раководните лица од соодветните стручни служби, Надзорниот одбор донесе одлуки со кои се усвојуваат неревидираните единечни и неревидираните консолидирани финансиски извештаи на друштвото, како и неревидираниот единечен и неревидираниот консолидиран биланс на успех на друштвото.

Надзорниот одбор, исто така, изврши редовен увид врз управувањето со друштвото, што го врши Управниот одбор, и го разгледа годишниот извештај за работата на друштвото за претходната година (единечен и консолидиран), при што се констатира дека работењето на друштвото, како и водењето на работењето со него е успешно извршено, видно од остварените позитивни финансиски резултати на друштвото во текот на претходната година.

Надзорниот одбор позитивно ја оценува соработката која, во остварувањето на своите надлежности утврдени со Статутот на друштвото и со Законот за трговските друштва, ја имаше со претседателот и со членовите на Управниот одбор, со цел изградување заеднички ставови во насока на остварување на зацртаните планови за успешен развој на друштвото за 2022 година.

Надзорниот одбор изврши увид и во книгите и во документацијата со која располага друштвото, а кои се однесуваат на неговото финансиско работење, на состојбата со имотот, како и на хартиите од вредност, па при нивната проверка констатира дека и во тој дел работењето на друштвото е успешно и во рамките на законската регулатива.

Согласно чл. 374 ст. 3 од Законот за трговските друштва Надзорниот одбор донесе одлука со која за членови на Управниот одбор на друштвото повторно се избираат лицата: Живко Мукаетов, Ѓорги Јованов, Виктор Стојчевски, Милкица Глигорова и Ќире Ицев. За претседател на Управниот одбор повторно се именува членот на Управниот одбор Живко Мукаетов. Членовите на Управниот одбор се избираат за период од 6 (шест) години, сметано од 21.11.2022 година.

Исто така, Надзорниот одбор го разгледа Бизнис-планот на друштвото за 2023 година, во кој се содржани: план на продажби, планиран биланс на успех според функција, план на трошоци според видови, план на работна рака, план на капитални издатоци, планиран биланс на состојба и планиран паричен тек.

Надзорниот одбор оцени дека се работи за бизнис-план кој е квалитетно изработен, базиран на реалните очекувања и јасно ги дефинира целите на сите нивоа на раководење во друштвото, со што се обезбедува интегрирање на сите напори во остварување на заедничките цели на друштвото.

Бизнис-планот за 2023 година е базиран на очекувањата, проекциите и на можностите на тековните и на новите пазари и производи, достапни на друштвото во моментот на изготвување на планот.

Заради усогласување на внатрешните акти со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје Надзорниот одбор усвои предлог текст на Политика за спречување и управување со судир на интереси, предлог текст Правилник за уредување на меѓусебните односи на органите на АЛКАЛОИД АД Скопје, предлог текст на Политиката за односи со засегнати страни и предлог текст на Политиката за наградување на вработени, раководни лица и членови на Управен одбор. Предлог текстот на наведените акти Надзорниот одбор ги достави до Управен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје на усвојување.

Исто така, Надзорниот одбор донесе нов Деловник за работа на Надзорен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје кој стапува во сила на 01.01.2023 година.

Надзорниот одбор, во согласност со чл. 415-в од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото, како независна организациска единица на друштвото, во кој се презентирани активностите на Службата извршени во периодот јануари – јуни 2022 година.

Надзорниот одбор го усвои и даде оценка дека полугодишниот извештај за 2022 година е квалитетно и содржински изработен, во согласност со законските одредби од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, во кој се опфатени описот на извршените ревизии на работењето на друштвото, оцената на соодветноста и на ефикасноста на системите за внатрешна ревизија, како и наодите и предложените мерки на Службата.

Во согласност со годишниот план за внатрешна ревизија за 2022 година од Службата за внатрешна ревизија, до Надзорниот одбор, исто така, се доставени и квартални извештаи за периодот јануари – март, април – јуни, јули – септември и октомври - декември 2022 година, во кои се наведени активностите што ги има извршено Службата за внатрешна ревизија во кварталните периоди. Идентификуваните наоди на Службата за внатрешна ревизија се во насока на натамошно подобрување на процесот на ефикасноста на работењето. Наодите се дискутирани со раководните лица во организациските делови, предмет на тестирање, и се во целост прифатени.

Надзорниот одбор, по разгледувањето на кварталните извештаи од Службата за внатрешна ревизија, донесе одлуки за нивно усвојување.

Во согласност со чл. 415-б од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор го разгледа годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година и донесе одлука со која се одобрува.

Во годишниот план за работа наведени се предметот на ревизијата со опис на содржината на планираната ревизија според одделни области, како и распоред на контролите во текот на 2023 година со планирано времетраење за спроведување на контролите.

Во согласност со чл. 415-в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва Службата за внатрешна ревизија како независна организациска единица во друштвото поднесе годишен извештај за својата работа за претходната година. Во годишниот извештај презентирани се активностите на Службата за внатрешна ревизија, извршени во претходната година во согласност со усвоениот годишен план за работа на Службата за внатрешна ревизија.

Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија ги содржи следните информации:

- опис на извршени активности;
- наоди/препораки од извршени поединечни ревизии;
- консултантски активности;
- информации за Службата за внатрешна ревизија

Надзорниот одбор е на мислење дека годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија е квалитетен, сеопфатен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии, со што го одобри горенаведениот извештај и го приложи до Собранието на акционери.

# Внатрешна ревизија

Службата за внатрешна ревизија претставува независна организациска единица (служба), организирана од Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје. Вршењето внатрешна ревизија е во согласност со барањата на Законот за трговските друштва и со усвоената Повелба за внатрешна ревизија на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Внатрешната ревизија му помага на АЛКАЛОИД АД Скопје да ги оствари своите цели, преку користење систематски, дисциплиниран пристап за проценка и за подобрување на ефективноста на управувањето со ризиците, контролите и со процесите на раководење. Основна цел е зголемување и заштита на вредноста на АЛКАЛОИД АД Скопје, преку обезбедување објективни (базирани на ризици) и доверливи ревизорски, консултантски и аналитички услуги.

Службата за внатрешна ревизија цели да биде додадена вредност за АЛКАЛОИД АД Скопје и препознаена како еден од носителите на корпоративната културата и на компаниските вредности, односно ценет партнер и доверлив советник на заинтересираните страни (Надзорен одбор, Управен одбор, високиот менаџмент, акционерите). Во нејзини рамки ангажирани се стручни професионалци, соодветно обучени и сертифицирани за извршување ревизорски активности, кои редовно ги исполнуваат барањата за континуирано професионално усовршување.

Своите активности Внатрешната ревизија ги извршува во согласност со стратешкиот и со годишниот план, кои се изготвени врз основа на најзначајните ризици, а одобрени од Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во текот на 2022 година за сите извршени активности беа изготвени и доставени поединечни детални извештаи, квартални извештаи (доставени до генералниот директор и до Надзорниот одбор), како и годишен и полугодишен извештај на Службата за внатрешна ревизија, кои се предмет на одобрување од Управниот и од Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во согласност со планот за 2022 година, беа спроведени 16 ревизорски и консултантски ангажмани, и тоа во следните области: продажби, производство, снабдување со услуги, пари и парични средства, кредити, корпоративно управување, клучни индикатори за успех, ESG известување и др. Покрај овие области, ангажмани за внатрешна ревизија беа спроведени и во друштвата на АЛКАЛОИД АД Скопје во странство, преку директни посети. За сите спроведени активности во посебни детални извештаи беа презентирани утврдените недостатоци и предложените подобрувања.

Раководителот на Службата за внатрешна ревизија има редовна комуникација со Надзорниот одбор и учествува на сите негови состаноци каде што се разгледуваат информациите поврзани со работата на Внатрешната ревизија.

# Надворешна ревизија

Собранието на акционери го избира независниот надворешен ревизор. Друштвото детално ги уредува сите прашања поврзани со надворешната ревизија, особено критериумите за утврдување и за одржување на независноста и на објективноста на надворешниот ревизор, постапката за избор и критериумите при изборот, планот за работа, фреквенцијата и начинот на известување од надворешниот ревизор, како и други прашања од интерес за ангажманот и за активностите на надворешниот ревизор.

Овластениот ревизор не може да извршува други услуги за друштвото кои може да претставуваат закана за неговата објективност и независност додека врши ревизија, како и најмалку во претходните две години. Доколку други вработени во ревизорската куќа каде што работи овластениот ревизор извршуваат друга работа за друштвото и за друштвата поврзани со него, која не претставува ревизија, друштвото мора да направи да постојат системи за зачувување на независноста и на објективноста на ревизорот.

Друштвото е должно да има ревизорско мислење за финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржување на собранието на акционери. Овластениот ревизор го избира Собранието на акционери пред истекот на деловната година за која што се врши ревизија. Управниот одбор е должен да му овозможи на овластениот ревизор увид во целокупната документација. Овластениот ревизор на финансиските извештаи поднесува извештај за извршена ревизија според меѓународните ревизорски стандарди.

Управниот одбор ги доставува извештајот за извршената ревизија, заедно со годишната сметка, финансискиот извештај и предлог-одлуката за распределба на добивката до Надзорниот одбор заради нивна проверка.

Надзорниот одбор е должен да ги провери годишните сметки, финансиските извештаи и предлогот на одлуката за распределба на добивката. На барање на Надзорниот одбор, овластениот ревизор е должен да присуствува на состанокот на Надзорниот одбор.

Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на 4.4.2022 година за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2022 година го назначи ревизорското друштво DELOITTE ДОО Скопје. Ревизорското друштво не извршува други услуги за АЛКАЛОИД АД Скопје.

# Управен одбор

**Управниот одбор има најголеми овластувања во управувањето на друштвото, односно во вршењето на сите работи врзани со водењето на работите и на тековните активности на друштвото и дејствува во сите околности во име на друштвото во рамките на предметот на работењето.**

**Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Управниот одбор управува со друштвото и во тие рамки го води работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје под сопствена одговорност.**

**Состав на Управниот одбор:**



**ЖИВКО МУКАЕТОВ**

**Претседател на Управниот одбор и Генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје**

По струка е дипломиран машински инженер. Магистрирал на Chartered Institute of Marketing во Лондон, Велика Британија. Член е на Управниот одбор од 2004 година, а за претседател на Управниот одбор е назначен во 2007 година. Одговорен е за севкупното работење на Групацијата АЛКАЛОИД.



**МИЛКИЦА ГЛИГОРОВА**

**Член на Управниот одбор и Директор на производниот сегмент на ПЦ Фармација**

Дипломиран фармацевт, специјалист за фармацевтска технологија. Член е на Одборот од 2004 година. Одговорна за севкупните производствени операции на ПЦ Фармација.



### ВИКТОР СТОЈЧЕВСКИ

**Член на Управниот одбор и Директор на Финансии**

Дипломиран економист. Член на Одборот од јануари 2013 година. Одговорен е за финансиските операции на компанијата.



### ЃОРЃИ ЈОВАНОВ

**Член на Управниот одбор и Директор на Акционерство и имотни прашања на компанијата.**

Дипломиран економист. Член на Одборот од 2006 година. Одговорен е за акционерството и за имотните прашања.



### ЌИРЕ ИЦЕВ

**Член на Управниот одбор и Директор на Службата за општи работи.**

B. Sc. на Машинскиот факултет. Член на Одборот од 2007 година. Одговорен е за целокупното работење на Одделот за општи работи.

Управниот одбор во текот на 2022 година своите активности ги вршеше во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на друштвото. Носеше одлуки за деловната политика и го водеше работењето на друштвото.

Управниот одбор се состануваше редовно, при што во текот на 2022 година одржа 30 (триесет) седници и донесе вкупно 171 (сто седумдесет и една) одлука/заклучоци.

Во извештајот за работата на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на 2022 година се изнесуваат поважните одлуки што ги има донесено Управниот одбор и тоа:

- Одлука за попис и за формирање комисии за попис на основните средства и на изворите на средства и усвојување на извештајот за извршен попис во АЛКАЛОИД АД Скопје;
- одлуки за усвојување предлог-годишна сметка на друштвото, предлог-консолидирана годишна сметка на друштвото и предлог-годишен извештај за работата на друштвото (единечен и консолидиран);
- одлуки со кои се усвојуваат годишните сметки на друштвата чиј основач е АЛКАЛОИД АД Скопје за претходната година.

Управниот одбор на своите седници месечно ги разгледуваше билансот на успех на АЛКАЛОИД АД Скопје по трошковни места и извештајот за тековното работење на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје.

На седниците, на покана на претседателот на Управниот одбор, присуствуваа и раководните лица од Логистика и управителот на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје.

Од Управниот одбор донесени се одлуки/заклучоци со конкретни задолжувања за раководните лица на профитните центри во АЛКАЛОИД АД Скопје и за управителот на АЛКАЛОИД КОНС, а, пред сè, во насока на максимално ангажирање за исполнување на зацртаните плански задачи, интензивирање на наплатата, контрола на залихите, како и за намалување на трошоците.

Исто така, Управниот одбор, во согласност со Законот за трговските друштва, ги разгледа и расправаше за неревидираните и ревидираните единечни и консолидирани финансиски извештаи за претходната година, како и за неревидираните периодични финансиски извештаи, и тоа за периодот 1.1. – 31.3.2022, 1.1. – 30.6.2022 година и 1.1. – 30.9.2022 година, при што оцени дека друштвото има остварено позитивни финансиски резултати.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на друштвото, Управниот одбор, во рамките на својата надлежност, донесе предлог-одлуки во согласност со предложениот дневен ред за годишното собрание на акционери на друштвото, што се одржа на ден 4.4.2022 година.

Управниот одбор, имајќи ја во вид подобрата и пофункционална организација на работењето на друштвото, донесе одлуки за измени и за дополнување во Правилникот за систематизација на работни места, аналитичката процена на работни места и внатрешната организација на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Воедно ги донесе и следните одлуки со кои се одобрува:

- исплата на регрес за годишен одмор;
- зголемување на нето вредноста на бодот со примена почнувајќи со платата за месец јули 2022 година;
- исплата на новогодишен надоместок;
- зголемување на висината на партиципацијата за воншколски активности за деца на вработени во согласност со Правилникот за бенефиции за деца на вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во текот на 2022 година, како нефинансиски критериум за работењето на управниот одбор беше предвидено имплементирањето на ESG стандардите за известување во работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје, и креирањето на првиот посебен ESG Извештај на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Овој критериум е во целост исполнет.

Во 2022 година, во АЛКАЛОИД АД Скопје се спроведе целосна трансформација и реорганизација на работењето, потребно за создавање на првиот ESG Извештај и имплементирањето на принципите на ESG известување.

Во април 2022 година, се оформи ESG Одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје, кој како координативно тело, ги водеше и координираше овие внатрешни процеси.

Новите внатрешни акти и документираните информации за ESG процесот се составени од :

- Политика за животна средина и општествени прашања (ESG Политика)
- Процедурата за ESG известување
- СОПови од областа на ESG мерни индикатори
- Политика за односи со засегнати страни.

Како резултат на погоре наведеното, управниот одбор успешно ги изврши зададените критериуми за успешност во своето работење и го усвои првиот ESG Извештај на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2022 година.

Во текот на 2022 година Управниот одбор на своите седници ги донесе и следните значајни општи акти на друштвото:

- Правилник за уредување на односите меѓу Друштвото и акционерите;
- Правилник за начинот на избор, извршување и известување за надворешна ревизија;
- Политика за спречување и управување со судир на интереси;
- Правилник за уредување на меѓусебните односи на органите на АЛКАЛОИД АД Скопје;
- Политиката за наградување на вработени, раководни лица и членови на Управен одбор;
- Деловникот за работа на Управен одбор.

Исто така, Управниот одбор донесе одлуки за измени и дополнувања на Правилник за постапка на одобрување на плаќање фактури и други трошоци во АЛКАЛОИД АД Скопје и на Правилник за овластувања при потпишување договори и други документи во АЛКАЛОИД АД Скопје.

Управниот одбор и Синдикалната организација на АЛКАЛОИД АД Скопје донесоа одлуки за продолжување на важење на Колективниот договор на АЛКАЛОИД АД Скопје, за период од 2 (две) години, сметано од 01.01.2023 година.

Управниот одбор донесе одлука со која се донесуваат основите на Бизнис-планот на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2023 година.

Управниот одбор донесе одлука со која го усвои Бизнис-планот на друштвото за 2023 година и даде насоки за негово спроведување.

Во Бизнис-планот се содржани: план на продажби, планиран биланс на успех според функција, план на трошоци по видови, план на работна рака, план на капитални издатоци, планиран биланс на состојба и планиран паричен тек.

Управниот одбор оцени дека се работи за Бизнис-план кој е базиран на реалните очекувања, проекции и можности на тековните и на новите пазари и производи, на политиката на управување со ризик и на зголемувањето на ефикасноста на сопствените ресурси, Бизнис-планот за 2023 година е базиран на очекувањата, проекциите и на можностите на тековните и на новите пазари и производи, достапни на друштвото во моментот на изготвување на планот. Воедно донесен е и финансиски календар на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2023 година.

Во согласност со чл. 375 ст. 3 и со чл. 366 ст. 3 од Законот за трговските друштва, Управниот одбор донесе одлука за назначување лица со посебни овластувања и одговорности (раководни лица) во друштвото за 2023 година.

Исто така, Управниот одбор во рамки на своите надлежности донесе одлука за основање на друштво со ограничена одговорност АЛКАЛОИД БУКУРЕШТ С.Р.Л. во Букурешт, Романија, каде единствен содружник на друштвото со ограничена одговорност е АЛКАЛОИД АД Скопје.

Управниот одбор донесе одлука за основање на Акционерско друштво за спортски дејности РАКОМЕТЕН КЛУБ АЛКАЛОИД РАКОМЕТ Скопје и одлука за основање на Акционерското друштво за спортски дејности РАКОМЕТЕН КЛУБ МУЛТИ ЕСЕНС Скопје, каде АЛКАЛОИД АД Скопје е во својство на основач и единствен акционер.

Исто така, Управниот обор го усвои финансискиот извештај на Фондацијата „Трајче Мукаетов“ – Скопје за претходната година и ја донесе Програмата за работа на Фондацијата „Трајче Мукаетов“ – Скопје за 2023 година.

Во Програмата се утврдуваат износот, начинот, условите и постапката за користење на средствата на Фондацијата, наменети за стипендирање, донирање и за финансирање талентирани студенти, научни работници и проекти од областа на медицината и на фармацијата.

Воедно се донесени и програмите за работа за 2023 година на Шаховскиот клуб АЛКАЛОИД и одобрени се Програмите за работа за 2023 година на РАКОМЕТЕН КЛУБ АЛКАЛОИД РАКОМЕТ Скопје и РАКОМЕТЕН КЛУБ МУЛТИ ЕСЕНС Скопје.

Во однос на работењето на друштвата чиј основач е АЛКАЛОИД АД Скопје, Управниот одбор донесе неколку значајни одлуки, и тоа:

Одлуки за продолжување на мандатите на директорите на друштвата во странство чиј основач е АЛКАЛОИД АД Скопје, и тоа: АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, АЛКАЛОИД ФАРМ ДОО Љубљана, претставништво на АЛКАЛОИД АД Скопје во Москва, ALKALOID Ilac Ticared Limited Sirketi Истанбул, АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО Загреб и ALKALOID UK Limited.

Исто така, Управниот одбор донесе одлука за назначување нов директор на АЛКАЛОИД ДОО Тирана, АЛКАЛОИД ФАРМ СА Фрибург, Швајцарија, АЛКАЛОИД ДОО Сараево и Друштво со ограничена одговорност АЛКАЛОИД КИЕВ.

Во согласност со чл. 415-в од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, од Службата за внатрешна ревизија, како независна организациска единица во друштвото, до Управниот одбор е поднесен годишен извештај за својата работа за претходната година. Во годишниот извештај презентирани се активностите на Службата за внатрешна ревизија извршени во текот на претходната година, во согласност со усвоениот годишен план за работа на Службата за внатрешна ревизија. Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија ги содржи следните информации:

- опис на извршени активности;
- наоди/препораки од извршени поединечни ревизии;
- консултантски активности;
- информации за Службата за внатрешна ревизија.

Управниот одбор, по разгледувањето на годишниот извештај, донесе одлука со која се одобрува годишниот извештај за работа на Службата за внатрешна ревизија на АЛКАЛОИД АД Скопје, како независна организациска единица, за претходната година.

Исто така, во согласност со чл. 415-в од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, Управниот одбор го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото, во кој се презентирани активностите на Службата извршени во периодот јануари – јуни 2022 година.

Управниот одбор, по разгледувањето на полугодишниот извештај, донесе одлука со која го усвои и даде оценка дека полугодишниот извештај за 2022 година е квалитетно и содржински изработен, во согласност со законските одредби од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, во кој е опфатен описот на извршените ревизии на работењето на друштвото, оцена за соодветноста и за ефикасноста на системите за внатрешна ревизија, како и наоди и предложени мерки на Службата.

1. АЛКАЛОИД АД Скопје, како основач и како единствен содружник на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје, ги врши надлежностите на органите на друштвото, и тоа:
- Управен одбор на основачот, како собир на содружници на друштвото;
- Контролор, како орган на надзор на работењето на друштвото.

Собирот на содружници на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје во текот на 2022 година одржа 10 (десет) седници и донесе 22 (дваесет и две) одлуки.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје, донесени се следните позначајни одлуки:
- Одлука за попис и за формирање комисии за попис на основните средства и на изворите на средства;
- Одлука за усвојување на извештајот за извршен попис на основните средства и на изворите на средства;
- одлуки за усвојување годишна сметка на друштвото, годишен извештај за работата на друштвото и неревидирани финансиски извештаи на друштвото;
- Одлука за распоредување на добивката;
- Одлука за усвојување на извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на друштвото за претходната година од овластен ревизор од ревизорското друштво ДИЛОИТ ДООЕЛ Скопје;
- Одлука за зголемување на основната главнина во АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје;
- Одлука за измени и дополнување на Статутот на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје;
- Одлука за измени и дополнување на Изјавата за основање на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје;
- Одлука за исплата на регрес за годишен одмор;
- одлуки за назначување раководни лица;
- Одлука за зголемување на нето-вредноста на бодот со примена почнувајќи со платата за месец јули 2022 година;
- Одлука за исплата на новогодишен надоместок.

2. АЛКАЛОИД АД Скопје, како основач и како единствен содружник на БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје, ги врши надлежностите на органите на друштвото, и тоа:
- Управен одбор на основачот, како Собир на содружници на друштвото

Собирот на содружници на БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје во текот на 2022 година одржа 6 (шест) седници и донесе 7 (седум) одлуки.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје, донесени се следните позначајни одлуки:
- Одлука за попис и за формирање комисии за попис;
- Одлука за усвојување годишна сметка на друштвото;
- Одлука за распоредување на добивката;
- Одлука за повторен избор на Управителот на Билна Аптека АЛКАЛОИД;
- Одлука за исплата на регрес за годишен одмор;
- Одлука за зголемување на нето-вредноста на бодот со примена почнувајќи со платата за месец јули 2022 година;
- Одлука за исплата на новогодишен надоместок.

Работењето на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на 2022 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговските друштва и со Статутот на друштвото.

# Управување со ризици и бизнис-континуитет

## Управување со ризици

Процесот на управување со ризици во АЛКАЛОИД АД Скопје се основа врз добрата производствена пракса, ICH Q9, барањата на стандардот ISO 31000, барањата на стандардите што ги применува компанијата, како и врз апликативните водичи. Процесот на управување со ризици е воспоставен од 2007 година како дел од интегрираниот менаџмент-систем.

Управувањето со ризици и бизнис-континуитетот се под надлежност на Одборот за управување со ризик, за кризна состојба и за одржување континуитет во работењето, на тимот за управување со ризик и за континуитет на работењето и на раководителите на организациските единици/сопственици на процесите.

Во 2015/2016 година АЛКАЛОИД АД Скопје ги идентификуваше сите потенцијални стратешки ризици на компанијата. Со овој важен исчекор менаџментот, Одборот и тимот иницираа континуирани активности за намалување на потенцијалните стратешки ризици на компанијата. Со задоволство може да истакнеме дека голем дел од потенцијалните стратешки ризици се преведени во оперативни ризици (во 2022 – 43,3%), кои се управувани на дневно ниво од средниот менаџмент и од вработените.

Во 2022 година има идентификувани 3 стратешки нови ризици за кои се изработија Планови за управување со истите. На полето на оперативните ризици беа преиспитани вкупно 1778 и намалени 169 ризици. Во 2022 изработени проценки/извештаи за 42 ризици поврзани со квалитетот, специфични за намената на производот и 110 оперативни ризици изработени по процесите во АЛКАЛОИД АД Скопје.

Со континуираното преиспитување на ризиците постигнуваме намалување на веројатност од појава на ризици, намалување на сериозноста на последиците од ризици, како и преземање мерки со цел свесност, подготвеност, управување и одржување на ризиците на прифатливо ниво.

## Континуитет во работењето

Процесот на управување со ризик е суштински елемент на воспоставувањето проактивен пристап, кој ќе обезбеди континуитет во работењето и подготвеност на компанијата да предвиди, да детектира и да одговори на негативните влијанија кои имаат потенцијал да го спречат извршувањето на критичните процеси во компанијата, постигнувајќи ги своите цели и исполнувајќи ги барањата на засегнатите страни за квалитет.

Во интегрираниот систем за квалитет на АЛКАЛОИД АД Скопје се воспоставени процедури за континуитет на деловното работење во областа на ИТ-безбедноста (2016 година) и на фармаковигиланцата (2015 година), како и во однос на партнерите (2019 година), пандемијата на COVID 19 (2020 година), природните катастрофи и друго. За време на пандемијата се изработија планови за бизнис-континуитет за сите процеси во АЛКАЛОИД АД Скопје. Пандемијата нè поттикна да размислуваме подлабоко за процесот на управување со континуитетот во работењето. Подобрувањата во процесот на управување со континуитетот во работењето ги постигнавме со примена на барањата на стандардот ISO 22301, систем за управување со континуитетот во работењето.

Преку примена на системот за управување со континуитетот целиме кон постигнување на следните можности и придобивки:

- поддршка на стратешките цели и заштита и зајакнување на угледот на компанијата, кредибилитетот и на организациската подготвеност и отпорност;
- намалување на правната и на финансиската изложеност и намалување на директните и на индиректните трошоци при прекини/неочекувани појави;
- заштита на животот, имотот и на животната средина и обезбедување доверба во способноста на организацијата успешно да ги постигне своите цели;
- подобрување на способноста на деловните процеси да останат ефектни за време на прекини/неочекувани појави;

Ние сме целосно посветени на постојаното подобрување на овие две области – управување со ризици и континуитет во работењето на компанијата.

Посветеноста на раководството и вработените кон ефикасно управување со ризици и континуитет во работењето, и дава компетитивна предност на компанијата и доверба на заинтересираните страни и општеството.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Корпоративна усогласеност

## Код за етичко и деловно однесување

Кодот за етичко и деловно однесување на АЛКАЛОИД АД Скопје претставува клучен елемент во градењето на етичката корпоративна култура и гарантира одржлив раст и развој на компанијата, преку промоција на своите клучни вредности и има за цел да овозможи секој наш вработен и раководно лице самостојно да носи етички одлуки во секојдневното работење, да ја живее корпоративната култура на компанијата и да ја остварува нашата заедничка мисија и визија.

Еден од најважните механизми за одржување на етичката димензија во деловното функционирање на компанијата е загарантираната можност за посочување на неетичко однесување, односно повреда на Кодот за етичко и деловно однесување на вработените и раководните лица. Во текот на 2022, компанијата предводена од највисокото раководство, а со поддршка на Офицерот за корпоративна усогласеност и Комисијата за корпоративна усогласеност, продолжи да го развива овој процес преку институционална поддршка, обука на надлежните лица и подигање на свеста на вработените за етичко однесување и градење корпоративен интегритет и култура.

## Преглед на постапки за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување

Во текот на 2022, Комисијата за корпоративна усогласеност на АЛКАЛОИД АД Скопје, преку AlkaSpeak-Up платформата вкупно прими дванаесет содржини, од кои за четири од нив утврди дека ги содржат сите потребни елементи да бидат квалификувани како пријава за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување. Дополнително, Комисијата постапуваше и по три пријави, чии постапки беа отпочнати во 2021, од кои за една од нив, постапката беше завршена и беше усвоен наод. Надвор од AlkaSpeakUp платформата, во тек на 2022, Офицерот за корпоративна усогласеност прими усно на записник две пријави, за кои постапките се во тек. Комисијата за корпоративна усогласеност во 2023 продолжува да спроведува постапки по осум незавршени пријави, од кои три се во финална фаза на постапување.

## Кодекс за интеракција со здравствени работници и етичка промоција

Овој Кодекс е од исклучително значење за компанијата, со оглед дека ги уредува промоцијата, комуникацијата и нашите интеракции со здравствените работници, здравствени организации и здравствената заедница во целина. Преку обука на нашите вработени за правилна примена на Кодексот, ние континуирано обезбедуваме нашите медицински претставници во целост да бидат усогласени со сите релевантни кодекси на индустријата, како и важечките законски прописи и да ги применуваат највисоките стандарди на етика и деловни практики во интеракциите со здравствената заедница.

# Заштита на личните податоци

Во 2022 година АЛКАЛОИД продолжи да ги спроведува сите технички и организациски мерки за заштита на личните податоци на вработените, акционерите, деловните партнери, посетителите, практикантите, кандидатите за вработување и други субјекти од кои АЛКАЛОИД во текот на своите процеси собира, обработува и чува лични податоци. Имплементирани се дополнителни методи на транспарентност спрема субјектите на лични податоци, посебно на корпоративната веб-страница (https://alkaloid.com.mk/mk/zashtita-na-lichni-podatoci).

Постојано се инвестираше во усогласување со Општата регулатива за заштита на податоците на ЕУ (GDPR) и другите прописи за приватност преку имплементација и следење на практиките, политиките и процедурите за приватност, поддржани со обуки и активности за подигање на свеста. Месец ноември 2022 година беше прогласен како месец за подигање на свеста за заштита на личните податоци во АЛКАЛОИД АД Скопје и неговите друштва на глобално ниво.

Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.

# Корпоративна интелектуална сопственост

Правата од интелектуалната сопственост (ИС) се важен и вреден аспект во сопственоста (асетот) на еден бизнис. Во ера на постојани промени и иновации, ИС претставува централен елемент во обезбедувањето сигурност, во поттикнувањето иновативност, во промовирањето напредок и во проширувањето на бизнисот.

Добро воспоставените и заштитени права од ИС им помагаат на потрошувачите да направат паметен и сигурен избор во однос на безбедноста, доверливоста и на ефектноста при нивното купување. Од друга страна, гарантираат дека производите се автентични и со висок квалитет, кој го препознаваат и го очекуваат потрошувачите. Накратко, правата од ИС ги стимулираат сигурноста и удобноста кои ги бараат потрошувачите и на кои се потпираат пазарите.

Знаејќи го ова, ние сме посветени на градењето силни и препознатливи брендови, преку кои можеме да ги гарантираме стандардот и квалитетот на нашите производи, кои се лесно препознатливи од потрошувачите. На овој начин ја зачувуваме репутацијата на компанијата и ја осигуруваме стабилноста на нашиот раст и развој.

Импресивното портфолио на трговски марки на АЛКАЛОИД се состои од приближно 3.650 пријавени или регистрирани трговски марки, во повеќе од 100 земји, покривајќи повеќе од 10 класи на добра и на услуги. Нашата стратегија е да се регистрираат трговски марки за сите производи и услуги од интерес, во сите земји во кои се комерцијализирани.

**ПРЕГЛЕД НА ТРГОВСКИ МАРКИ ПО ЗЕМЈИ**




**Во 2022 г. одбележавме 50-годишнина од заштитата на компаниското лого. Во чест на овој јубилеј, иницииравме проширување на заштитата на трговската марка во речиси 50 нови територии, меѓу кои Јапонија, Канада, Израел, Обединетите Арапски Емирати, Тунис, Мексико, Монако, Нов Зеланд, Чиле, Мозамбик и Европската Унија.**

Во изминатите години забележуваме постојано проширување на портфолиото, со зголемени активности за пребарувања и за утврдување ризик за нови имиња, и подготовки за нови пријави во различни јурисдикции, а притоа, секако, со одржување и со заштита на постојните регистрации и обнови.




Во 2022 година поднесовме прва пријава пред EUIPO – Заводот за интелектуална сопственост на Европската Унија – како централизирана канцеларија со чија заштита се опфаќаат териториите на сите земји членки на Европската Унија, со што АЛКАЛОИД е меѓу првите македонски компании кои се носители на ЕУТМ.

Нашите *umbrella brands* заземаат значајно место во рамките на портфолиото и ним им посветуваме посебно внимание во пристапот за одржување и за заштита, како и за планирање нови пазари и производи кои би ги покривале (во табелата се дадени дел од поголемите брендови).

| Umbrella brand | Број на земји | Број на трговски марки |
|---|---|---|
| ALKALOID – Company brand | 108 | 330 |
| BECUTAN | 16 | 584 |
| BECUTAN KIDS VITS | 11 | 56 |
| CAFFETIN | 26 | 143 |
| GATTART & Gastro Guard | 38 | 58 |
| BlokMAX | 12 | 39 |
| Multi Essence | 12 | 29 |
| SATTWA | 9 | 46 |
| GOOD NATURE | 11 | 88 |
| Medical | 1 | 6 |
| GLOSS | 2 | 63 |
| Young Derm | 7 | 19 |
| BLACK UP | 6 | 22 |

Во насока на поддршка од АЛКАЛОИД за македонскиот спорт, преку основање на ракометните клубови АЛКАЛОИД и МУЛТИ ЕСЕНС, иницираме заштита на логоата кои гордо ги носат овие тимови.

Менаџирањето на портфолиото на трговски марки и на индустриски дизајни ни е приоритет, при што нашиот фокус е насочен спрема тоа да осигуриме дека ги имаме најдобрите луѓе, најдобрите алатки и најдобрата стратегија за менаџирање, одржување и за заштита на нашето портфолио. Посветуваме внимание на едуцирањето кадар, следењето на најновите технологии во сферата на правото и на AI, на истражувањето на најдобрите стратегии и сл.

Како примарно софтверско решение, одделението Корпоративна интелектуална сопственост го употребува софтверот за менаџирање на ИС *Патриција*, производ на *Patrix IP helpware*, и постојано го надградува, со цел подобрување на сите процеси и активности поврзани со ИС.

Продолжуваме со употреба на платформата *CompuMark* како софтверска алатка за детални податоци за ТМ, со помош на која се утврдува потенцијалниот ризик на постојните брендови и трговски марки, како и степенот на ризик за нови пријави на трговски марки, со што се овозможува побрзо лансирање на нови производи.

Свесни сме дека вредноста на портфолиото на трговски марки ги вклучува довербата и лојалноста на потрошувачите, имиџот на брендот и репутацијата. Поради тоа, започнавме нова стратегија за заштита на брендовите преку воведување *TM Watch*, континуирано следење на потенцијалните повреди, со што се овозможува навремено преземање активности за заштита на нашите брендови, а со тоа и за зголемување на нивната вредност.

Нашиот фокус продолжува да биде во насока на тоа да ги следиме трендовите на пазарот и да ја развиваме нашата стратегија за ИС, за најдоборо да го следи растењето на бизнисот.

# Акционерство

**Акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година.**

| ПАЗАРЕН СЕГМЕНТ: | БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА – ОБИЧНИ АКЦИИ |
|---|---|
| ISIN | MKALKA101011 |
| Шифра на ХВ | ALK |

Основната главнина на АЛКАЛОИД се состои од 1.431.353 акции со номинална вредност од 25,56 ЕУР од акција или вкупен износ од 36.585.382,68 ЕУР. Заклучно со 31.12.2022 година АЛКАЛОИД АД Скопје има 5.332 акционери. Акциите се слободно преносливи. За акционери се сметаат сите лица запишани во акционерската книга, која, во согласност со законската регулатива, се води во Централниот депозитар за хартии од вредност. Акционерите под еднакви услови имаат еднаква положба во друштвото. Секој акционер има право на еден глас во Собранието на друштвото – по еден за секоја обична акција, како и право на исплата на дивиденда.

Од акциите 99,7 % (1.428.125) се обични акции, од кои 59 се резервирани за поранешни сопственици, додека, пак, 0,23 % (3.228) се приоритетни акции, исто така, резервирани за поранешни сопственици, кои треба да докажат право на сопственост над имот кој сега е во сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Обичните акции им даваат на сопствениците право на:

1. глас во Собранието на друштвото;
2. исплата на дел од добивката (дивиденда);
3. исплата на дел од остатокот од ликвидациската, односно од стечајната маса на друштвото.

Акциите на АЛКАЛОИД се едни од најтргуваните и најликвидните акции во текот на 2022 година, според статистичките извештаи на „Македонска берза“ АД Скопје. Направени се 3.159 трансакции, а истргувани се 50.794 акции во вредност од 887,5 милиони денари.

Како една од водечките акции на Македонската берза, акцијата на АЛКАЛОИД учествуваше со 20,88 % во прометот на официјалниот пазар во 2022 година. Цената на акцијата се движеше од 15.556,00 денари до 19.400,00 денари, со просечна цена од 17.475,80 денари од акција, што претставува раст од 10,6 % во споредба со просечната цена на акцијата во 2021 година.

# Дивиденда

АЛКАЛОИД АД Скопје редовно исплаќа дивиденда на годишно ниво од 1995 година, кога компанијата беше реструктуирана.

Исплатената нето-дивиденда од акција во последните три години:

| 2019 | 2020 | 2021 |
|---:|---:|---:|
| 324,00 денари + 19,1 % | 360,00 денари + 11,1 % | 396,00 денари + 10,0 % |

# Интегриран менаџмент - систем и квалитет

## Квалитет

АЛКАЛОИД АД Скопје има сеопфатно дизајниран и коректно применет интегриран менаџмент-систем (ИМС), кој ги применува барањата на cGxP, ISO 9001:2015, ISO 14001:2015, ISO 45001:2018, на 13485:2016, FSSC22000, HACCP и на HALAL.

Главната цел на ИМС е да потврди дека АЛКАЛОИД АД Скопје континуирано произведува производи со највисоко ниво на квалитет, безбедност и на ефикасност, кои ги задоволуваат барањата на нашите потрошувачи, релевантните законски барања, како и барањата на применетите интернационални стандарди и водичи.

Високото раководство, преку одговорноста и посветеноста спрема исполнувањето на оваа цел, како и преку ефектното лидерство и промоцијата на соодветната култура на квалитет, охрабрува активно учество и правилно однесување на целокупниот персонал на сите нивоа во компанијата, со крајна цел континуирано подобрување на ИМС.

Нашата стратегија за квалитет се фокусира на усогласеноста со принципите на добрите пракси (cGxP) и регулативи кои го дефинираат квалитетот во фармацијата, хемијата, козметиката и во билкарството, предводени од процесниот пристап на циклусот PDCA (планирај-направи-провери-дејствувај), од континуираното подобрување на нашите производи, процеси и услуги и од задоволството на корисниците.

ИМС континуирано се набљудува во рамките на процесите за преиспитување од раководството на годишно ниво, за КПИ (клучни индикатори на перформанс) и за состаноците за квалитет, како и преку интерните проверки/самоинспекции со идентификација на можностите за континуирано подобрување на производите, процесите и на самиот систем.

Ефектноста и усогласеноста на ИМС се потврдуваат од екстерни инспекции и проверки од страна на регулаторни институции, нотификациско тело, сертификациски тела и од нашите партнери.

Во 2022 г. се извршени 29 аудити/инспекции на АЛКАЛОИД АД Скопје:

- успешно завршени 2 инспекции за сообразност со начелата на добрата производствена пракса (GMP) за двата локалитети на ПЦ Фармација на АЛКАЛОИД АД Скопје – бул. „Алексанадар Македонски“ бр. 12 и бул. „Партизански одреди“ 98А – од JAZMP (Агенција за лекови и за медицински средства на Р Словенија);
- успешно завршени 4 инспекции од МАЛМЕД: една за обнова на сертификатот за ДПП за погонот за производство на цефалоспорини, една за погонот за производство на активни фармацевтски суровини, една за погонот за производство на течна дозирана форма (програма козметика) на бул. „Партизански одреди“ 98А и една за дозвола за производство на концентрати за хемодијализа (програма хемија);
- успешно завршени 6 проверки од сертификациски тела – 3 од Quality Austria, SGS (за gluten free), Ortodox Union (за Kosher) и од „Про церт“ и 3 проверки од нотификациските тела DEKRA и Control Union Certification (x2);
- успешно завршени 2 екстерни проверки за GMP и GCP во R&D и за Clinical Unit;
- успешно завршени 12 аудити од партнери и 6 пополнети прашалници за партнери.
  Учествувавме и дадовме поддршка при 4 аудити од партнери за нашите подружници/фирми ќерки.

Корпоративната функција на Обезбедување квалитет се одвиваше тековно во 2022 година, преку примена на корпоративните ОК-политики, континуирани обуки и преку интерни проверки на системите за квалитет во подружниците/капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД, со цел усогласување на интегрираниот менаџмент-систем и на процесите на Обезбедување квалитет.

# Безбедност и здравје при работа

Водењето грижа и континуираното унапредување на условите за работа се едни од главните стратешки определби кои АЛКАЛОИД постојано се стреми да ги оствари. Имајќи предвид дека остварувањето на зацртаните компаниски цели во голема мера зависи од задоволството и од благосостојбата на вработените, во континуитет вложуваме во градењето безбедна и здрава работна средина за сите наши вработени, изведувачи и посетители. Поради тоа, воспоставениот систем за управување со безбедноста и со здравјето при работа, начинот на неговата примена и употребата на современи светски практики се неизоставен дел од секојдневното работење и извршување на активностите.

Пристапот заснован на одговорност, посветеност и на учество на сите заинтересирани страни, независно од нивната позиционираност во компанијата, е основата која води кон постигнување на посакуваните резултати.

Практиките што се однесуваат на градењето и на одржувањето здрави и безбедни работни места, меѓу другото, во себе опфаќаат:

- примена на современи средства и опрема за работа;
- проценка и континуирано запознавање на вработените со ризиците и со опасностите на работното место;
- обезбедување обуки со цел зголемување на знаеањата и на вештините на вработените;
- промовирање безбедносна култура при секојдневното извршување на работните активности;
- редовни проверки на опремата за работа и на условите во работните и во помошните простории;
- споделување информации со сите вработени за аспектите поврзани со безбедноста и со здравјето на работното место;
- постојано подобрување преку мерките што произлегуваат од редовните и од вонредните проверки и истраги на инциденти.

## Усогласеност со законската регулатива

Воспоставениот систем за управување со безбедноста и со здравјето при работа е усогласен со важечката национална регулатива. Резултатите од неговите перформанси и исполнувањето на целите, во согласност со поставените индикатори, се претставени во ESG-извештајот во точка IV *Општествени прашања*.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Животна средина

АЛКАЛОИД АД Скопје е глобална корпоративна општествено одговорна компанија, која е посветена на еколошките, општествените и на корпоративните влијанија, како и на влијанието на активностите на компанијата врз луѓето и врз околината.

Стратегијата на АЛКАЛОИД АД Скопје е воспоставена преку примена и преку негување одржлива еколошка одговорност, еколошки индустриски политики, еколошки и одржлив дизајн, еколошка едукација, циркуларна економија, обновлива енергија и еколошки развој, со крајна цел создавање одржлива еколошка вредност на компанијата.

Приоритет во деловната стратегија на АЛКАЛОИД АД Скопје е создавањето поздрава животна средина за заедницата, што го постигнуваме преку примена на најновите достигнувања во областа на одржливиот еколошки развој, преку одржување на системот за управување со животната средина како дел од интегрираниот менаџмент систем, преку поставување одржливи еколошки цели, преку клучни мерни индикатори и преку воспоставување на GRI-стандардите како рамка на ESG известувањето.

Воспоставените практики за управување со аспектите на животната средина, тимската работа и несебичното вложување на секој вработен се основните карактеристики за градење одржлив систем за управување со животната средина и за здрава животна средина за сите нас.

При сите наши активности настојуваме да ги подобриме перформансите за заштита на животната средина првенствено преку:

- производство на сопствена обновлива енергија;
- промовирање на енергетската ефикасност во сите активности и процеси;
- континуирана примена на добрите практики за управување со отпадот;
- избегнување, намалување, повторна употреба и рециклирање на отпадот;
- инкорпорирање на еколошкиот пристап во развојот на производите;
- следење и практична примена на најновите иновации во областа на управувањето со водните ресурси, заради постигнување поефикасно управување со потрошувачката на вода;
- следење и практична примена на најновите иновации во областа на енергетската ефикасност, како и на транспортните и на производствените системи, како начин за подобро постигнување климатска неутралност.

## Усогласеност со законска регулатива

Воспоставениот систем за животна средина, преку своите клучни елементи: управување со аспектите на животната средина, цели и програми за подобрување, обуки од областа на животната средина, промени од областите на животната средина, реагирање при еколошки инциденти, набљудување и мерења влијанија врз животната средина, како и интерни и екстерни проверки на системот, е усогласен со законската регулатива, со применетите стандарди и со другите барања што ги прифатила организацијата.

Клучните елементи и подобрувањата на системот за управување со животната средина, мониторингот на влијанијата и на усогласеноста со националната законската регулатива, проектите за подобрување на перформансите на животната средина, како и реализацијата на одржливите еколошки цели и клучни мерни индикатори за 2022 година, се презентирани во ESG Извештајот во точка III. Животна средина.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Бизнис-опкружување и иден развој

# Фармација

## Свет на постојани промени

Иако во 2020 и 2021 година очекувавме да се прилагодиме на КОВИД-19 опкружувањето и на „новата нормалност“, очекувајќи дека 2022 година ќе биде година на закрепнување, годината донесе нова светска криза. Немавме друг избор освен да се прилагодиме на новите светски околности. Алкалоид со гордост може да каже дека заради својата флексибилност и брзиот процес на одлучување, успеа да оствари огромен успех во 2022 година. Успеавме да се справиме со опкружувањето кое постојано се менуваше и со секојдневните предизвици кои бараа креативно размислување и решенија.

И покрај светската енергетска криза придружена со инфлација, покажавме отпорност и цените на нашите производи на рецепт ги задржавме непроменети. Иако не сме вертикално интегрирани и за API и суровини зависиме од надворешни добавувачи, успеавме да ја задоволивме побарувачката за нашите готови производи и избегнавме поголеми залихи. Дури успеавме да ја задоволиме и зголемената побарувачка на пазарот за есенцијални лекови, кои некои од поголемите фармацевтски компании не ги испорачуваа континуирано на нашите B2C пазари.

Многумина сметаат дека управувањето со таленти претставува сè поголем проблем кај компаниите ширум светот, но, ние со гордост можеме да кажеме дека успеавме да го задржиме талентот во нашиот систем, со релативно ограничен одлив на вработени и без речиси никаков одлив кај клучните позиции. Дури успеавме и да привлечеме врвни таленти во Групацијата Алкалоид во 2022 година. Ова успеавме да го постигнеме затоа што работевме на внесување на нашите корпоративни вредностите во ткивото на секојдневниот живот на компанијата, што придонесе нашите вработени да бидат задоволни и мотивирани. Иако годината беше полна со предизвици, во 2022 година Алкалоид основаше подружница во Романија и започна со своето B2C работење на пазарот.

# Нашиот развој во иднина

Нашата стратегија не се менува значително низ годините. Наша цел е да ја задржиме својата независност и да се концентрираме на извонредност во маркетингот и продажбата и во градењето на генерички бренд на B2C пазарите. Независноста ни овозможува да бидеме флексибилни и брзи, што е неопходно за донесување брзи одлуки. Нашата стратегија главно се базира на B2C, но и растот на B2B е усогласен со растот на компанијата, а Алкалоид е почитуван давател на лиценци и добавувач на најголемите генерички компании ширум светот.

Ќе продолжиме да го шириме нашето B2C присуство во брендираниот генерички свет, но ќе инвестираме и во диференцирање на нашето портфолио во сегменти со помалку регулирани цени кои можат да бидат брендирани во B2C. Не се ограничуваме во иднина да се потпираме само на органски раст, туку гледаме и кон преземањата и спојувањата како на алатка за стекнување на стратешко портфолио, а не како стратегија за зголемување на пазарниот удел на Алкалоид.

Неодамнешната инвестиција во производниот капацитет за цврсти дозирани форми ќе го удвои постоечкото производство, што ќе ни овозможи да произведуваме производи со различна технологија од онаа што денес ја користиме, што на крајот ќе го забрза развојот на нови производи, поради пилот просторот и опремата што ни се на располагање.

Како што наведовме претходно, постојано инвестираме во тековни и идни проекти за поддршка на личниот и професионалниот развој на нашите колеги. Како земја што сè уште е во процес на ЕУ интеграција, немаме друг избор освен да бидеме конкурентни како посакуван работодавач за да се спротивставиме на одливот на мозоци на фармацевти, хемичари и технолози кои дипломираат на локалните универзитети.

# Истражување и развој

Заради брзо искористување на новите капацитети и поддршка на идниот деловен раст, нашето истражување и развој мора да го максимизира производството на внатрешното портфолио. Постојано инвестираме во нови знаења и најдобри практики од врвни експерти за истражување и развој и зголемување на техничките и процесните знаење на нашите експерти за истражување и развој. Постојано ги подобруваме процесите, вклучително и со користење на QBD концептот за развој на нови формули и воведување на нови софтвери и алатки за пократки временски рокови при реализација на проектите

Со задоволство можеме да заклучиме дека порастот на нашето генеричко производство од истражување и развој го следи растот на компанијата во последните пет години. Стапката на нашето идно петгодишно генеричко производство од истражување и развој треба се удвои во споредба со претходните пет години. Овие очекувања се реални и се засноваат на проектното мапирање на нашите тековни развојни проекти, бидејќи ако се изземат регулаторните процедури, генеричкиот фармацевтски развој обично трае неколку години.

Во моментов во тек се регулаторни процедури со нашиот прв лек со додадена вредност (VAM) во различни европски земји и во ОК. Исто така, развиваме и нови вакви производи за да имаме доволно диференцирано производство кое во иднина ќе биде погодно за пазарот во САД. Нашата цел не е американскиот масовен генерички пазар, туку сегментот со додадена вредност и вредно работиме на тоа.

Во 2022 година, нашиот тим за истражување и развој се зголеми за 13 нови вработени.
Нашите инвестиции во истражување и развој




АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

# Хемија, козметика, билка

Во Профитниот центар хемија, козметика и билка, 2022 година ја одбележаа предизвиците во синџирот на снабдување и порастот на цените на енергијата и стоките што се користат за производство. Сепак, преку постојана комуникација и одлично планирање продолживме по патот на раст во сите три оддела.

Во одделот Козметика, годината ја одбележа зголемено производство на влажни марамчиња од двата домашни бренда, како и потпишување договори и отпочнување активности за аутсорсирање на производството на некои од најголемите локални ланци на супермаркети. Иако се соочивме со предизвиците на помала куповна моќ на регионалното население и зголемување на цените на влезните производи и оперативните трошоци, продажбата порасна во согласност со очекувањата во повеќето сегменти на одделот Козметика.

Во 2022 година започна со работа нова најсовремена лабораторија за контрола на квалитетот за подобрување на целиот процес во одделот Козметика, стремејќи се кон одржување на супериорен квалитет на производите пласирани на пазарот.

Во одделот Хемија заврши изградбата и започна со работа новиот најсовремен објект за производство и полнење на раствори за хемодијализа. Овој капацитет не само што дава обезбедува поголем капацитет, туку и докажува дека Алкалоид е посветен на постојано подобрување на производните процеси и процедури.

Во одделот Хемија, во тек се нови проекти со реномирани светски компании за развој на нови производи со висок потенцијал за продажба.

Во 2022 година, продажбата во одделот Хемија порасна и покрај пониските нарачки од традиционалните партнери предизвикани од економскиот пад и намалената продажба на средства за дезинфекција кои ги одбележаа 2020 и 2021 година.

2022 година означи општ пораст на продажбата во одделот Билка и на домашниот и на меѓународниот пазар, особено на пазарот во САД. И покрај предизвиците во набавката на материјали со врвен квалитет и пораст на цените на суровините и на оперативните и транспортните трошоци, одделот Билка се покажа како агилен сегмент и добро реагираше на барањата на пазарот. Ова се постигна со огромен напор од сите сегменти вклучени во работењето на одделот Билка.

# Снабдување

Годината 2022 започна со надеж и со реални предвидувања за закрепнување на бизнисот и на синџирот за снабдување на компанијата од последиците од неколкугодишната пандемија. Но, уште на почетокот на 2022 година дојде до повторно сериозно разнишување на синџирот за снабдување. Затворањето на границите, воведувањето ембарго и прекинот на испораките на енергенси доведоа до недостиг и до енормен раст на цените на енергенсите кои се основен двигател на економијата. Следствено на тоа, недостигот на енергенси и високата цена многу бргу доведоа до огромни покачувања на цените на сите суровини и други влезни материјали и на транспортните услуги, па така реално ја оптоварија цената на готовиот производ.

Периодот се карактеризираше со секојдневно анализирање на ефектите од покачените цени, со одложување на датумите за испорака, со утврдување стриктни годишни количини дозволени/договорени за нарачка, без можност за корекција според реалните потреби, и сл.

Цените на енергенсите го достигнаа максимумот во третиот квартал на 2022 г. и оттогаш се во континуиран пад кон релативна стабилизација, која се достигна кон крајот на годината. Во тој период се забележаа умерен пад и корекции на цените на некои материјали и заедно со стабилизацијата на пазарот на материјали се дојде до можност за добивање појасна слика и пореални предвидувања на активностите во иднина. Во сиот кризен период нашиот производствен процес и активностите не беа погодени благодарение на навремената реакција, искуството на вработените и на брзото приспособување на новонастанатите глобални услови на светските пазари.

За издвојување е состојбата на пазарот, односно недостигот од картон за секундарна амбалажа, што предизвика застои во производствените процеси кај многу компании низ светот. Тимот на АЛКАЛОИД АД задолжен за таа проблематика презеде повеќе мерки, меѓу кои и детално планирање на потребите за картон сведени до единица амбалажа, а во корелација со форматот и со граматурата на потребната амбалажа.

Во текот на 2022 г. во четирите погонски целини и во нивните магацини беа извршени приближно 18.000 операции за прием на репроматеријали од сите типови и групи на материјали или нешто помалку од 750 мил. единици влезен производ.

Од нив приближно 200 мил. од типот суровини за производство, 470 мил. амбалажни единици, 20 мил. готов производ и приближно 5 мил. единици резервни делови и опрема.

# Транспорт

Во 2022 година порастот на трошоците за транспорт, најавите за подолги рокови на испорака, одложените рокови, доцнењето на испораките и промените во транспортните рути како предизвици бараа значително вложување и посветеност за оптимизирање на ризиците. Службата Транспорт успеа во своето успешно пресретнување и избегнување поголеми ефекти врз тековното оперативно работење, благодарение на тимскиот напор и на поддршката од своите соработници.

За овие потреби биле ангажирани 12.201 возило од различни транспортни типови, од кои 54 % од сите користени возила за таа цел се возила во сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје, со минимални 1 % неискористени волумени/капацитети.

# Инвестиции

Во период на голема непредвидливост и неизвесност и во услови на енергетска криза и на екстремни варијации на цените на енергенсите, а преку нив и на голем дел од суровините, но и на материјалите во градежништвото, АЛКАЛОИД АД продолжи истрајно и храбро и со засилено темпо да инвестира и да создава во сите сфери од производственото портфолио. Големите инвестициски проекти не се ограничени на календарскиот крај на годините, туку имаат својата динамика на реализација повеќе години.

## Унапредување на технолошките процеси, нови производствени погони, лаборатории и магацински простори

За потребите од перманентен раст и развој и од следење на трендовите и на најновите достигнувања во сферата на фармацијата, во 2022 година започнаваме со еден од најголемите и најзначајни инвестициски зафати во последниве десет години – изградба на нов производствен погон за фармација **за производство на цврсти форми и на фармацевтски препарати**. Во текот на 2021 година се работеше на подготовка на проектната документација, а во 2022 г. започна реализацијата на 2.000 м2 чист простор, во целост според највисоките стандарди за фармацевтско производство, законските регулативи во ЕУ и според ГМП-прописите. Опремувањето на просторот со технолошка опрема се одвива постепено. Во 2022/2023 година ќе се комплетира во една технолошка целина составена од две технолошки линии за влажна гранулација, три опреми за мешање и за хомогенизирање, една машина за таблетирање и од машина за миење на процесните садови и буриња, а потоа ќе настапи и целосно опремување на просториите за складирање и со друга ситна опрема.

Планираната вредност на инвестицијата е 6.000.000 евра, од кои **досега се реализирани околу 4.000.000 евра**. Кон овие вредности треба да се додаде и вредноста на новата производствена опрема, за што во 2022 г. се инвестирани **3.700.000 евра**. Со инвестициската активност, која се очекува да заврши во 2023 година, повеќекратно ќе се зголемат прозводствените капацитети и ќе се создаде потенцијал за долгорочен континуиран раст на продажбите, а, секако, и за нови вработувања.

Паралелно се реализира уште еден голем проект – изградба на **нов објект во Производство – фармација со намена за централни гардеробери**, решение со кое треба да се обезбедат повеќе од 900 гардероберни места за вработените во делот за производство – фармација. Централните гардеробери ја претставуваат првата алка во синџирот на производствените услови ГМП. Првиот чекор при влез во производствените погони започнува во централните гардеробери. Објектот е со вкупна површина од 4.000 м2 – подрум, приземје и 4 ката со технички катови над секој кат – и ќе ги обезбеди неопходните придружни содржини за исполнување на комплетноста на ГМП-прописите во растечките производствени капацитети. Планираната вредност на овој проект е 4.000.000 евра, од кои **досега се реализирани околу 1.600.000 евра**.

АЛКАЛОИД АД е компанија со 86-годишна историја, која ние вработените сакаме и треба да ја чуваме за нас и за идните генерации. За таа цел, на 4. кат од овој објект е планирана изведба на музејски простор на АЛКАЛОИД АД, кој ќе сведочи за традицијата на нашата компанија.

Континуираното зголемување на производствените капацитети неминовно ја наметнува потребата од соодветни придружни содржини. Во 2022 година заврши првата **фаза од реализацијата на проектот „Складишта – фармација“** со производствен дел, логистика и со оперативна администрација. Во првата фаза од проектот се обезбеди простор од **1.200 м2 за магацинот за суровини и за репроматеријали за фармација**. Новиот магацин претставува современо и безбедно решение и е изведен во согласност со препораките на добрата производствена пракса за магацинско работење, законските прописи за чување фармацевтски производи и со директивите на системот за обезбедување квалитет. Во неговата изградба и во опремувањето АЛКАЛОИД АД Скопје **вложи 1.000.000 евра**.

Со реализацијата на првата фаза од комплексниот проект за магацини – фармација целосно го решаваме управувањето на студениот синџир од прием на суровина до испорака на лек за веледрогериите и за крајните корисници. Во магацинот е обезбеден простор за вкупно 800 палетни места, суровини, кои треба да се складираат во согласност со однапред дефинираните услови во врска со температурата и со влагата. Бараните услови се обезбедуваат со најсовремен HVAC-систем, ладилни комори, спринклер-систем за гасење пожар, како и со машини за хоризонтален и за вертикален транспорт. За операторите во магацинскиот простор оформени се канцелариски простории со придружни содржини.

Со вложување **додатни 300.000 евра**, во согласност со проектираното сообраќајно решение за фабричкиот круг, изведени се нови сообраќајници, со кои се овозможува непречена и безбедна комуникација меѓу новиот магацин и постојната инфраструктура. Покрај тоа, обезбедени се и нови паркирни места за вработените.

Во однос на циклусот инвестиции на локалитетот во Ѓорче Петров, тимот на Инвестиции на АЛКАЛОИД АД Скопје во 2020 година започна со проектирање, а во 2021 година со изградба и со опремување на **фабрика за производство на концентрати за хемодијализа, со потребните магацински простори за суровини, амбалажа и за готови производи**. Инвестицијата, која е завршена во 2022 година, опфаќа 2.600 м2 внатрешен простор, од кои 500 м2 се производствен дел, а 2.100 м2 магацински простор, во целост според ГМП (добра производствена пракса), стандардите и според законските барања за производство на медицински средства и за обезбедување на системот на квалитет. За реализација на оваа инвестиција АЛКАЛОИД АД Скопје **вложи 1.800.000** евра. Фабриката е дизајнирана и изведена на тој начин што се овозможува непрекинато еднонасочно движење на амбалажата, суровините и на готовиот производ. Самиот производствен дел е составен од три целини: подготовка на концентрати за хемодијализа со третман и со производство на прочистена вода и пакување на растворите. **Со оваа инвестиција производствените капацитети се зголемени за двапати во однос на досегашното производство, а притоа се задоволени сите европски стандарди, придонесено е за зголемена безбедност и квалитет во работењето и е отворена можноста за иден развој и за збогатено портфолио на производи од сличен тип**.

Неопходно е современото производство да биде проследено со соодветни капацитети за контрола на квалитетот на производите во сите фази на процесот. За таа цел, почнувајќи од 2021 и во текот на целата 2022 година се одвива целосна **реконструкција и опремување на Институтот за контрола на квалитет и за развој – хемија**. Досега се **вложени 500.000 евра**. Притоа, извршени се градежна реконструкција на просторот и снабдување со нова лабораториска опрема за микробиолошката лабораторија, инвестиција која значи напредок во работањето за целата организациска групација Хемија, козметика и билка. Исто така, реновирана е и доопремена равојната лабораторија за сегментот хемија. Со завршување на делот за контролна лабораторија – хемија во 2023 година сиот објект ќе добие осовременета содржина, комплетирана со нова опрема.

Минатата година се реализираа и изведувањето и целосното опремување на **нови лаборатории за контрола на квалитет, истражување, развој и за регистрации**. Тие се организирани на простор од 400 м² **во производствениот сегмент за козметички производи** на локалитетот во Ѓорче Петров. Добро познатите брендови на „Алкалоид“ Becutan, Sattwa, Young derm, Black up и Gloss, произведени со примена на строгите принципи за добра производствена и лабораториска пракса, отсега ќе добијат нови лабораториски капацитети за контрола и за следење на нивниот квалитет, како и за развој на нови производи, во согласност со важечките национални и интернационални регулативи. Со овој **инвестициски проект, вреден 720.000 евра** и изведен во согласност со најсовремените услови за работење, обезбедени се просторија за лабораториско работење, просторија за обработка на податоци, просторија за складирање документација, просторија за чување реагенси, просторија за резервни мостри, како и вагална и перална.

Покрај наведените проекти, во текот на 2022 година беа спроведени голем број интервенции од помал обем, во насока на обезбедување нови производствени и работни простории, како и на подобрување на постојните работни услови.

## Инвестиции во задоволството на вработените како дел од компаниското начело „Луѓето пред сè“

Човечкиот капитал и задоволството на вработените, како приоритет за нашата компанија, беа предводник за реализација на повеќе инвестициски проекти од оваа сфера.

Во завршна фаза е реконструкцијата на ресторанот за исхрана на вработените, со акцент врз системот за климатизација и за вентилација, како и врз новото интериерно уредување, линијата на послужување и врз придружната опрема. Станува збор за инвестиција во вредност од околу 220.000 евра, со која е опфатена површина од приближно 400 м2 и со капацитет од 165 места за седење. Со овој проект, покрај безбедно и редовно послужување оброк за вработените, се овозможуваат и удобност и пријатна атмосфера во модерно дизајниран простор за секој вработен.

На задоволство на вработените, изминатата година беа пуштени во употреба неколку соодветно дизајнирани простори за паркирање велосипеди и тротинети на сите три локалитети на АЛКАЛОИД АД Скопје. Во вредност од 14.000 евра, обезбедени се вкупно 140 паркирни места за велосипеди и за тротинети.

Колективниот успех, покрај континуитет во работата, подразбира и квалитетно искористување на времето за одмор. Во изминатиот период, во вредност од 55.000 евра и на површина од 150 m2, оформивме и декориравме катче каде што секој вработен, во пријатна атмосфера, одговорно ќе може да го помине времето наменето за пауза. Просторот е целосно покриен и обезбеден е капацитет од приближно 80 места. Поставени се информативни екрани, озвучување проследено со квалитетен музички избор, автомати за кафе, како и вендинг-машини. Во чекор со светските трендови за зелена енергија, поставени се 3 смарт-клупи, каде што вработените ќе може да ги полнат своите телефони и преносни компјутери користејќи ја сончевата енергија.

# Животна средина, енергија и енергетска ефикасност

Едни од најголемите приоритети во деловната стратегија на компанијата се енергетската ефикасност и грижата за животната средина. Континуираната грижа за енергијата како фундаментален аспект во секој процес, проект, производ и капацитет, уште повеќе во услови на неизвесност за континуирано снабдување и на енормно покачување на цените на енергенсите, резултираше со неколку значајни инвестициски активности со големи финансиски вложувања, кои беа спроведени во 2022 година.

Во рамките на инвестициските активности на АЛКАЛОИД АД Скопје во 2022 година беа набавени и инсталирани 2.697 фотонапонски панели, секој со моќност од 460 Wp, распоредени во 12 објекти на локалитетите во Ѓорче Петров и во Автокоманда. Вкупната инсталирана моќност на овие фотоволтаични централи изнесува 1.240 kWp, со очекувано годишно производство на електрична енергија од приближно 1.500 MWh, односно со потенцијална заштеда од годишно испуштање на 1.000 тони CO2 во атмосферата. Планираната вредност на овој сет инвестициски активности е 740.000 евра.

Исто така, заради намалување на ризикот од нередовно снабдување со електрична енергија, но и од снабдување со електрична енергија со незадоволителен квалитет, во услови на светска енергетска криза, АЛКАЛОИД АД Скопје набави и пушти во употреба четири дизел-агрегати, а дополнително е нарачан уште еден дизел-агрегат. Два од инсталираните агрегати се со моќност од 1.100 kVA, еден е со моќност од 650 kVA, а четвртиот е со моќност од 550 kVA. Петтиот агрегат, кој треба да се инсталира во март 2023 г., е со моќност од 1.100 kVA. Досега се вложени 640.000 евра, со план вкупната вредност да достигне 850.000 евра. Со оваа инвестиција АЛКАЛОИД АД Скопје обезбеди непречено и доверливо напојување со електрична енергија за сите свои производствени капацитети лоцирани на локалитетот во Ѓорче Петров, како и за објектот за производство – фармација на локалитетот во Автокоманда.

# Општествена одговорност

АЛКАЛОИД АД Скопје како успешна компанија несебично ги поддржува содржините што значат правилен развој на општеството во целина, а, пред сè, на младите и со тоа придонесува за поубава сегашност и иднина.
Како дел од инвестициската програма за 2022 година, беше спроведено реновирање и приспособување на еден од ракометните белези на градот – Спортската сала „Автокоманда“. Со овој проект во вредност од 500.000 евра се овозможуваат квалитетни и безбедни услови за спорт и за рекреација на младите. Извршена е внатрешна и надворешна реконструкција на објектот со површина од 1.800 м2, со која се опфатени активности во доменот на обработката на паркетот со специјални нелизгачки бои и лакови, според највисоките стандарди; замена на прозорци и изведба на нова, енергетски ефикасна фасада; реновирање и опремување на гардеробите за сите клубови, како и обновување на машинските и на електричните инсталации. Трибините се обновени и е обезбеден капацитет за приближно 900 посетители, љубители и поддржувачи на спортот. Покрај наведените интервенции, изведени се и професионален аудиосистем и декоративно осветлување.

Шаховскиот клуб „Алкалоид“ постои од 1976 година. Клубот секогаш бил носител на шаховскиот живот во државата преку врвните резултати на своите членови, а последната деценија и со шаховските школи за најмладите. Во 2022 година се опреми и започна со работа нов простор од 140 м2, со две училници, наменет првенствено за едукација на младите од најрана возраст, како и за други шаховски активности.

Инвестирањето во нови производствени капацитети, современа опрема, во изработка на квалитетни проекти, грижа за животната средина и во енергетска ефикасност останува примарна стратешка определба на АЛКАЛОИД АД Скопје и во периодот што следува.

Следењето на најновите трендови во индустријата и во производството на ценовно достапни, квалитетни, ефикасни и безбедни производи, кај кои заштитниот знак на АЛКАЛОИД АД Скопје е синомим за високото ниво на квалитет и на сигурност, е принцип кој е цврсто втемелен во корпоративната политика на компанијата. Развојот на АЛКАЛОИД АД Скопје последнава деценија е осмислен со долгорочен план за инвестициски активности, кој чекор по чекор се реализира секоја година со несмален ентузијазам и со посветеност.

# Човечки ресурси

Одделот за човечки ресурси и во текот на 2022 година успешно ги надминуваше предизвиците со кои се соочуваше, претставувајќи пример за тимски дух и за посветеност, во насока на остварување на зацртаните компаниски цели.

Оваа година алкалоидовото семејство го збогативме со нови 185 вработувања на стручен кадар, кои ќе овозможат нови постигнувања и раст на целата компанија. Останавме посакуван работодавец за кадарот што го привлековме, ориентирани спрема континуиран развој и напредок преку обуките за вработените, како и преку големиот број проекти кои беа новина оваа година.

Меѓу проектите што се реализираа во 2022 година беше континуираното одржување на Проектот за парцијално дуално образование на АЛКАЛОИД АД Скопје, во соработка со СМУГС „д-р Панче Караѓозов“. Реализацијата на тренинг-програмите за оваа намена, како и на програмите за млади таленти се одвиваше во тренинг-лабораторијата во склоп на алкалоидовиот тренинг-центар на нашиот локалитет *Лафома*.

Во однос на практиканството како проект кој континуирано го следиме, оваа година вкупно **53** практиканти беа дел од Програмата за млади таленти.

Системот за управување со таленти го проширивме во повеќе оддели, со тоа што се зголеми бројот на вработените кои поставија цели во рамките на веќе вклучените оддели, а вклучивме и нови ОЕ, како и Алкалоид КОНС, додека, пак, во процесот на оценувањето 180/360 во 2022 година беа оценети повеќе од 400 колеги/вработени. Овој процес го усогласивме и се спроведе и во АЛКАЛОИД ДОО Белград.

Во текот на 2022 год. течеше маркетинг-кампањата „Еден работен ден во АЛКАЛОИД АД Скопје“. Тимот за регрутација, во соработка со Одделот за маркетинг-комуникации, учествува во создавањето содржина за социјалните медиуми, а преку тоа и во афирмацијата на нашите вработени. Во периодот од јануари до декември 2022 година по социјалните медиуми (Facebook, Instagram, LinkedIn) се споделија 12 објави што се однесуваат на совети за интервјуа, како и објави кои се дел од кампањата „Мојот работен ден во АЛКАЛОИД АД Скопје“. Кампањата активно продолжува и во наредниот период.

Од активностите кои беа во насока на грижа за нашите вработени, континуирано се одржуваше и проектот за бенефиции за децата на вработените, како и пакетот за добредојде на нововработените.

Во насока на развој и на дигитализација на процесите, во 2022 година се примени ново софтверско решение за регрутација и за селекција.

## 1. Обука и развој на вработените

Во 2022 година беа реализирани голем број интерни и екстерни обуки во насока на надградуваање и на унапредување на знаењата, вештините и на компетенциите на вработените. Просечно секој вработен поминал **121** час обука, а просечниот износ на трошоците за обука од вработен изнесувал **9.492,39** денари.

## Часови обука и трошоци по вработен во Алкалоид АД Скопје




За нововработените колеги продолживме да ги организираме обуките во согласност со менторските и со развојните програми, кои ги следевме и ги ажурираме во согласност со тековните потреби на бизнисот, иако се соочувавме со голем број предизвици поврзани со актуелната пандемиска ситуација.

# 2. Систем за управување со таленти (СУТ)

Во рамките на Системот за управување со таленти во 2022 година фокусот беше ставен врз развојот, унапредувањето на системот и врз проширувањето на бројот на вработените вклучени во него.

## Оценување на ефектот за 2021 година и поставување цели за 2022 година

Оценувањето на ефектот за 2021 година заврши заклучно со март 2022 година. Вкупно 322 вработени поставија годишни цели за 2022 година, што претставува 36,97 % од вработените со високо образование (за кои е предвидено да постават годишни цели).

**Број на вработените кои поставија цели за 2022 г., оцени за ефектот за 2021 г. и кариерен и развоен план за 2022 г.**



## Повратна информација 180/360

Во периодот од 2 до 16 ноември 2022 година беше спроведено оценувањето 180/360. Во овој циклус беа оценувани 410 вработени, што претставува зголемување од 78 % на оценувани вработени во однос на спроведеното оценување во 2021 година.

Оценувањето се спроведе по електронски пат за вработените кои имаат ел. пошта и со помош на хартиени прашалници за вработените кои немаат ел. пошта.







## Повратна информација за вработените кои не поставија годишни цели

Во 2022 година беа направени ревизија и дополнување на постојниот образец за повратна информација и за бихејвиорални индикатори. Во 2021 година во овој процес 154 вработени добија повратна информација, додека, пак, во циклусот кој е во тек, а кој се однесува на ефектот од 2022 година, предвидено е 330 вработени да добијат повратна информација, што претставува предвидено зголемување од 114 %.

Процесот на давање повратна информација за сите вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје се одвива во текот на јануари 2023 година, по што ќе се добие реалниот број на вработени кои добиле повратна информација за 2022 година.

## Усогласување на активностите од СУТ со годишните планови за обуки

Започнувајќи од 2022 година направена е промена во процесот на креирање на годишниот план за обуки, со цел негово усогласување со процесот за давање годишна повратна информација, односно, врз основа на развојните активности наведени во кариерните и развојни планови, ќе се креираат годишните планови за обуки, кои ќе се реализираат во текот на 2023 година

## Унапредување на системот за поставување и за каскадирање на компаниските цели

Поттикнати од потребата за усогласување на стратешкото планирање во рамките на АЛКАЛОИД АД Скопје, со поставување и со мерење на годишните цели на секторите/одделите и на ефектот на вработените, работна група составена од вработени од одделите Финансии, Општи работи, Човечки ресурси, Обезбедување квалитет и Внатрешна ревизија работеше на усогласување на овие процеси.

## Спецификација за потреби на корисници (УРС) за софтвер за талент-менаџмент

Во првото полугодие од 2022 година беше изработен иницијален документ УРС за талент-менаџмент. Изработениот документ беше споделен и усогласен со работната група составена од претставници од ОЕ Обезбедување квалитет, ОЕ Финансии, од ОЕ Внатрешна ревизија, ОЕ ИТ и Т и од ОЕ Општи работи.

## Систем на наградување

Одделот за човечки ресурси, заедно со ОЕ Финансии и со ОЕ Правна служба, учествуваше во креирањето на политиката за наградување на вработените, раководните лица и на членовите на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во текот на 2022 година беа преземени активности за ревизија на матриците за годишно наградување на вработените и за креирање методологија за наградување на вработените од Продажби фармација – Македонија.

## Систем на наследници

Во согласност со поставените цели за 2022 година, беше изработен иницијален план за креирање систем на наследници, чија цел е препознавање на потенцијалните наследници за клучните позиции во компанијата и креирање бази на потенцијални наследници.

Во таа насока, во август 2022 г. беше спроведен процес за процена на компетенциите на потенцијалните наследници за раководните позиции во погон – козметика.

## Усогласување на процесите од областа на човечките ресурси со АЛКАЛОИД ДОО Белград

Во текот на 2022 година се презедоа повеќе активности за усогласување на процесите од областа на човечките ресурси во АЛКАЛОИД АД Скопје со процесите од областа на човечките ресурси во АЛКАЛОИД ДОО Белград. Тие вклучуваа обука за начинот на поставување годишни цели на вработените и за мерење индивидуален ефект; обука за давање повратна информација за вработените кои поставуваат цели и за вработените кои не поставуваат цели; ревизија и повратна информација за подготвените материјали за обуките од областа на меките вештини кои се спроведуваат во АЛКАЛОИД ДОО Белград; обука и поддршка за спроведување на истражување за задоволството на вработените и обука и поддршка за спроведување на оценувањето 180/360.

## Истражување за задоволството на вработените

Врз основа на резултатите од истражувањето за задоволството на вработените, спроведено во 2021 година во АЛКАЛОИД АД Скопје, беше подготвена листа на наоди/предлози за подобрување, од кои дел беа избрани како примарни и за нив беа изработени акциски планови од соодветните организациски единици.

Одделот за човечки ресурси работеше на исполнување на следните акциски планови: програма за развој на раководители (вклучуваше реализација на тренинг-матрица за Производство – фармација (реализација од 80,35 %) и реализација на кариерните и развојни планови на раководителите), меѓуодделенска соработка (организација на активности за тим-билдинг), поставување екрани/телевизори (работната група ги дефинираше позициите на кои беа поставени екраните), кариерен напредок и повратна информација (проширување на бројот на вработените во рамките на СУТ), како и разработка на систем за менторство во дуалното образование и во практичната обука (сите ментори добија соодветна обука, а изработен е и СОП за наградување ментори за дуално образование и за практична обука)

Во текот на 2022 година беа спроведени две истражувања за задоволството на вработените во подружниците на АЛКАЛОИД АД Скопје. Имено, беа спроведени истражувања за задоволството на вработените во АЛКАЛОИД ДОО Белград и во АЛКАЛОИД ДОО Сараево, користејќи го прашалникот што се користеше при истражувањето за задоволството на вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје.

# 3. Програма за млади таленти – практикантство 2022 година

Процесот на селекција за избор на нова генерација практиканти започна со спроведените индивудални интервјуа во ОЕ Човечки ресурси. Учесници во процесот на селекција во ОЕ Човечки ресурси: Тане Мургоски, Тамара Купрешанин и Јана Величковска. Дополнително се спроведоа и групни интервјуа заедно со раководителите на одделите за кои се предвидени практикантите од ВСС.




Вкупниот број од **39 (триесет и девет) практиканти** со ВСС за 2022 година беше распореден во наведените оддели, што е прикажано на графичкиот приказ.



Во Програмата за практикантство на АЛКАЛОИД АД Скопје за летото 2022 година беа вклучени четири високообразовни институции од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, и тоа: Фармацевтскиот факултет – Скопје, Институтот за хемија при ПМФ – Скопје, Технолошко-металуршкиот факултет – Скопје и Медицинскиот факултет – Скопје, како и Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Оваа година дополнително им се даде можност и на студентите од другите образовни институции. Конечниот избор на студенти од образовните институции, во согласност со завршениот процес на селекција, е прикажан на графичкиот приказ. Најголем број практиканти (17) се од Фармацевтскиот факултет – Скопје при УКИМ.

**Број на студенти од образовни институции**




Вкупниот број на добиени апликации од огласот е **111**. Во долниот графикон тие се поделени по образовни иституции.

**Број на апликации по образовни институции**



Дополнително, во согласност со барањата од ОЕ во АЛКАЛОИД АД Скопје, 14 практиканти од ССС беа дел од Програмата за млади таленти. Во наредните два графикона се претставени одделите каде што се обучуваа практикантите, како и образовните институции од каде што доаѓаат.

**Број на ССС практиканти по оддели**




**Број на ССС практиканти од образовни институции**



## 4. Парцијално дуално образование

Во текот на јули 2022 година заврши првата учебна година за првата генерација ученици на смерот Фармацевтски техничар во фармацевтската индустрија, според парцијално дуалното образование, во соработка со СМУГС „д-р Панче Караѓозов“ – Скопје. Во септември 2022 година тековно продолжи образованието во четврта година за постојната паралелка, но започна со настава и новата генерација на ученици во трета година (2022/2023), која вкупно брои 22 ученика.

## 5. Спорт, здравје и добросостојба

Традиционално и во 2022 година алкалоидовци учествуваа на 18-тиот по ред Скопски маратон „Wizz Air“. Од вкупно 459 вработени натпреварувачи, 374 се натпреваруваа во трката на 5 км, 52 тркачи на полумаратонската трка, 5 натпреварувачи на маратонската трка и 28 натпреварувачи на штафетната трка.

Вработените кои беа дел од Скопскиот маратон „Wizz Air“ покажаа дека тимскиот дух е подеднакво важна движечка сила како на работното место така и во другите животни сфери.

# 6. Грижа за вработените

Како општествено одговорна компанија која во континуитет се стреми кон воведување новитети во работењето и во делот на грижата за вработените, и оваа година, покрај Проектот за добредојде на нововработените, кој како пакет вклучува Прирачник за нововработени и Код за етичко и деловно однесување, како и брендирани производи, како на пример мини нотес, пенкало, USB, врвка за легитимација, приврзок за клучеви и чаша за кафе/чај, кои се во духот на заживувањето на нашите клучни компаниски вредности, продолжува и Проектот за бенефиции за децата на вработените, преку финансиска партиципација во износ од 1.000 денари од дете на вработен на месечно ниво, наменети за доедукација од областите на странските јазици, курсевите за компјутери и на спортските и рекреативни активности, како и на активностите од областа на науката и на културата во текот на целата учебна година.

Позитивниот повратен одговор од вработените, вклучувајќи го и бројот на реализирани пријави, е доказ за успешното воведување на Проектот, преку кој уште еднаш ја претставуваме грижата за вработените и за идните генерации, за чиј развој и едукација се заложуваме.







Со оглед на промените во стапката на инфлација и движењето на трошоците за живот, во текот на 2022 година во два наврати е донесена одлука за зголемување на нето вредноста на бодот преку кој се изразува бруто-платата на вработените. Првиот пат реализирано е покачување на вредноста на бодот за 5% почнувајќи со платата за месец јануари 2022 година а вториот пат покачувањето е за нови 6% со примена од платата за месец јули 2022 година. Во март 2022 година со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје одобрен е и исплатен регрес за користење годишен одмор за вработените во компанијата во висина од нето износ од 30.000 денари.

Во декември 2022 Управниот одбор по повод новогодишните и божиќни празници, одобри исплата на новогодишен надоместок за вработените во нето износ од 31.000 денари.

Грижата за здравјето на вработените и инвестирањето во ефикасна и квалитетна здравствена заштита е дел од нашата организациска култура, затоа што ЗДРАВЈЕТО е пред сè. Во таа насока, во 2022 година АЛКАЛОИД АД Скопје го продолжи доброволното приватно здравствено осигурување за своите вработени, чија полиса е со важност и во претстојната 2023 година.

# 7. Регрутација и селекција

Процесот на регрутација и на селекција и оваа година продолжи со засилено темпо, следејќи ги континуираниот раст и развој на компанијата и потребите од амбициозен и од квалификуван кадар од различни образовни профили.

Ги задржавме виртуелните интервјуа, кои се покажаа како безбеден и како ефикасен начин за пополнување на работните места, притоа не правејќи компромис во одржувањето на квалитетот на селекцијата.

Значајно е што оваа година се реализираше проектот за примена на нов софтвер за регрутација, кој имаше цел дигитализација на процесот на регрутација и на селекција, почнувајќи од годишното планирање кадар, па сè до неговото реализирање и до креирањето нова интернет-апликација на корпоративната веб-страница на АЛКАЛОИД.

Во текот на годината беа спроведени и голем број активности за промоција на брендот АЛКАЛОИД како потенцијален работодавец, преку учества на саеми и на настани за вработување и за кариера, преку спроведување на маркетинг-кампањата „Еден работен ден во АЛКАЛОИД АД Скопје“ и преку учество на 7. Конгрес за фармација – Охрид, со посебен штанд за кариера, каде што се промовираа можностите за вработување во АЛКАЛОИД.

Изминатата 2022 година ја завршивме со следнава состојба на бројот на вработени:

**Состојба на бројот на вработени (31.12.2022 година)**

| ПЦ/ОЕ | Број на вработени |
|---|---:|
| Фармација | 1050 |
| Хемија | 72 |
| Козметика | 112 |
| Билка | 56 |
| Продажби – Хемија, козметика, билка | 27 |
| Администрација ХКБ | 2 |
| Корпоративни служби | 656 |
| **ВКУПНО АЛКАЛОИД АД Скопје** | **1975** |

АЛКАЛОИД АД Скопје е компанија која континуирано вложува во унапредувањето на квалификациската структура на вработените. Убедени сме дека само образован и обучен кадар може да одговори на реализацијата на стратешките цели и определби на компанијата.

Од вкупниот број вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје, 872 вработени поседуваат квалификации на универзитетско ниво на образование.

Просечна возраст од структурата на нашите вработени

| | |
|---|---|
| **Просечна возраст во АЛКАЛОИД АД** | **38 години** |

Бројот на вработени во изминатите години бележи постојан раст.

**Број на вработени Алкалоид АД Скопје по години**




Изминатата 2022 година ја завршуваме со **185** нови вработувања во земјата.

| Новоразработени во АЛКАЛОИД АД по ПЦ/ОЕ | Број |
|---|---|
| Фармација | 88 |
| Хемија | 5 |
| Козметика | 27 |
| Билка | 10 |
| Продажби – ХКБ | 1 |
| Корпоративни служби | 54 |
| **Вкупно Алкалоид АД Скопје** | **185** |

Програмата за практиканство, како и изминатите години така и оваа, се покажа како ефикасен модул за привлекување и за вработување таленти.

Од вкупниот број нововработени во АЛКАЛОИД АД Скопје, 9,2 % се вработени преку оваа програма.

**Вработување преку практиканство**




Број на вработувања преку практикантството споредено со минатата година

**Споредба на вработување преку практиканство**



# Одржлив развој

## Животна средина, општествени прашања и управување (Environmental Social Governance - ESG)

АЛКАЛОИД АД Скопје, како глобална компанија, секогаш работи во насока на следење и имплементирање на светските трендови за унапредување на доброто корпоративно управување, и слободно можеме да истакнеме дека АЛКАЛОИД АД Скопје е пионер во промоцијата и имплементацијата на светските трендови и стандарди за добро корпоративно управување во Република С. Македонија.

Токму поради тоа, АЛКАЛОИД АД Скопје, во 2022 година, ја постави како стратешки императив и приоритет имплементацијата на Environmental, Social and Governance (ESG) стандардите за интеграција и известување. Во изминатата година се превземаа голем број внатре-компаниски активности за имплементацијата на ESG во работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје. Се оформи ESG Одбор, кој ја превзема одговорноста за воспоставувањето и примената на ESG во компанијата, се донесоа голем број на внатрешни акти кои го систематизираат работењето на сите сектори согласно ESG барањата, се направија неколку истражувања преку кои се добија повратни информации од заинтересираните страни на компанијата (акционери, вработени, потрошувачи), а се со цел, изработка и промоција на првиот компаниски ESG извештај за 2022 година.

Ние како компанија, во наредниот период ќе продолжиме со активности кои ќе резултираат со исполнување на нашите стратегии за одржливост и ESG, и целосно ја прифаќаме нашата одговорност за креирање на одржлива иднина. Истовремено, а преку имплементацијата на ESG во нашето работење, ќе овозможиме и понатамошно задржување на нашите вработени и понатамошно привлекување на други таленти, ќе ја зголемиме нашата ефикасност во работењето и ќе продолжиме со зајакнување на довербата со нашите заинтересирани страни.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Единечен финансиски извештај за работењето

## КЛУЧНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

| Во 000 МКД | Износ 2022 | Износ 2021 | Индекс 22/21 |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 11.564.455 | 10.016.206 | 115 |
| Продажби | 10.538.230 | 9.559.755 | 110 |
| Бруто-профит | 4.116.074 | 3.816.583 | 108 |
| Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (**ЕБИТДА**) | 2.381.036 | 2.190.776 | 109 |
| Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (**ЕБИТДА** маржа) (во %) | 22,6% | 22,9% | 99 |
| Оперативен профит | 1.549.398 | 1.404.592 | 110 |
| Профит пред оданочување | 1.533.128 | 1.387.842 | 110 |
| Нето-профит | 1.411.543 | 1.281.406 | 110 |
| Вкупно средства | 16.224.977 | 14.659.315 | 111 |
| Капитал | 12.230.770 | 11.437.967 | 107 |
| Нето паричен тек | - 205.093 | 122.749 | - |
| Вложувања во основни средства | 1.451.558 | 1.170.331 | 124 |
| Број на вработени | 1.975 | 1.898 | 104 |
| Продажби по вработен | 5.336 | 5.037 | 106 |
| | | | |
| Тековен коефициент | 1,96 | 2,34 | 84 |
| Долгорочна задолженост | 4,6% | 5,8% | 80 |
| **РОЕ** – враќање на капиталот | 11,93 | 11,57 | 103 |
| **ЕПС** – заработка по акција (во денари) | 1.004,3 | 911,7 | 110 |
| Вкупен број на акции | 1.431.353 | 1.431.353 | 100 |
| | | | |
| **1 ЕУР/1 МКД (просек)** | 61,6219 | 61,6275 | 100 |

## СЕЛЕКТИРАНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

| | Износ 2022 | Износ 2021 | (Во 000 ЕУР) Индекс 22/21 |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 187.668 | 162.528 | 115 |
| Продажби | 171.014 | 155.122 | 110 |
| **ЕБИТДА** | 38.639 | 35.549 | 109 |
| **ЕБИТ** – заработка пред камати и даноци | 25.144 | 22.792 | 110 |
| Нето-профит | 22.907 | 20.793 | 110 |
| **ЕПС** – заработка по акција | 16,30 | 14,79 | 110 |

## 1. Општи податоци

АЛКАЛОИД АД Скопје е акционерско друштво основано и со седиште во Република Северна Македонија. Адресата на друштвото е бул. „Александар Македонски" бр. 12 Скопје

**Основната дејност** на АЛКАЛОИД АД Скопје е производство на фармацевтски, хемиски и на козметички производи, како и на производи од билно потекло. Покрај основната дејност, АЛКАЛОИД АД Скопје, во согласност со уписот во надлежниот регистар, може да извршува и трговија на големо и надворешно-трговски промет со прехранбени и со непрехранбени производи.

**Претежна дејност** е производството на фармацевтски производи.

Акциите на АЛКАЛОИД АД  Скопје котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година.

Годишниот извештај на АЛКАЛОИД АД Скопје е изготвен во согласност со Законот за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018 и 120/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 290/2020 и 215/2021) и со Правилникот за водење сметководство (Сл. весник бр. 159/09, 164/10 и 107/11). Годишниот извештај е изготвен во согласност со концептот за набавна цена, со исклучок на земјиштето, градежните објекти и вложувањата расположливи за продажба, кои се искажани според нивната пазарна цена.

Изготвувањето на годишен извештај, во согласност со Законот за трговски друштва и со Правилникот за водење на сметководство, бара примена на проценки и на претпоставки од менаџментот на друштвото, кои влијаат врз искажаните позиции во консолидираниот извештај. Иако проценките на раководството се базираат врз разумни информации и врз познавања за настаните и за активностите, фактичките резултати може да се разликуваат од проценетите.

## 2. Управување со финансиски ризик

**Видови финансиски ризик**

Во своето работење друштвото е изложено на повеќе видови финансиски ризици, како што се пазарниот ризик (ризик од промена на девизните курсеви, на пазарните вредности и на цените), кредитниот ризик, ризикот од неликвидност и каматниот ризик. Пристапот на друштвото во управувањето со финансиски ризик е насочено кон проценка на непредвидливоста на финансискиот пазар и настојува да изнајде начин за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти. Управувањето со ризикот го врши финансискиот сектор, а врз основа на политиките одобрени од Управниот одбор.

**Пазарен ризик**

**а) Ризик од промена на девизниот курс**

Друштвото е вклучено во меѓународни трансакции и е изложено на ризик од промена на девизните курсеви, како резултат на изложеност на домашната валута во однос на различните странски валути.

За да се намали изложеноста на девизниот ризик, друштвото спроведува политика со која се настојува да се обезбедат доволно девизни средства на девизните сметки во банките, со цел тие да бидат искористени за плаќање на тековните обврски спрема странските добавувачи во моментот на нивното доспевање.

**б) Ризик од промена на цените**

Друштвото е изложено на ризик од промена на пазарната вредност на вложувањата расположливи за продажба. Друштвото не е изложено на ризик од промена на цената на готовите производи.

**Кредитен ризик**

Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик. Воспоставените политики и процедури овозможуваат продажба на купувачи со соодветна кредитна историја. Побарувањата од купувачите се состојат од голем број салда. На тој начин управувањето со кредитниот ризик вклучува политика на разумно намалување и дисперзија на концентрацијата на побарувањата во портфолиото на клиентите.

**Ризик од неликвидност**

Ризикот од неликвидност се управува преку обезбедување доволни количини на готовина, како и преку можност за обезбедување средства за кредитирање на операциите на друштвото.

**Каматен ризик**

Друштвото не поседува значајни финансиски средства кои би обезбедиле принос на камати, така што готовинскиот тек на друштвото не е под влијание на промените на пазарните каматни стапки.

Друштвото е изложено на каматен ризик за долгорочните и за краткорочните кредити. Друштвото нема посебна политика за намалување на каматниот ризик, а го регулира во директни преговори со банките. Каматните стапки на долгорочните кредити се помали од краткорочните и значајно не варираат. Каматите на краткорочните кредити земени од банките во земјата во тековниот период се намалени во однос на минатата година.

**Објективна вредност**

Објективната вредност на вложените средства расположливи за продажба се базира на вредноста на акциите кои котираат на официјалниот финансиски пазар на денот на билансот на состојба.

За вреднување на вложувањата кои не котираат на официјалниот пазар се применува тековната пазарна вредност на вложувања во хартии од вредност, во иста или во слична групација во која дејствува субјектот.

Книговодствената вредност намалена за проценетите исправки на вредноста на финансиските средства и обврски, со рок на доспевање пократок од една година, ја претставува приближно нивната објективна вредност.

Проценките на друштвото се базираат на искуството и на други фактори, вклучувајќи ги и очекувањата за идните настани за кои се верува дека се веројатни во сегашните околности.

## 3. Инвестиции

Инвестициите ги вклучуваат зголемувањата на материјалните (градежни објекти и опрема) и нематеријалните средства (патенти, лиценци, софтвер).

Инвестициите по сегменти (Профитни центри) на 31 декември се:

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | | 2021 | | Инд. |
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **22/21** |
| Фармација | 1.263.054 | 87 | 1.028.316 | 88 | 123 |
| Хемија Козметика Билкарство | 188.504 | 13 | 142.015 | 12 | 133 |
| **Вкупно:** | **1.451.558** | **100** | **1.170.331** | **100** | **124** |

## 4. Дивиденда

Друштвото не ја евидентира обврската за дивиденди сé додека истата не се ратификува на Годишно собрание на акционерите.

На 4 Април 2022 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2021 година во износ од 629.795 илјади денари. Пресметаната дивиденда е прикажана како намалување од задржаната добивка.

## 5. Финансирање – кредити

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | | 2021 | | Инд. |
| **Кредит** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **22/21** |
| Нетековни кредити | 568.194 | 47 | 661.083 | 69 | 86 |
| Тековни кредити | 649.803 | 53 | 299.837 | 31 | 217 |
| **Вкупно:** | **1.217.997** | **100** | **960.920** | **100** | **127** |

Доспевањето на кредитите е:

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | | 2021 | | Инд. |
| **Доспевање** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **22/21** |
| До 1 година | 649.803 | 53 | 299.837 | 31 | 217 |
| Од 1 до 3 години | 568.194 | 47 | 661.083 | 69 | 86 |
| **Вкупно:** | **1.217.997** | **100** | **960.920** | **100** | **127** |

## 6. Големи зделки

Според Законот за трговски друштва, АЛКАЛОИД АД Скопје во 2022 година нема склучено големи зделки.

## 7. Односи со поврзаните субјекти

АЛКАЛОИД АД Скопје нема краен единствен сопственик. Акциите на друштвото се поседувани од голем број на правни и физички лица.

АЛКАЛОИД АД Скопје поседува дваесет и една подружница, две спортски друштва и една фондација во С.Македонија и странство. Продажбата на, и набавката од поврзаните субјекти се одвива на принцип на нормални продажни услови и пазарни цени.

**Вложувања во поврзани субјекти**

(Во 000 ден.)

| Подружница | 2022 Износ | 2022 % | 2021 Износ | 2021 % | Инд. 22/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| АЛКАЛОИД ДОО Белград, Србија | 173.256 | 31 | 173.256 | 34 | 100 |
| АЛКАЛОИД ДОО Загреб, Хрватска | 15.439 | 3 | 15.439 | 3 | 100 |
| АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 866 | - | 866 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 39 | - | 39 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД ЕООД Софија, Бугарија | 2.748 | - | 2.748 | 1 | 100 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк Приштина, Косово | 307 | - | 307 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД фарм СА Фрибург, Швајцарија | 5.429 | 1 | 5.429 | 1 | 100 |
| АЛКАЛОИД УСА ЛЛЦ Колумбус, Охајо САД | 3.873 | 1 | 3.873 | 1 | 100 |
| АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје, Македонија | 161.154 | 29 | 130.154 | 25 | 124 |
| АЛКАЛОИД ДОО Подгорица, Црна Гора | - | - | - | - | - |
| Фондација „Трајче Мукаетов” Скопје, Македонија | 3.000 | 1 | 3.000 | 1 | 100 |
| ООО АЛКАЛОИД Рус Москва, Русија | 119.359 | 22 | 119.359 | 23 | 100 |
| АЛКАЛОИД ФАРМ ДОО Љубљана, Словенија | 461 | - | 461 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД Веледрогерија ДОО Белград, Србија | 7.720 | 1 | 7.720 | 2 | 100 |
| АЛКАЛОИД Иљач ТЛС Истанбул, Турција | 2.616 | - | 2.616 | 1 | 100 |
| БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 308 | - | 308 | - | 100 |
| АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, Словенија | 43.081 | 8 | 43.081 | 8 | 100 |
| АЛКАЛОИД Шпк Тирана, Албанија | 308 | - | 308 | - | 100 |
| ТОВ АЛКАЛОИД Киев, Украина | 2.157 | - | 2.157 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО, Загреб | 2.157 | - | 2.157 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД УК ЛИМИТЕД | - | - | - | - | - |
| РК АЛКАЛОИД РАКОМЕТ СКОПЈЕ | 1.542 | - | - | - | - |
| РК МУЛТИ ЕСЕНС СКОПЈЕ | 1.542 | - | - | - | - |
| АЛКАЛОИД Букурешт С.Р.Л. Романија | 6.150 | 1 | - | - | - |
| **Вкупно:** | **553.512** | **100** | **513.278** | **100** | **108** |

Сите поврзани субјекти се 100% сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје, освен вложувањето во АЛКАЛОИД УСА каде учеството изнесува 49%. Иако вложувањето на АЛКАЛОИД АД Скопје во АЛКАЛОИД УСА ЛЛЦ Колумбус, Охајо САД изнесува 49 %, Друштвото поседува контрола.

Во 2022 година АЛКАЛОИД регистрираше ново друштво во Романија, со назив АЛКАЛОИД Букурешт С.Р.Л.

Во 2021 година АЛКАЛОИД регистрираше ново друштво во Велика Британија, со назив АЛКАЛОИД УК ЛИМИТЕД. Друштвата се во 100% сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Друштвото има претставништва во Русија и Украина. Резултатите од работењето на претставништвата се вклучени во финансискиот извештај на матичното друштво.

## Продажби на производи и услуги

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | | 2021 | | Инд. |
| **Подружница** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **22/21** |
| АЛКАЛОИД ДОО Белград, Србија | 176.101 | 4 | 262.038 | 7 | 67 |
| Алкалоид ДОО Загреб, Хрватска | 1.631 | - | - | - | - |
| АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 1.392.164 | 30 | 1.200.143 | 32 | 116 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк, Приштина, Косово | 282.072 | 6 | 282.361 | 7 | 100 |
| АЛКАЛОИДФАРМ СА Фрибург, Швајцарија | 59 | - | 33 | - | 179 |
| АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 137.577 | 3 | 184.505 | 5 | 75 |
| ООО АЛКАЛОИД Рус, Москва, Русија | 1.507.493 | 33 | 719.124 | 19 | 210 |
| АЛКАЛОИД Веледрогерија ДОО Белград, Србија | 1.072.149 | 23 | 1.121.492 | 30 | 96 |
| АЛКАЛОИД БИЛНА АПТЕКА ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 6.084 | - | 5.640 | - | 108 |
| **Вкупно:** | **4.575.330** | **100** | **3.775.336** | **100** | **121** |

## Набавка на производи и услуги

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | | 2021 | | Инд. |
| **Подружница** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **22/21** |
| АЛКАЛОИД ДОО Белград, Србија | 15.296 | 2 | 16.186 | 2 | 95 |
| АЛКАЛОИД ДОО Загреб, Хрватска | 6.008 | 1 | 11.395 | 1 | 53 |
| АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 7.087 | 1 | 6.634 | 1 | 107 |
| АЛКАЛОИД ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 128.248 | 14 | 131.428 | 15 | 98 |
| АЛКАЛОИД ЕООД Софија, Бугарија | 1.231 | - | 1.208 | - | 102 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк, Приштина, Косово | 5.684 | 1 | 4.989 | 1 | 114 |
| АЛКАЛОИДФАРМ СА Фрибург, Швајцарија | 328.041 | 35 | 276.814 | 32 | 119 |
| АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 2.334 | - | 2.908 | - | 80 |
| АЛКАЛОИД ДОО Подгорица, Црна Гора | 47.841 | 5 | 45.767 | 5 | 105 |
| Фондација „Трајче Мукаетов" Скопје, С.Македонија | 10.237 | 1 | 10.339 | 1 | 99 |
| ООО АЛКАЛОИД Рус Москва, Русија | 153.733 | 16 | 106.345 | 12 | 145 |
| Алкалоид ФАРМ ДОО Љубљана, Словенија | 2.009 | - | - | - | - |
| АЛКАЛОИД ДОО Веледрогерија Белград, Србија | 729 | - | - | - | - |
| АЛКАЛОИД Иљач Т. Л. С. Истанбул, Турција | 6.788 | 1 | 6.625 | 1 | 102 |
| АЛКАЛОИД БИЛНА АПТЕКА ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 3.155 | - | 3.007 | - | 105 |
| АЛКАЛОИД АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, Словенија | 3.280 | - | 1.814 | - | 181 |
| АЛКАЛОИД Шпк Тирана, Албанија | 19.818 | 2 | 16.942 | 2 | 117 |
| АЛКАЛОИД ТОВ Киев, Украина | 156.335 | 17 | 221.635 | 25 | 71 |
| АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО, Загреб | 9.352 | 1 | 8.066 | 1 | 116 |
| РК АЛКАЛОИД РАКОМЕТ СКОПЈЕ | 21.700 | 2 | - | - | - |
| РК МУЛТИ ЕСЕНС СКОПЈЕ | 5.300 | 1 | - | - | - |
| **Вкупно:** | **934.206** | **100** | **872.102** | **100** | **107** |

**Расходи по камати**

| Подружница | 2022 Износ | 2022 % | 2021 Износ | 2021 % | Инд. 22/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје, С. Македонија | - | - | - | - | - |
| **Вкупно:** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |

**Приходи по камати**

| Подружница | 2022 Износ | 2022 % | 2021 Износ | 2021 % | Инд. 22/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје, С. Македонија | - | - | 15 | - | - |
| **Вкупно:** | **-** | **-** | **15** | **-** | **-** |

**Побарувања од продажби на производи и услуги**

| Подружница | 2021 Износ | 2021 % | 2020 Износ | 2020 % | Инд. 21/20 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| АЛКАЛОИД ДОО Белград, Србија | 14.803 | 1 | 129.144 | 9 | 11 |
| АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 311.780 | 23 | 288.244 | 21 | 108 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк, Приштина, Косово | 76.381 | 6 | 70.517 | 5 | 108 |
| АЛКАЛОИДФАРМ СА Фрибург, Швајцарија | 92 | - | 33 | - | 279 |
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 9.871 | 1 | 72.453 | 5 | 14 |
| ООО АЛКАЛОИД Рус Москва, Русија | 366.335 | 27 | 288.034 | 21 | 127 |
| АЛКАЛОИД Веледрогерија ДОО Белград, Србија | 571.043 | 42 | 536.259 | 39 | 106 |
| АЛКАЛОИД БИЛНА АПТЕКА ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 1.547 | - | 1.066 | - | 145 |
| **Вкупно:** | **1.351.852** | **100** | **1.385.750** | **100** | **98** |

**Обврски за набавка на производи и услуги**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | | 2021 | | Инд. |
| **Подружница** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **22/21** |
| АЛКАЛОИД ДОО Белград, Србија | 1.551 | 1 | 2.543 | 1 | 61 |
| АЛКАЛОИД ДОО Загреб, Хрватска | 3.787 | 1 | 3.529 | 2 | 107 |
| АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 43.530 | 16 | 28.308 | 12 | 154 |
| АЛКАЛОИД ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 21.905 | 8 | 17.143 | 8 | 128 |
| АЛКАЛОИД ЕООД Софија, Бугарија | 49 | - | 33 | - | 148 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк Приштина, Косово | 2.148 | 1 | 3.066 | 1 | 70 |
| АЛКАЛОИДФАРМ СА Фрибург, Швајцарија | 140.749 | 52 | 113.995 | 50 | 123 |
| АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 64 | - | - | - | - |
| АЛКАЛОИД ДОО Подгорица, Црна Гора | 10.145 | 4 | 10.229 | 5 | 99 |
| ООО Алкалоид РУС Москва, Русија | - | - | 201 | - | - |
| Алкалоид ФАРМ ДОО Љубљана, Словенија | 504 | - | - | - | - |
| АЛКАЛОИД Иљач ТЛС Истанбул, Турција | 1.476 | 1 | - | - | - |
| АЛКАЛОИД БИЛНА АПТЕКА ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 1.062 | - | 929 | - | 114 |
| АЛКАЛОИД АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, Словенија | 248 | - | 1.814 | 1 | 14 |
| АЛКАЛОИД Шпк Тирана, Албанија | 91 | - | 904 | - | 10 |
| АЛКАЛОИД ТОВ Киев, Украина | 39.347 | 15 | 43.038 | 19 | 91 |
| АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО, Загреб | 1.148 | - | 1.303 | 1 | 88 |
| РК МУЛТИ ЕСЕНС СКОПЈЕ | 2.050 | 1 | - | - | - |
| **Вкупно:** | **269.854** | **100** | **227.035** | **100** | **119** |

**Побарувања за дадени аванси, позајмици и кредити**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | | 2021 | | Инд. |
| **Подружница** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **22/21** |
| АЛКАЛОИД Шпк Тирана, Албанија | 1.845 | 100 | 1.109 | 100 | 166 |
| **Вкупно:** | **1.845** | **100** | **1.109** | **100** | **166** |

## 8. Акционерски капитал

| | Обични акции | Сопствени акции | Вкупно | Премии од акции |
|---|---|---|---|---|
| **На 1 јануари 2021** | **2.220.127** | **-35.007** | **2.185.120** | **-74.278** |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2021** | **2.220.127** | **-35.007** | **2.185.120** | **-74.278** |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2022** | **2.220.127** | **-35.007** | **2.185.120** | **-74.278** |

Вкупниот број на одобрени и издадени акции е 1.431.353 со номинална вредност од ЕУР 25,56 по акција. Издадените акции се платени во целост. На 31 декември 2022 година, бројот на акции со право на глас е 1.405.509 акции.

**Заработка по акција**

| | 2022 Износ | 2021 Износ | Инд. 22/21 |
|---|---|---|---|
| | | | (Во 000 ден.) |
| Расположива Нето добивка (Денари) | 1.411.542.911 | 1.281.405.704 | 110 |
| Број на акции | 1.405.509 | 1.405.509 | 100 |
| **Основна заработка по акција (Денари):** | **1.004,29** | **911,70** | **110** |

## 9. Надоместоци на раководството

Менаџерскиот тим на АЛКАЛОИД АД Скопје брои вкупно 116 лица меѓу кои се и членовите на Управниот одбор. Надоместоците за бруто плати и награди, регрес за годишен одмор, новогодишен надоместок, менаџерско осигурување, отпремнина, јубилејни награди и приватно здравствено осигурување на менаџерскиот тим во извештајната година на бруто-основа изнесуваат вкупно 548,7 милиони денари, од кои 433,4 милиони денари претставуваат фиксен и 115,3 милиони денари претставуваат варијабилен надоместок. На членовите на Управниот одбор на друштвото не се исплатени надоместоци за учество во одборот.

На членовите на Надзорниот одбор на друштвото во 2022 година вкупно на бруто основа им се исплатени 4.438 илјади денари.

## 10. Приходи

**Вкупни продажби на готови производи и услуги**

| Пазар | 2022 Износ | 2022 % | 2021 Износ | 2021 % | Инд. 22/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| Домашен пазар | 3.142.726 | 30 | 3.122.591 | 33 | 101 |
| Странски пазар | 7.395.504 | 70 | 6.437.164 | 67 | 115 |
| **Вкупно:** | **10.538.230** | **100** | **9.559.755** | **100** | **110** |

Остварените вкупни продажби во 2022 година изнесуваат 10.538.230 илјади денари и во споредба со остварените продажби во 2021 година (9.559.755 илјади денари) бележат пораст за 10%. Вкупниот пораст на продажбите е резултат од порастот на продажбите остварени на странски пазар од 15% и порастот на продажбите на домашен пазар за 1% Според структурата по пазари, најголем обем на продажби, 70% е остварен на странски пазари.

**Вкупни продажби по Профитни центри**

| Профитен центар | 2022 Износ | 2022 % | 2021 Износ | 2021 % | Инд. 22/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| Фармација | 8.852.973 | 84 | 8.003.675 | 84 | 111 |
| Хемија Козметика Билка | 1.685.257 | 16 | 1.556.080 | 16 | 108 |
| **Вкупно:** | **10.538.230** | **100** | **9.559.755** | **100** | **110** |

Најголеми вкупни продажби во износ од 8.852.973 илјади денари, или 84%, се остварени од продажбите на фармацевтски производи. Тие во споредба со остварените продажби во 2021 година (8.003.675 илјади денари) бележат пораст за 11%.

**Продажби на домашен пазар по Профитни центри**

| Профитен центар | 2022 Износ | 2022 % | 2021 Износ | 2021 % | Инд. 22/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| Фармација | 2.342.310 | 75 | 2.344.629 | 75 | 100 |
| Хемија Козметика Билка | 800.416 | 25 | 777.962 | 25 | 103 |
| **Вкупно:** | **3.142.726** | **100** | **3.122.591** | **100** | **101** |

Вкупните продажби на домашен пазар изнесуваат 3.142.726 илјади денари и во споредба со 2021 година (3.122.591 илјади денари) бележат пораст од 1%. Најголем обем на продажби во износ од 2.342.310 илјади денари, или 75%, се остварени во  ПЦ Фармација.

**Продажби на странски пазар по Профитни центри**

| Профитен центар | 2022 Износ | 2022 % | 2021 Износ | 2021 % | Инд. 22/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| Фармација | 6.510.663 | 88 | 5.659.045 | 88 | 115 |
| Хемија Козметика Билка | 884.841 | 12 | 778.119 | 12 | 114 |
| **Вкупно:** | **7.395.504** | **100** | **6.437.164** | **100** | **115** |

Вкупните продажби на странски пазар изнесуваат 7.395.504 илјади денари и во споредба со 2021 година (6.437.164 илјади денари) бележат пораст од 15%. Најголем обем на продажби од извоз во износ од 6.510.663 илјади денари, или 88%, се остварени во ПЦ Фармација.

### Продажби по региони

| Регион / Земја | 2022 Износ | % | 2021 Износ | % | Инд. 22/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| Северна Македонија | 3.142.726 | 30 | 3.122.591 | 33 | 101 |
| Југоисточна Европа | 3.390.886 | 32 | 3.447.122 | 36 | 98 |
| Источна Европа (ЗНД, УКР, ...) | 1.979.333 | 19 | 1.211.697 | 13 | 163 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 1.856.623 | 18 | 1.661.414 | 17 | 112 |
| Други земји | 168.662 | 2 | 116.931 | 1 | 144 |
| **Вкупно:** | **10.538.230** | **100** | **9.559.755** | **100** | **110** |

Најголем обем од продажбите, 32%, се остварени во земјите од Југоисточна Европа.

### Вкупни приходи

| Приходи | 2022 Износ | % | 2021 Износ | % | Инд. 22/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| **1. Приходи од продажба на производи и услуги** | **10.538.230** | **91** | **9.559.755** | **95** | **110** |
| **Домашен пазар** | **3.142.726** | **27** | **3.122.591** | **31** | **101** |
| Продажба на готови производи | 2.304.730 | 20 | 2.240.343 | 22 | 103 |
| Продажба на трговски стоки | 762.247 | 7 | 812.747 | 8 | 94 |
| Останата продажба | 75.749 | 1 | 69.501 | 1 | 109 |
| **-Странски пазар** | **7.395.504** | **64** | **6.437.164** | **64** | **115** |
| Продажба на готови производи | 6.498.387 | 56 | 5.391.702 | 54 | 121 |
| Продажба на трговски стоки | 809.847 | 7 | 937.940 | 9 | 86 |
| Останата продажба | 87.270 | 1 | 107.522 | 1 | 81 |
| **2. Останати деловни приходи** | **1.026.225** | **9** | **456.436** | **5** | **225** |
| Наплатени отпишани побарувања | - | - | - | - | - |
| Приходи од поранешни години | 2.524 | - | 11.206 | - | 23 |
| Приходи од дивиденда | 119.606 | 1 | 120.975 | 1 | 99 |
| Приходи од камати од тековно работење | 843 | - | 539 | - | 156 |
| ПКР од тековно работење | 756.735 | 7 | 207.306 | 2 | 365 |
| Останати приходи | 146.517 | 1 | 116.410 | 1 | 126 |
| **3. Финансиски приходи** | **-** | **-** | **15** | **-** | **-** |
| Позитивни курсни разлики од кредити | - | - | - | - | - |
| Приход од камата на кредити | - | - | 15 | - | - |
| **Вкупно:** | **11.564.455** | **100** | **10.016.206** | **100** | **115** |

Остварените вкупни приходи во 2022 година изнесуваат 11.564.455 илјади денари што во споредба со остварените во 2021 година (10.016.206 илјади денари) претставува пораст од 15%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 91%, имаат приходите остварени со продажба на производи. Тие бележат пораст од 10% во споредба со остварените приходи во 2021 година.

Останатите деловни приходи учествуваат со 9%. Во споредба со остварените во 2021 година бележат зголемување од 125%.

Финансиските приходи ги опфаќаат само приходите по основ на кредити. Учеството на овие приходи во вкупните приходи е незначително.

**Видови на вкупни продажби**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | | 2021 | | Инд. |
| **Приходи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **22/21** |
| Продажба на готови производи | 8.803.117 | 84 | 7.632.045 | 80 | 115 |
| Продажба на трговски стоки | 1.572.094 | 15 | 1.750.687 | 18 | 90 |
| Други приходи од продажби | 163.019 | 2 | 177.023 | 2 | 92 |
| **Вкупно:** | **10.538.230** | **100** | **9.559.755** | **100** | **110** |

## 11. Расходи

**Вкупни расходи по природа на трошоци**

(Во 000 ден.)

| Расходи | 2022 Износ | % | 2021 Износ | % | Инд. 22/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Промена на залихите** | **-394.105** | **-4** | **-162.272** | **-2** | **243** |
| **2. Суровини и други материјали** | **3.855.715** | **38** | **2.998.139** | **35** | **129** |
| Потрошени суровини и материјали | 3.463.059 | 35 | 2.821.657 | 33 | 123 |
| Потрошена енергија | 376.815 | 4 | 156.820 | 2 | 240 |
| Потрошени резервни делови | 13.848 | - | 17.742 | - | 78 |
| Отпис на ситен инвентар | 1.993 | - | 1.920 | - | 104 |
| **3. Набавна вредност на трговски стоки** | **985.780** | **10** | **1.100.145** | **13** | **90** |
| **4. Услуги** | **485.720** | **5** | **413.346** | **5** | **118** |
| Транспортни трошоци | 156.373 | 2 | 125.665 | 1 | 124 |
| Услуги за одржување | 106.879 | 1 | 87.347 | 1 | 122 |
| Закупнина | 41.051 | - | 36.902 | - | 111 |
| Други материјални улуги | 181.417 | 2 | 163.432 | 2 | 111 |
| **5. Амортизација** | **831.638** | **8** | **786.184** | **9** | **106** |
| **6. Вредносно усогласување на средствата** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| **7. Трошоци на вработените** | **2.116.749** | **21** | **1.871.067** | **22** | **113** |
| Бруто плати | 1.764.602 | 18 | 1.568.847 | 18 | 112 |
| Трошоци за исхрана на вработените | 62.746 | 1 | 45.490 | 1 | 138 |
| Надомест за годишни одмори | 132.233 | 1 | 115.611 | 1 | 114 |
| Надомест за престанок на работен однос по основ на деловни причини | 10.864 | - | 11.618 | - | 94 |
| Краткорочни користи за вработените | 130.000 | - | 120.000 | 1 | 108 |
| Надомест за отпремнини на вработените | 14.534 | - | 7.815 | - | 186 |
| Други лични примања | 1.770 | - | 1.686 | - | 105 |
| **8. Останати расходи од работењето** | **2.133.560** | **21** | **1.604.990** | **19** | **133** |
| Дневници и трошоци за службено патување | 29.637 | - | 11.981 | - | 247 |
| Реклама и пропаганда | 919.562 | 9 | 895.504 | 10 | 103 |
| Премии за осигурување | 84.219 | 1 | 55.031 | 1 | 153 |
| Даноци и придонеси | 31.709 | - | 24.961 | - | 127 |
| Банкарски услуги и членарини | 18.484 | - | 16.797 | - | 110 |
| Затезни камати и пенали од тековно работење | 38 | - | - | - | - |
| Негативни курсни разлики од тековно работење | 758.072 | 8 | 185.217 | 2 | 409 |
| Расходи од минати години | 23 | - | 3.604 | - | 1 |
| Останати трошоци | 291.816 | 3 | 411.895 | 5 | 71 |
| **9. Трошоци на финансирање (Кредити)** | **16.270** | **-** | **16.765** | **-** | **97** |
| Негативни курсни разлики од кредити | - | - | - | - | - |
| Камати на кредити | 16.270 | - | 16.765 | - | 97 |
| **Вкупно:** | **10.031.327** | **100** | **8.628.364** | **100** | **116** |

Остварените вкупни расходи во 2022 година изнесуваат 10.031.327 илјади денари и во споредба со остварените во 2021 година (8.628.364 илјади денари) се зголемени за 16%.

Во структурата на вкупните расходи најголемо учество од 38% имаат Суровините и другите материјали; Трошоците за вработените учествуваат со 21%; Останатите расходи од работењето учествуваат со 21%; Трошоците на финансирање, кои ги опфаќаат само трошоците по основ на кредити, немаат значително учество во вкупните трошоци.

**Биланс на успех по природа на трошоци**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **(Во 000 ден.)** |
| | **2022** | | **2021** | | **Инд.** |
| **Позиција** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **22/21** |
| Вкупен приход | 11.564.455 | 100 | 10.016.206 | 100 | 115 |
| Домашен пазар | 3.142.726 | 27 | 3.122.591 | 31 | 101 |
| Странски пазар | 7.395.504 | 64 | 6.437.164 | 64 | 115 |
| Останати деловни приходи | 1.026.225 | 9 | 456.436 | 5 | 225 |
| Приходи од финансирање | - | - | 15 | - | - |
| **Вкупни расходи** | **-10.031.327** | **-87** | **-8.628.364** | **-86** | **116** |
| Залихи | 394.105 | 3 | 162.272 | 2 | 243 |
| Суровини и материјали | -3.855.715 | -33 | -2.998.139 | -30 | 129 |
| Набавна вредност на стоки и материјали | -985.780 | -9 | -1.100.145 | -11 | 90 |
| Трошоци за услуги | -485.720 | -4 | -413.346 | -4 | 118 |
| Бруто плати | -1.764.602 | -15 | -1.568.847 | -16 | 112 |
| Амортизација | -831.638 | -7 | -786.184 | -8 | 106 |
| Вредносно усогласување на средствата | - | - | - | - | - |
| Останати трошоци од работењето | -2.485.707 | -21 | -1.907.210 | -19 | 130 |
| Финансиски расходи | -16.270 | - | -16.765 | - | 97 |
| **Добивка пред оданочување** | **1.533.128** | **13** | **1.387.842** | **14** | **110** |
| Данок на добивка | -121.585 | -1 | -106.436 | -1 | 114 |
| **Нето добивка** | **1.411.543** | **12** | **1.281.406** | **13** | **110** |

Остварената Добивка пред оданочување во 2022 година изнесува 1.533.128 илјади денари и во споредба со остварената во 2021 година (1.387.842 илјади денари) бележи зголемување за 10%. Учеството на Добивка пред оданочување во 2022 година во вкупниот приход изнесува 13%.

Пресметаниот Данок на добивка за 2022 година изнесува 121.585 илјади денари и во споредба со 2021 година (106.436 илјади денари) бележи зголемување за 14%.

Остварената Нето добивка во 2022 година изнесува 1.411.543 илјади денари. Во споредба со остварената во 2021 година (1.281.406 илјади денари) бележи зголемување за 10%. Учеството на Нето добивка во 2022 година во вкупниот приход изнесува 12%.

## Биланс на успех по функција

| Позиција | 2022 Износ | 2022 % | 2021 Износ | 2021 % | Инд. 22/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| Продажби | 10.538.230 | 91 | 9.559.755 | 95 | 110 |
| Трошоци содржани во продадени производи и услуги | -6.422.156 | -56 | -5.743.172 | 57 | 112 |
| **Бруто-добивка** | **4.116.074** | **36** | **3.816.583** | **38** | **108** |
| Трошоци за истражување и развој | -163.070 | -1 | -151.663 | -2 | 108 |
| Трошоци за продажба и маркетинг | -1.991.523 | -17 | -1.910.559 | 19 | 104 |
| Административни трошоци | -660.666 | -6 | -563.260 | -6 | 117 |
| Резервирања | - | - | -7.956 | - | - |
| Останати приходи од работењето | 1.026.225 | 9 | 456.436 | 5 | 225 |
| Останати расходи од работењето | -777.642 | -7 | -234.989 | -2 | 331 |
| **Добивка од работењето** | **1.549.398** | **13** | **1.404.592** | **14** | **110** |
| Курсни разлики (Нето) | - | - | - | - | - |
| Камати (Нето) | -16.270 | - | -16.750 | - | 97 |
| **Добивка пред оданочување** | **1.533.128** | **13** | **1.387.842** | **14** | **110** |
| Данок на добивка | -121.585 | -1 | -106.436 | -1 | 114 |
| **Нето-добивка** | **1.411.543** | **12** | **1.281.406** | **13** | **110** |

Билансот на успех по функција ги прикажува трошоците остварени во поделните деловни сегменти од сéвкупното работење како: Производни трошоци, Трошоци за истражување и развој, Трошоци на продажба и маркетинг и Административни. Трошоците на финансирање се прикажани на нето основа, т.е. приходите и расходите по основ на кредити се пребиени, така што овие позиции можат да бидат приход или расход.

Во структурата на Вкупните приходи најголемо учество, 56%, имаат Трошоци содржани во продадени производи и услуги. Тие во споредба со остварените во 2021 година бележат пораст од 12%.

Трошоците за продажба и маркетинг во структурата на Вкупните приходи учествуваат со 17%. Тие во споредба со остварените во 2021 година бележат пораст од 4%.

Административните трошоци во структурата на Вкупните приходи учествуваат со 6%. Тие во споредба со остварените во 2021 година бележат зголемување од 17%.

**Биланс на состојба**

| | 2022 | | 2021 | | (Во 000 ден.) Инд. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Позиција** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **22/21** |
| **Средства** | | | | | |
| **Постојани средства** | | | | | |
| Материјални средства | 6.800.331 | 41 | 6.261.707 | 43 | 109 |
| Нематеријални средства | 1.973.544 | 12 | 1.894.847 | 13 | 104 |
| Вложувања во подружници | 553.512 | 3 | 513.278 | 4 | 108 |
| Вложувања во хартии од вредност | 8.551 | - | 8.867 | - | 96 |
| Останати долгорочни побарувања | 290.835 | 2 | 133.429 | 1 | 218 |
| Одложено даночно средство | - | - | - | - | - |
| **Вкупно постојани средства:** | **9.626.773** | **59** | **8.812.128** | **60** | **109** |
| **Тековни средства** | | | | | |
| Залихи | 3.906.358 | 24 | 3.067.391 | 21 | 127 |
| Побарувања од купувачите | 2.299.036 | 14 | 2.291.657 | 16 | 100 |
| Останати побарувања | 330.733 | 2 | 220.969 | 2 | 150 |
| Пари и парични еквиваленти | 62.077 | - | 267.170 | 2 | 23 |
| **Вкупно тековни средства:** | **6.598.204** | **41** | **5.847.187** | **40** | **113** |
| **Вкупно средства:** | **16.224.977** | **100** | **14.659.315** | **100** | **111** |
| **Капитал и обврски** | | | | | |
| **Капитал** | | | | | |
| Акционерски капитал | 2.185.120 | 13 | 2.185.120 | 15 | 100 |
| Премии од акции | -74.278 | - | -74.278 | -1 | 100 |
| Законски резерви | 596.146 | 4 | 596.146 | 4 | 100 |
| Останати резерви | 1.687.920 | 10 | 1.688.236 | 12 | 100 |
| Задржана добивка | 7.835.862 | 48 | 7.042.743 | 48 | 111 |
| **Вкупно капитал:** | **12.230.770** | **74** | **11.437.967** | **78** | **107** |
| Обврски | | | | | |
| **Тековни обрски** | | | | | |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 2.696.884 | 17 | 2.193.929 | 15 | 123 |
| Обврски за краткорочни кредити | 649.803 | 4 | 299.837 | 2 | 217 |
| Обврски кон државата | 22.835 | - | 9.997 | - | 228 |
| **Вкупно тековни обрски:** | **3.369.522** | **21** | **2.503.763** | **17** | **135** |
| **Долгорочни обврски** | | | | | |
| Обврски за долгорочни кредити | 568.194 | 3 | 661.083 | 4 | 86 |
| Одложени даночни обврски | - | - | - | - | - |
| Долгорочни резервирања | 56.491 | - | 56.502 | - | 100 |
| **Вкупно долгорочни обврски** | **624.685** | **4** | **717.585** | **5** | **87** |
| **Вкупно обврски:** | **3.994.207** | **25** | **3.221.348** | **22** | **124** |
| **Вкупно капитал и обврски:** | **16.224.977** | **100** | **14.659.315** | **100** | **111** |

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè ...*

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИСКА КОЗМЕТИЧКА ИНДУСТРИЈА

# Изјава за усогласеност со Кодексот за корпоративно управување

Ние, членови на Управниот Одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, изјавуваме дека АЛКАЛОИД АД Скопје во своето работење го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва на Македонска берза АД Скопје, објавен на интернет страната на Берзата www.mse.mk.

АЛКАЛОИД АД Скопје ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративното управување предвидени во Кодексот според пристапот „примени или појасни зошто не се применил“ преку пополнување на прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците се објавени на СЕИ-НЕТ и на интернет страницата на АЛКАЛОИД АД Скопје и дека одговорите во истите се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративното управување од страна на АЛКАЛОИД АД Скопје пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

Датум: 02.03.2023 год.

Изјавиле:
Управен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје

Живко Мукаетов
Претседател на Управен одбор

Милкица Глигорова
Член на Управен одбор

Виктор Стојчевски
Член на Управен одбор

Ѓорѓи Јованов
Член на Управен одбор

Ќире Ицев
Член на Управен одбор

адреса:
АЛКАЛОИД АД Скопје, бул. Александар Македонски 12,
1000 Скопје, Република Северна Македонија

контакт:
www.alkaloid.com.mk; alkaloid@alkaloid.com.mk
тел: +389 2 3104 000; факс: +389 2 3104 014

ЕДБ: 4030946257762
ЕМБС: 4053575

IQNet
quality austria SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2015 NR.01035/1
ISO 14001:2015 NR.00114/1

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

бул. „А. Македонски“ бр. 12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

**ЖИВОТНА СРЕДИНА**
ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА
**УПРАВУВАЊЕ**

ESG ИЗВЕШТАЈ 2022

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*



ESG
ИЗВЕШТАЈ
2022

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# Содржина на **ESG** извештај

**I. ВОВЕД**

1. Обраќање на Генералниот директор/Претседател на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје ..... 6
2. Кои сме ние ..... 8
3. За ESG-извештајот ..... 14
4. ESG во АЛКАЛОИД ..... 16
5. ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД ..... 22

**II. НАШИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2022 ГОДИНА ..... 26**

1. Најзначајните ESG-моменти во 2022 година ..... 28
2. Краткорочните цели за 2022 година и преземените активности за нивно остварување ..... 30
3. Остварените резултати во 2022 година - ESG-индикатори ..... 34
4. Општествената одговорност во нашата компанија ..... 37

III. ЖИВОТНА СРЕДИНА ........ 68

IV. ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА ........ 96

V. УПРАВУВАЊЕ ........ 118

VI. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ИЗВЕШТАЈОТ ........ 134

VII. ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ........ 138



# Обраќање на Генерален директор / Претседател на Управен Одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје

Почитувани акционери, колеги, соработници и потрошувачи на „Алкалоид“ АД Скопје,

Ова е наш прв ESG Report / ЕСГ извештај за одговорно однесување кон животната околина и заедницата, кој вклучува многу активности кои компанијата години station наназад ги има практикувано, но никогаш не биле формално прикажани.

Во својата долга историја, компанијата минала низ многу кризи, но секој пат покажувала резилиентност и брза адаптација кон промените. Изминатата 2022 година беше уште една во низот исполнета со бројни предизвици: здравствени, воени, логистички, енергетски, економски... кои ние во „Алкалоид“ успешно ги надминавме.

Особено сум горд што и покрај високото ниво на оперативен менаџмент во кризни услови, успеавме да оствариме голем дел од нашата стратегија за одговорно однесување кон животната околина и заедницата, од кои би споменал неколку:

- Нагласена грижа за животната околина, со ставање на посебен акцент на енергетската ефикасност и користењето на алтернативните извори на енергија;



• Грижа за здравјето и безбедноста на вработените, со ставање на посебен акцент на подобрување на условите за работа во сите сегменти на компанијата;

• Помош и грижа за заедниците во кои живееме и функционираме преку бројни хуманитарни и општествено одговорни активности во сферата на образованието, спортот, културата, развој на младите и генерално промовирање на позитивните вредности;

• Партнерства со комплементарни организации, како организацијата на „Црвен Крст“, „СОС Детско село“ – во насока на донирање на финансиски средства, облека, храна, помагање со крводарителски акции на нашите вработени, помош на бездомници и слични;

• Поддршка на талентирани студенти од сферата на здравството и фармацијата преку фондацијата „Трајче Мукаетов“ по пат на стипендирање и наградување на првенци на генерацијата.

Човечкиот капитал е еден од клучните ресурси во компанијата, чии знаења, искуства и вештини се од непроценливо значење.

При секојдневното функционирање и управување со процесите, особено место зазема примената на Кодот за етичко и деловно однесување, кој претставува клучен елемент во градењето на етичката и корпоративна култура на компанијата, како и менаџирањето на усогласеноста, управувањето со ризици, анти корупциската политика и други акти кои се во насока на промовирање на корпоративното управување на компанијата.

Одговорното однесување кон животната околина и заедницата се маратон, кој е составен дел од секојдневието на секој еден вработен во Алкалоид групацијата, во сите земји каде имаме воспоставено операции, а чија цел е да овозможи континуиран напредок на компанијата.

Во иднина свесноста за одговорно однесување кон животната околина и заедницата ќе се проширува и интензивира, пренесувајќи се на сите акционери, вработени и соработници на „Алкалоид“ АД Скопје со една единствена цел - да изградиме подобар, поздрав и поодржлив свет.

**Живко Мукаетов**
Генерален директор / Претседател на Управен одбор на „Алкалоид“ АД Скопје

# Кои сме ние

Здравото човечко тело понекогаш буди повеќе од искрена восхит. За нас во АЛКАЛОИД АД, постојана инспирација и стремеж е да го заштитиме и да го сочуваме овој скапоцен подарок на природата. Со неуморна страст создаваме производи кои се синоним за врвен квалитет. Постојано инвестираме во нашиот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ.**

АЛКАЛОИД АД Скопје е компанија која повеќе од осум и пол децении работи на производство на лекови и на козметички и хемиски производи, како и на преработка на билни суровини.

АЛКАЛОИД АД е акционерско друштво, во чии рамки работат два профитни центри: Фармација и Хемија, козметика и билкарство. Акциите на АЛКАЛОИД АД се во сопственост на над 5.000 акционери, физички и правни лица.

Денес АЛКАЛОИД АД има речиси 80.000 м2 производствени капацитети и брои 2.019 вработени во земјава и 598 вработени надвор од Македонија. Преку своите 19 подружници и 2 претставништва во странство (во Србија, Црна Гора, Косово, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Швајцарија, Бугарија, Турција, Украина, Руска Федерација, САД, Велика Британија и Романија) во 15 земји пласира 68 % од својот асортиман во 40 земји во светот.

Во изминатите 15 години АЛКАЛОИД АД инвестираше 200 милиони евра во производствени капацитети, лаборатории, капацитети за истражување и развој, во врвна технологија, континуирана едукација на вработените и во софтвер од новата генерација, кои му овозможуваат пласман на производи со супериорен квалитет, преку придржување до најстрогите стандарди за добра производствена пракса, за што добива потврда од реномирани тела.

Главен приоритети на АЛКАЛОИД АД и натаму останува грижата за вработените, акционерите, човековата околина, за деловните партнери, здравствениот систем и, пред сè, за здравјето на луѓето.


ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО
СЛОВЕНИЈА
СРБИЈА
РОМАНИЈА
РУСКА ФЕДЕРАЦИЈА
ШВАЈЦАРИЈА
ХРВАТСКА
КОСОВО
УКРАИНА
БУГАРИЈА
БиХ
ЦРНА ГОРА
АЛБАНИЈА
МАКЕДОНИЈА
ТУРЦИЈА
СОЕДИНЕТИ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ
2019
Вработени во земјата
598
Вработени во подружници во странство
>5000
Акционерски ентитети
АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

# Мисија, визија и вредности

**Нашата мисија**

Нашата МИСИЈА е постојано да тежнееме кон поздрав свет, кон супериорен квалитет на производите и на услугите, како и кон висока професионалност и кон континуиран успех. Императив ни е заштитата на интересите на сите вклучени страни. Основна определба ни е грижата за здравјето и за квалитетот на живот на секој човек, за системот на здравствена заштита и за животната средина. Нашата заложба е континуирано унапредување на здравјето на луѓето, што се рефлектира преку нашето мото **ЗДРАВЈЕТО ПРЕД СЀ.**

**Нашата визија**

Нашата ВИЗИЈА е АЛКАЛОИД, како глобално ориентирана компанија, да се стреми кон постигнување високи цели и дострели, кои ќе овозможат изразена конкурентност и пазарна позиција. Постојано сме отворени за градење нови пазари и нови партнерства, а произведуваме и пласираме производи со највисок квалитет, применувајќи најсовремени технологии и деловни стандарди.

**Нашите вредности**

АЛКАЛОИД АД Скопје, при извршувањето на своите деловни операции, се потпира на највисоките етички норми и стандарди. Уверени сме дека етичкото водење бизнис е предуслов за постојан личен и деловен успех, а нашите клучни вредности се:

- Луѓето пред сѐ
- Интегритет и чесност
- Ги креираме најдобрите резултати заедно
- Лидерство базирано на вредности





# Дејност на компанијата

## Фармација

Луѓето градат високо
- за да можат да гледаат подалеку.
Луѓето градат заедно
- за да можат да бидат поблиски.
Луѓето градат цврсто - за да можат да се чувствуваат. побезбедно. Ние градиме за луѓето да имаат подобро здравје бидејќи ... ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ !





## Билкарство

Одделот Билкарство произведува спектар на чаеви под брендот GOOD NATURE, како и зачини и сушени зеленчуци – GRINI, додатоци на јадењата – Зачинал, јодирана сол и други производи.

# Козметика

Долгогодишното искуство и традицијата од 85 години се темелат врз квалитетот на богатата палета производи на „Алкалоид - козметика“, која опфаќа производи за нега на секаков тип кожа, вклучувајќи ја и детската, производи за нега на косата,парфемска колекција за жени и за мажи, како и козметика за домаќинството.






# Хемија

Денес ХЕМИЈА има развиена програма за производство на чисти хемикалии и на реагенси од органско и од неорганско потекло, со pro analysi, reagent grade, purum и со фармакопејски квалитети за лабораториски цели, за индустриски цели, за широка потрошувачка, има производи за земјоделско производство, медицински средства и средства за чистење и за дезинфекција.

# За ESG извештајот

ESG-извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2022 година претставува прв нефинансиски посебен извештај, кој како компанија го издаваме следејќи ги сè поголемата потреба од транспарентност во работењето, како и сè построгите регулаторни барања од овие области. Во минатото нашите нефинансиски информации поврзани со сегментите за животна средина, општествено работење и за добро корпоративно управување ги комуницирavме како интегрален дел од годишните извештаи за работењето на компанијата. Сепак, како општествено одговорна компанија сметаме дека новиот начин на одвоено известување (преку посебен ESG-извештај) на сите засегнати страни ќе им овозможи подетална и прецизна слика за начинот на кој се справуваме со ризиците и за грижата која ја посветуваме на овие сегменти од работењето.

Нашиот ESG-извештај опфаќа квалитативни информации за нашите клучни активности за унапредување на животната средина и за придонесот кон општеството, како и квантитативни параметри со кои се мерат перформансите на компанијата во однос на ризиците, можностите и на остварувањето на клучните цели од ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД АД Скопје. Дел од ESG-индикаторите, како специфични барања на GRI-стандардите, се применети за првпат во 2022 година и од таа причина трендот поврзан со нив ќе може да се увиди во ESG-извештаите за наредните периоди.

ESG-извештајот за 2022 година е изготвен од ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје, а е одобрен од највисокиот менаџмент на компанијата. Тој го опфаќа работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје за периодот од **јануари до декември 2022 г.** и ќе биде транспарентно и целосно објавен на сите компаниски канали за јавна комуникација.

При изготвувањето на овој извештај ги искористивме **GRI-стандардите** за насоки во воведувањето на ESG-сегментот и во изготвувањето на ESG-извештајот, поради нивната широка распространетост/глобална препознатливост, сеопфатност и флексибилност. Покрај тоа, АЛКАЛОИД АД останува да ги следи сите регулативи што го регулираат нефинансиското известување, како и другите глобално признати рамки и стандарди за ESG-известување.

Во рамките на овој ESG-извештај вклучивме и **GRI-референтна табела** за да им помогне на читателите полесно да ги лоцираат релевантните информации.



# ESG во АЛКАЛОИД АД

**ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје**

Со цел примена и управување со ESG-сегментот, формиравме ESG-одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, кој опфаќа членови од различни сегменти/служби во рамките на компанијата. Сите членови придонесуваат со своите знаења, експертиза и искуство од својот сегмент во ESG-управувањето и известувањето. ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје одговара директно пред највисокото раководство и за своите активности редовно годишно праќа извештаи до генералниот директор и до високиот менаџмент, по потреба и до Надзорниот и до Управниот одбор, а на барање и до засегнатите страни и до надворешните аудитори.

ESG-одборот одржува редовни месечни состаноци и е одговорен за примена на ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД АД Скопје, дефинирање предлози за долгорочни и за краткорочни ESG-цели, поставување и одржување ефикасен систематски пристап на мерење на најзначајните ESG-индикатори, дефинирање на ESG-извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје, како и за комуницирање на ESG-податоците со засегнатите страни. Покрај овие активности, ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје придонесува за доближување на ESG-темите до вработените, развој на ESG-културата во целата компанија, како и за откривање нови решенија и можности за подобрувања во рамките на ESG-сегментот од работењето.

**Политика за животната средина и за општествените прашања (ESG-политика)**

**Политиката за животната средина и за општествените прашања (ESG-политика)** на АЛКАЛОИД АД Скопје ја рефлектира нашата заложба за континуирано унапредување на сите ESG-сегменти, како основа за етичко работење и за професионален успех.

Таа во целост се вклопува во нашата мисија и визија како компанија чиј императив е заштитата на интересите на сите засегнати страни, а е комплементарна и со клучните компаниски вредности дефинирани во нашиот Код на етичко и деловно однесување.

**Процедура за ESG-известување**

Со процедурата за ESG-известување на АЛКАЛОИД АД Скопје се опишуваат концептот и стратегијата за управување и за известување за прашања поврзани со животната средина, за општествени прашања и за управувањето во АЛКАЛОИД АД Скопје. Преку неа детално ги дефинираме сите чекори неопходни за да добиеме навремени, точни и релевантни податоци околу начинот на кој се управува со ESG-ризиците во нашата компанија.

**ESG-индикатори**

Остварувањето и напредокот на компанијата во однос на дефинираните компаниски ESG-цели ги следиме преку ESG-индикатори и преку податоци кои се системски поставени и применети во клучните процеси поврзани со овој сегмент од работењето на компанијата.

**Односи со засегнатите страни (Stakeholder Communication)**

АЛКАЛОИД АД Скопје е целосно посветен на градењето доверба со засегнатите страни и меѓу нив, со цел одржување долгорочни и стабилни односи. Во текот на 2022 година изготвивме политика за односи со засегнатите страни, во која се идентификувани засегнатите страни на АЛКАЛОИД АД Скопје. Во нејзини рамки ние ги пропишавме основните принципи и модалитети на односите со нашите засегнати страни.

# Најзначајни ESG теми за АЛКАЛОИД АД

**Материјалност/значајност**

Бидејќи ова за нас е прва година на претставување посебен ESG-извештај, особено внимание посветивме на проценка на материјалноста/значајноста на ESG-темите за нашата компанија. Нea ја спроведовме со комбинирана методологија преку интервјуа и преку анкети/истражувања со надворешни и со внатрешни заинтересирани страни, односно преку разговори со високиот менаџмент на АЛКАЛОИД АД Скопје; преку истражување на задоволството на вработените; преку анкета меѓу нашите купувачи, корисници на нашите производи; преку истражувања на Македонската берза и др. Токму овие активности ни помогнаа да ги идентификуваме темите кои се значајни за нашите засегнати страни и за нашата компанија.

Издвоени се вкупно 21 значајни ESG теми, за кои сметаме дека ние како компанија можеме да имаме најголемо влијание, но и кои имаат најголемо влијание врз нашето работење. За сите овие значајни теми поставуваме конкретни краткорочни и долгорочни цели, како и соодветни индикатори преку кои ќе се следат напредокот и нивното исполнување. Имајте предвид дека и покрај градацијата според важност, сите идентификувани теми се значајни и меѓусебно поврзани, што значи дека не би требало да се разгледуваат изолирано.

# ESG Матрица за материјалност

| Значајност за заинтересирани страни | Значајно | Многу значајно | Најзначајно |
| --- | --- | --- | --- |
| Најзначајно | | Зголемување на отпадот кој се рециклира | Намалување на штетните емисии во воздухот (carbon footprint)<br>Намалување на влијание на водите (water footprint)<br>Поддршка на здравствените системи |
| Многу значајно | Зголемување на користење на рециклирана амбалажа<br>Зголемување на користење на амбалажа за пакување која може да се рециклира | Интегрирање на сите ESG ризици во постоечките процеси на управување со ризици<br>Поддршка на културата и спортот<br>Организирање редовни хуманитарни настани | Поддршка на образованието<br>Зголемување на производство на сопствена обновлива енергија<br>Високопрофесионален и етички пристап во работењето<br>Едукација на вработените<br>Усогласеност со стандарди |
| Значајно | | Градење на силна култура на управување со ризици и континуитет во работењето<br>Родова еднаквост | Грижа за безбедност и здравје при работа<br>Бенефиции за вработените<br>Унапредување на транспарентноста за работењето<br>Почитување на клучните корпоративни вредности<br>Еднакви можности за кариерен развој |

Значајност за АЛКАЛОИД АД Скопје

**Моментална ситуација**

Иако во текот на изминатите години, а особено во 2022 година, светот се соочи со некои од најкомплексните предизвици на нашето време (здравствена, воена, енергетска криза), АЛКАЛОИД АД Скопје останува посветен на исполнувањето на својата ESG-стратегија, преку своите краткорочни и долгорочни ESG-цели. Сметаме дека единствениот начин за да се надминат новонастанатите предизвици е преку континуирано враќање кон непосредната околина, заедницата и кон луѓето кои нè опкружуваат.

> АЛКАЛОИД АД Скопје останува посветен на исполнувањето на својата ESG-стратегија, преку своите краткорочни и долгорочни ESG-цели





# ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД АД

Нашата ESG-стратегија го одразува начинот на кој ние управуваме и ги решаваме прашањата поврзани со животната средина и со општествената одговорност, но, исто така, и носи една нова додадена вредност за нашата компанија.

При изработката на ESG-стратегијата и на ESG-целите на АЛКАЛОИД АД Скопје беа земени предвид целите за одржлив развој (Sustainable Development Goals – SDGs) на Обединетите нации. Ги идентификувавме приоритетните цели каде што имаме можност да направиме позитивни промени и да придонесеме со нашите активности за подобра иднина.

Целите за одржлив развој на Обединетите нации претставуваат глобална визија за создавање одржлива иднина во која сите имаме удел. Со Глобалниот договор на Обединетите нации овие цели се претворени во двигатели за одржлив бизнис со економски и со социјални придобивки за животната средина и за луѓето во сиот свет. Важно ни е да учествуваме и да дејствуваме во остварувањето на овие цели преку нашите секојдневни операции и активности.

## Цели за одржлив развој на Обединетите нации (SDG)



# СТРАТЕГИЈА

Имплементирање и развој на ESG сегментот

Грижа за животната средина

Поддршка на заедницата во која што работиме и живееме

Луѓето пред сè!

Транспарентно, етичко работење и ефикасно управување со ризиците

# ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

- Идентификување на извори и воспоставување на процес на мерење на carbon footprint
- Поставување на мерки за намалување на CO2
- Зголемено производство на сопствена обновлива енергија за 12% до 2025 година
- Зголемување на отпадот кој се рециклира за 10% до 2025
- Анализа на одржливо пакување за ПЦ ХКБ и ПЦ Фармација
- Идентификување на извори и воспоставување на процес на мерење на water footprint за сите локалитети до крајот на 2023




- Наша основна цел е да враќаме на заедницата во која живееме и во која работиме
- Грижа за здравјето, безбедноста и благосостојбата на вработените, луѓето кои имаат интеракција со компанијата како и за сите луѓе во непосредна околина каде што Алкалоид има свои активности




- Зголемување на транспарентноста во информирањето кон засегнатите страни
- Постигнување и одржување на целосна корпоративна усогласеност со внатрешните акти поврзани со етичкото работење и компаниските вредности како и со стандардите за животна средина
- Градење на силна култура на управување со ризици и континуитет во работењето преку целосно интегрирање на ризици поврзани со ESG фактори





# II. Нашите резултати за 2022 година

# Најзначајни ESG моменти во 2022 година

Доделени се **40 нови** стипендии

Намалена емисија на **1.285t CO²**

**185** нови вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје

Заштеда на вода од **5.000m3 - 1,5%** од вкупната потрошувачка на вода

Нови паркинзи за **велосипеди**

Произведени **500MWh електрична енергија** од обновливи извори

Лансирана дигитална платформа за професионална комуникација **Alkaloid ProNet**

Најзначајни ESG моменти во 2022 година

Проект **60 секунди здравје**

Награда **„25 years ISO 9001 certified“,** Quality Austria

**Најтранспарентно** котирано акционерско друштво за 2022 година

**121 час -** просечен број на тренинг на вработени

Ноември - месец за подигање на свеста за **заштита на личните податоци** во АЛКАЛОИД АД Скопје

**85%** од вкупно создадениот отпад не се депонира

Заштеда на енергија од **1.500 MWh – 3,75%** од вкупната потрошувачка на енергија

# Краткорочни цели за 2022 година и преземени активности за остварување на истите



# Животна средина

Завршено Во тек

| Краткорочни цели за 2022 година | Статус | Спроведени активности |
|---|---|---|
| | | **Грижа за животната средина** |
| Идентификување на извори (директни и индиректни) и воспоставување на процес на мерење на carbon footprint за локалитет Автокоманда | Завршено | - Изработен е СОП за мерни индикатори од областа на животна средина и образец за пресметка на carbon footprint (GHG протокол)<br>- Дефинирани се извори и потребни податоци за пресметка на carbon footprint<br>- Идентификувани се потребни подобрувања за добивање на дополнителни податоци за пресметка на carbon footprint<br>- Одржана е обука на врвното раководство, одговорните лица на процесите и претставници на подружниците (169 учесници) |
| Зголемување на производство на сопствена обновлива енергија. | Завршено | Изведени 12 Фотоволтаични централи со вкупна врвна моќност од 1238 kW на локалитетите Автокоманда и Ѓорче Петров кои годишно ќе произведуваат околу 1400 MWh електрична енергија. |
| Намалување на комунален отпад, зголемување на отпад кој се рециклира, намалување на отпад кој се депонира | Завршено | Подобрување на перформансите на процесот на управување со отпад пЊреку:<br>- Подобрување и ревидирање на Процедурата за управување со отпад и СОПот за ракување со фармацевтски отпад<br>- Спроведена едукација на вработените за управување со отпад (229 учесници)<br>- Изработени се 4 флаери за правилно постапување со отпад, презентирани на обуката, објавени во тврда копија на засегнатите оддели, објавени на промотивни екрани во простории во АЛКАЛОИД.<br>- Реализирани KPI за процесот на управување со отпад<br>5,20 % намалување на количина на комунален отпад<br>2,02 % зголемување на процент на рециклиран отпад<br>4,31 % намалување на отпад кој се депонира |
| Анализа на одржливо пакување за ПЦ ХКБ | Завршено | Основна Анализа на одржливо пакување е реализирана. Идентификувани се потребни подобрувања за добивање на прецизни информации и податоци |
| Идентификување на извори и воспоставување на процес на мерење на water footprint за локалитет Автокоманда | Завршено | - Изработен е СОП за мерни индикатори од областа на животна средина и образец за пресметка на water footprint<br>- Дефинирани се извори и потребни податоци за пресметка на water footprint<br>- Идентификувани се потребни подобрувања за добивање на дополнителни податоци за пресметка на water footprint<br>- Одржана е обука на врвното раководство, одговорните лица на процесите и претставници на подружниците (169 учесници) |

# Општествени прашања

✓ Завршено ⇨ Во тек

| Краткорочни цели за 2022 година | Статус | Спроведени активности |
|---|---|---|
| | | **Поддршка на заедницата во која што работиме и живееме** |
| Континуирана поддршка на здравствените системи каде што дејствуваме; | ✓ | - учесник на VII Конгрес на фармацијата во Македонија со меѓународно учество, одржан во Охрид<br>- учесник и главен поддржувач на Третата балканска педијатриска школа, одржана во Скопје<br>- лансирање на нова иновативна веб-страница „Алкалоид Пронет“ - модерна дигитална платформа за здравствените професионалци" |
| Поддршка на спортот | ✓ | - формирање на два ракометни клуба, РК АЛКАЛОИД и РК МУЛТИ ЕСЕНС<br>- отворање на нов шаховски дом за шаховска едукација и за турнири за младите<br>- спонзор на Ракометна федерација на Македонија |
| Организирање редовни хуманитарни настани | ✓ | - реализирани 2 крводарителски акции<br>- реализирана акција за донирање облека |
| Постојано охрабрување на вработените да се вклучат во нашите корпоративни иницијативи за општествена одговорност | ✓ | - повеќе од 270 доброволно пријавени вработени за дарување крв во двете крводарителски акции<br>- собрани преку 1.900 кг доброволно донирана облека, поставени беа 10 кутии за донирање на трите локалитети на АЛКАЛОИД (Автокоманда, Лафома, Билка) |
| | | **Луѓето пред сè!** |
| Стипендирање на најдобрите студенти од Фондацијата „Трајче Мукаетов“ | ✓ | - За учебната 2022/2023 година Фондацијата „Трајче Мукаетов“ додели 40 нови стипендии |
| Иницирање на дуално образование / дуална паралелка во Средното медицинско училиште | ✓ | - Завршена прва година од прва генерација на парцијално-дуална паралелка, во Јули 2022. Почеток на уште една нова паралелка од 01.09.2022 година. |
| Формирање сопствен центар за едукација и за обуки | ✓ | - Центарот за тренинг и едукација е ставен во употреба и во текот на 2022 година, неговиот капацитет за организирање на обуки како и за едукација на млад кадар во тренинг лабораторија беше максимално искористен. |
| Програмата за млади таленти – практикантство во АЛКАЛОИД АД Скопје | ✓ | - Во текот на 2022 година, тековно продолжи програмата за млади таленти – практикантство, каде вкупно 53 практиканти беа дел од оваа програма. |
| Едукација на вработените | ✓ | Во текот на 2022 година, вработените поминале просечно 121 час обука. |
| Безбедност и здравје при работа – обезбедување безбедна, сигурна и здрава работна околина со што би се постигнало намалување на параметрите LTIFR | ✓ | - Извршени 775 законска обуки при промена на работно место и обука за нововработени<br>- Извршени 300 обуки по СОП-ви (Пријава неар мис)<br>- Изработен и поставен флаер за пријава на неар мисс<br>- Изготвени нови/ажурирани 108 проценки на ризик на работни места<br>- Извршени 1991 превентивни здравствени прегледи за вработени<br>- Извршени 173 тестирања и испитувања на опрема за работа (машини, апарати и др. опрема)<br>- Извршени 54 мерења на микроклиматски услови, осветлување, хемиски и физички штетности во работна средина |
| Еднакви можности за кариерен развој – процес на управување со таленти | ✓ | - Еднакви можности за врботување преку интерни огласи. Промоција на култура на давање на повратна информација каде 700 вработени се вклучени во овој процес. |
| Градење и одржувањето инклузивна, позитивна и почитувана работна средина за сите | ✓ | - Корпоративен весник "Здравјето пред се" , Alka speak up, маркетинг кампања “Еден работен ден во Алкалоид АД Скопје” , промоција на код за деловно и етичко однесување. |
| Родова еднаквост | ✓ | - Промовирање на клучните компаниски вредности кои ја истакнуваат важноста на родовата еднаквост во нашата компанија. |
| Дополнително здравствено осигурување за сите вработени | ✓ | - Во текот на 2022 година, тековно продолжи со реализација проектот за дополнително здравствено осигурување |
| Бенефиции за децата на вработените | ✓ | - Проект за Бенефиции за деца на вработените, поддршка за развојот и доедукација на децатата на вработените. Во текот на 2022 година беа опфатени 544 деца со овој проект. |
| Зголемување на задоволството на вработените | ✓ | - Реализација на повеќе акциони планови кои произлегоа од истражувањето на задоволство на вработените кое се спроведе во 2021 година. |

# Управување

Завршено / Во тек

| Краткорочни цели за 2022 година | Статус | Спроведени активности |
|---|---|---|
| **Транспарентно, етичко работење и ефикасно управување со ризиците** | | |
| Континуирано унапредување на транспарентноста на компанијата | Завршено | - Изготвување на ESG извештај со детални податоци од сите сегменти<br>- Отворање на нови канали за информирање на јавноста за активностите на компанијата |
| Компаниските етички и стандарди за усогласеност да бидат целосно интегрирани во операциите на нашите капитално поврзани друштва во светот | Во тек | - Започнат е процесот на имплементирање на Код за деловно и етичко однесување и стандардите за усогласеност во нашите капитално поврзани друштва во светот |
| Одржување на Системот за управување со животна средина согласно барањата на стандардот ISO 14001 - без големи (major) наоди, усогласеност со регулаторните барања од областа на животна средина, барањата и очекувањата на заинтересираните страни и со обврските дадени во дозволи и решенија од Државни и регулаторни институции. | Завршено | - Екстерна проверка од Quality Austria се спроведе од 13.04 – 18.04.2022. . Нема идентификувано големи (major) наоди.<br>- Воспоставениот систем за животна средина преку неговите клучни елементи; управување со аспектите на животна средина, цели и програми за подобрување, промени од области на животна средина, реагирање и истраги при еколошки инциденти, мониторинг и мерење на влијанијата врз животна средина е усогласен со законската регулатива, имплементирани стандарди и други барања кои ги прифатила организацијата. |
| Интегрирање на сите ESG ризици во постоечките процеси на управување со ризици / бази на оперативни и стратешки ризици. | Завршено | ESG ризиците се интегрирани во Интегрираниот менаџмент систем преку:<br>- Стратешките ризици на компанијата<br>- Идентификуваните Оперативни ризици за секој процес во Алкалоид АД Скопје<br>- Идентификувани аспекти врз животна средина од процесите во Алкалоид АД Скопје (Еколошки Мастер Планови по ОЕ/Програма<br>- Изработените Проценки на ризик за секое работно место" |
| Дефинирање на позицијата Офицер за ризици и континуитет во работењето во рамките на организациската структура | Завршено | - Позицијата на Офицер за ризици и континуитет во работењето  е дефинирана во Организациската шема |
| Дефинирање на составот и улогата на Одборот за управување со ризици и континуитет во работењето кој организациски директно одговара на највисокиот менаџмент. | Завршено | - Донесена е Одлука за членови на Одборот за управување со ризици и континуитет во работењето и Тим за управување со ризици и континуитет во работењето со примарни одговорности<br>- Изработена е Процедура за управување со ризици во која се детално дефинирани одговорностите на Одборот и Тимот. |

# Преглед на најзначајните ESG-индикатори на АЛКАЛОИД АД Скопје

Повеќе информации за овие и останатите ESG-индикатори во продолжение на ESG-извештајот и неговите прилози

| Индикатор | 2022 година | Мерна единица | GRI / останати ESG индикатори |
|---|---|---|---|
| Вкупно создаден отпад | 815.617,00 | t | GRI- 306-3-a |
| Опасен отпад | 115.731 | t | GRI- 306-3-a |
| Неопасен отпад | 699.886 | t | GRI- 306-3-a |
| Рециклиран отпад | 697.387 | t | GRI- 306-4-a |
| Депониран отпад | 118.320,00 | t | GRI- 306-5-a |
| Комунален отпад | 4.550,00 | m3 | GRI- 306-5-a |
| Површинска вода | 0,00 | ML | GRI- 303-3 |
| Подземна вода | 143.989,00 | ML | GRI- 303-3 |
| Вода добиена од трета страна | 190.915,00 | ML | GRI- 303-3 |
| Површинска вода + Подземна вода + Вода добиена од трета страна | 334.904,00 | ML | GRI- 303-3 |
| Електрична енергија | 13.778,00 | MWh | GRI-302-1 |
| Нафта | 196.250,00 | L | GRI-302-1 |
| Природен гас | 2.235.058,00 | Nm3 | GRI-302-1 |
| Емисии од стационарни извори- Опсег 1 | 2.332,38 | t CO2 eq | GRI-305-1 |
| Емисии од мобилни извори - Опсег 1 | 395,88 | t CO2 eq | GRI-305-1 |
| Емисии од опрема за ладење - Опсег 1 | 26,54 | t CO2 eq | GRI-305-1 |
| Емисии од откупена електрична енергија- Опсег 2 | 9.811,20 | t CO2 eq | GRI-305-2 |
| Деловно патување - Опсег 3" | 61,40 | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| Транспорт на вработени до работно место - Опсег 3 | 14,96 | t CO2 eq | GRI-305-3 |

# Преглед на најзначајните ESG-индикатори на АЛКАЛОИД АД Скопје

Повеќе информации за овие и останатите ESG-индикатори во продолжение на ESG-извештајот и неговите прилози

| **Индикатор** | **2022 година** | **Мерна единица** | **GRI/ останати ESG индикатори** |
|---|---|---|---|
| Вкупен број на вработени во компанија | 2.617 | број на вработени | останати ESG индикатори |
| Вкупен број на вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје | 1.975 | број на вработени | останати ESG индикатори |
| Процент на вработени, жени | 59% | процент на вработени | GRI-405-1 |
| Процент на жени на раководни позиции | 46% | процент на вработени | GRI-405-1 |
| Стапка на нововработени | 9,37% | процент на вработени | GRI-401-1 |
| Стапка на заминати од компанијата (turnover) | 2,72% | процент на вработени | GRI-401-1 |
| Просечен број на часови тренинг по вработен на годишно ниво | 121 | часови | GRI-404-1 |
| Процент на задоволство на вработени | 71,74% | процент на задоволство | останати ESG индикатори |
| Вкупно пријавени избегнати несреќи | 17 | број на пријавени избегнати несреќи | GRI-403-2 |
| Смртни случаи | 0 | број и стапка на смртни случаи | GRI-403-9 |
| Повреди со тешки последици | 0 | број и стапка на повреди со тешки последици | GRI-403-9 |
| Евидентирани повреди | 44 | број на евидентирани повреди | GRI-403-9 |
| Фреквенција на евидентирани повреди | 11,36 | Стапка на евидентирани повреди на 1.000.000 | GRI-403-9 |
| Тежина на повреди | 21,44 | Стапка на тежина на повреди | останати ESG индикатори |
| Повреди / 1000 вработени | 19,66 | Број на повреди на 1000 вработени | останати ESG индикатори |


АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# Општествена одговорност во нашата компанија

Општествената одговорност, како концепт на влијание врз општеството и врз животната средина, е високо позициониран приоритет во корпоративната стратегија на АЛКАЛОИД АД Скопје. Во рамките на нашето работење, преку транспарентно и етичко однесување ја искажуваме нашата заложба да придонесуваме за одржлив развој и за поддршка на сите засегнати страни.

Општествената одговорност е стратешки интегрирана во целокупниот бизнис-процес на компанијата. Реализацијата на конкретни активности и проекти е од огромно значење за доброто на заедницата во која живее и работиме, преку кои постојано и интензивно вложуваме во подобрување и во унапредување на сите услови и сфери од општественото опкружување.

Свесни за влијанието што го имаме врз сите аспекти на општеството, а во согласност со политиката за општествена одговорност, нашата компанија, преку различни соработки, проекти и активности, континуирано ја потврдува својата изразена стратешка определба за поддршка во сите сфери на општествениот, економскиот, на образовниот, здравствениот и на културниот живот во Македонија. Преку реализација на различни проекти, донации и активности, приспособени на потребите на опкружувањето, безрезервно и континуирано придонесуваме за подобрување, унапредување и за развој на заедницата во која живееме и работиме.

# Донации и спонзорства

**Донација на патничко возило на Државниот архив**

Како компанија која веќе деветта деценија негува исклучителна корпоративна општествена одговорност, уште еднаш ја потврдивме нашата посветеност и грижа спрема општествените чинители.

Овојпат, преку донација на патничко возило за потребите на Републичкиот државниот архив, како компанија дадовме своја поддршка, со цел подобрување на условите за работа и олеснување при извршувањето на секојдневните активности и обврски на оваа институција.






**Донација на лабораториска опрема на Средното медицинско училиште СМУГС „д-р Панче Караѓозов“ - Скопје**

Во духот на досегашната успешна и долгогодишна соработка со Средното медицинско училиште СМУГС „д-р Панче Караѓозов“ во Скопје, а за потребите на опремување на нивната училишна лабораторија, доделивме донација на училиштето во вид на лабораториска опрема.

Лабораториската опрема, која се состои од лабораториски дејонизатор на вода со капацитет за производство на 30 l/h прочистена вода, ќе придонесе за успешна организација и изведба на планираните вежби во склоп на практичната настава во училиштето, како и за подобрување и за унапредување на условите во образованието на учениците.

Во насока на унапредување на образовниот систем, во изминатиот период веќе две парцијално дуални паралелки од училиштето се дел од нашата компанија, при што учениците дел од наставната програма по предметот Учење преку работа ја реализираат во нашата најсовремено опремена тренинг-лабораторија во рамките на Центарот за едукација и за обуки.

Преку реализација на голем број проекти во делот на образованието ги истакнуваме заложбата и придонесот во активностите за општествена одговорност во насока на подобрување на условите за правилен развој и за квалитетно образование на младите.




**АЛКАЛОИД АД Скопје станува партнер на СОС детското село**

СОС Детско село - Северна Македонија е дел од интернационална организација којашто работи во 136 земји во светот веќе 70 години и е посветена на помош и на поддршка на најранливите – децата.

СОС детското село во земјава има помогнато на повеќе од сто илјади деца, овозможувајќи им поддршка, љубов, топол дом, чувство на припадност и на сигурност, квалитетно образование, посигурна иднина и можност да имаат поубаво детство. Во минатото нашата компанија во неколку наврати ја има поддржано оваа организација, а сега започнуваме една нова стратешка соработка преку именување на една од куќите во „Бекутан“.

Грижата за децата е основната цел на двата ентитети. Таканареченото кумство на куќата Бекутан, освен финансиска поддршка, претставува и основа за градење искрени релации меѓу згрижувачкото семејство кое живее во куќичката и вработените во нашата компанија.

Ова стратешко партнерство ќе продолжи и во 2023 година преку заеднички активности во текот на годината, кои ќе се одвиваат под мотото „Секое дете е наша грижа“.



**Донација на компјутерска опрема на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ)**

Информатичката технологија и квалитетното образување стручен кадар во оваа област се од витално значење за општеството и за деловниот сектор. Во таа насока, нашата компанија склучи меморандум за соработка со Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, со цел поддршка и вложување во унапредувањето на образовниот систем во Македонија.

Со овој меморандум се утврдува рамката во која ќе се реализира соработката меѓу потписниците за работи од заеднички интерес, базирани на искористување на научностручните, професионалните, материјално-техничките и на просторните услови на двете страни, насочени спрема унапредување на едукативните, истражувачките и на апликативните активности од областа на информатичките науки и компјутерското инженерство.

Како прв чекор за започнување на оваа успешна соработка со ФИНКИ, донираме серверска опрема од познатиот производител IBM (USA), наменета за збогатување на лабораториската и на информатичката инфраструктура на Факултетот, со што ќе се овозможи подобрување на квалитетот на образовниот процес и унапредување на условите за изведување на наставата и на стручните вежби за студентите.

**АЛКАЛОИД АД Скопје - долгогодишен поддржувач на Ракометната федерација на Македонија**

Она што е особено важно и клучно за нас како успешна компанија е да ги препознаеме вистинските вредности во сите сегменти на нашето живеење и дејствување, а во исто време со нашите активности и проекти на општествена одговорност да иницираме и да придонесеме за подобрување на условите во сите сфери на општественото опкружување и дејствување. Се разбира, една од поважните сфери е спортот.

Секоја поддршка за спортот и за спортските тимови претставува дополнителен мотив и сигурност за спортот во насока на развој, усовршување и на вложување во иднината. Спорт во кој сме најуспешни е, секако, ракометот, спорт со кој како народ се гордееме.

Како и успехот на една компанија така и успехот во спортот се темели на одлучност, јасна визија, поставени цели, на посветеност, тимска работа и на натпреварувачки дух. Горди на успесите на македонскиот ракомет, безрезервно ја изразуваме нашата долгогодишна поддршка на патот кон успехот, со верба и со желби да помогнеме во остварувањето на целите и на амбициите и во иднина.



# Хуманитарни активности




**Две масовни крводарителски акции во АЛКАЛОИД АД Скопје**

Со масовен настан за крводарување по повод 14 јуни – Светскиот ден на крводарителството – нашата компанија ја продолжи петдецениската традиција на организирање крводарителски акции со вработените.

Под мотото „Дарувај крв, спаси живот“, 130 алкалоидовци изразија волја за дарување крв во колективната акција, која се одржа во Центарот за едукација и за обуки на АЛКАЛОИД АД Скопје, во соработка со Црвен крст и со Институтот за трансфузиона медицина.

Меѓу нашите вработени кои даруваа крв имаше и вистински рекордери со повеќе од 30 дарувања, но многубројни се и вработените од помладата генерација кои за првпат даруваат крв, што е за посебно поздравување. Во исто време имаше и првократни крводарители од помладата генерација вработени, кои допрва ќе го промовираат ваквиот чин на солидарност во компаниските редови. Крводарителството е доброволен чин и индивидуален одраз на хуманост и на солидарност.

Со оглед на големиот интерес од нашите вработени, истата година во декември реализиравме и втора масовна крводарителска акција, во која 150 пријавени алкалоидовци изразија волја за крводарување. Во двете акции во компанијата дарувани беа вкупно 290 единици крв. Едно крводарување може да спаси 3 до 4 човечки животи.

Во насока на уште поголема афирмација на доброволното крводарителство и во знак на изразување почит и благодарност спрема големиот број крводарители од своите редови, креиравме посебен визуелен идентитет – лого на Друштвото на крводарители. Афирмацијата на доброволното крводарителство и изразувањето благодарност спрема големиот број алкалоидови крводарители се едни од главните цели на Друштвото на крводарители, кое активно фунционира во рамките на компанијата повеќе од 50 години.

**Донирај облека – сподели добрина!**

Во духот на компаниските вредности, нашата компанија организираше нова хуманитарна акција, повторно во соработка со Црвениот крст.

Преку оваа акција вработените кои имаат облека која не им е потребна, а која е употреблива и во добра состојба, можеа да ја донираат на наменските пунктови поставени во рамките на сите локалитети на компанијата, во времетраење од 2 недели, во периодот од 19 до 30 септември 2022 година.

Уште на самиот почеток на оваа хуманитарна акција алкалоидовци изразија силна волја и безрезервно се вклучија со свој придонес. Акцијата резултираше со околу 1.900 кг донирана облека. Во контејнерите за донирање облека на Црвениот крст, лоцирани на територијата на Град Скопје и низ неколку општински организации, во текот на една година се собираат повеќе од 4 тони облека, кои најпрвин се селектират, а потоа се дистрибуираат до крајните корисници (институции, семејства и поединци). Овие донации годишно им помагаат на повеќе од 1000 лица со социјален ризик кои се обратиле за помош.

„Донирај облека – сподели добрина“ е една во низата соработки меѓу АЛКАЛОИД АД Скопје и Црвениот крст, кои траат со години и кои резултираат со голем хуманитарен ефект во интерес на оние на кои им е најпотребна помош, вреднувајќи ги хуманоста, човечката солидарност и општествената одговорност, пред сè!





# Поддршка за општата јавност со информативна и едукативна содржина

**Дигитална кампања „60 секунди здравје!“**

Јадрото на корпоративната матрица на битисување на нашата компанија од речиси девет децении го чинат луѓето. Здравјето на секој поединец, како фокус на една деловна култура и етика, го конструира најцврстиот столб на компанискиот раст и развој. Оттука, подредувањето на примарните приоритети низ напредокот на компанијата започнува од вработениот како единка, од неговото семејство и од здравјето и благосостојбата како императив на заедничката интеракција. Водени од нашата максима „Здравјето пред сè“ и следејќи ги трендовите во дигиталниот маркетинг, во 2022 година, во рамките на корпоративните комуникациски активности, беше лансирана дигиталната кампања со назив „60 секунди здравје!“. Концептот „60 секунди здравје“ е вовед во едно ново поглавје, преку кое ние како компанија со изострено чувство за одговорност спрема општеството, имаме цел ефектно кревање на свеста за грижата за здравјето на поединецот, како и едукација на публиката за важноста и за значењето на здравјето, здравите навики и на здравиот начин на живот.

Кампањата е составена од кратки видеа, лесни за гледање и едукативни, за различни прашања на темата здравје. Овој нов пристап на дејствување неслучајно започнува од најмладите, затоа што токму тие се врската со новото време кое допрва доаѓа. Во видеозаписите „60 секунди здравје“ децата на вработените во нашата компанија одвреме-навреме нè потсетуваат како треба да се однесуваме при најобичните животни рутини.

А првото видео го емитувавме на 7 април, Светскиот ден на здравјето. Токму на овој ден ние и нашите дечиња почнавме серија влогови посветени на темата со наслов „60 секунди здравје“. Светскиот ден на здравјето, 7 април, се одбележува секоја година, во пресрет на годишнината на Светската здравствена организација, уште од далечната 1948 година. Овој ден е своевиден аларм кој треба да го привлече вниманието на светската јавност за најважните проблеми поврзани со здравјето на глобално ниво. Годинешното мото беше „Наша планета – наше здравје“, алудирајќи на поврзаноста на човекот со планетата Земја и на постојаната интеракција со неа од моментот на раѓање како нераскинлив дел од екосистемот. Прашањето за здрава животна средина е тесно поврзано со прашањето за здравјето на секој поединец. Во видеозаписот ги запрашавме малите членови на големото семејство АЛКАЛОИД АД Сккопје што е здравје. Иако тие и ние, големите, имаме различни перцепции за поимот, согласни сме во едно: здравјето е најважното нешто во животот!

# Поддршка на стручната јавност




**Пронет - модерна дигитална платформа за медицинските лица**

Луѓето пред сè е иницијална написла на корпоративниот процес за унапредување на комуникацијата меѓу сите засегнати страни. Во насока на поддршка на стручната јавност и во чекор со светските деловни трендови, во 2022 година ја лансиравме „Пронет“, модерна дигитална платформа наменета за тоа да овозможи континуирана поддршка за здравствените професионалци во секојдневната грижа за пациентите, преку современа дигитализирана мрежа за размена на корисни информации.

„Пронет“ ќе помогне за дигитализација и за модернизирање на комуникацијата на нашата компанија со медицинските лица и со јавноста истовремено. „Пронет“ овозможува брз и лесен пристап до најнови научни информации, едукативни содржини и до корисни алатки од голема помош за здравствените работници во земјава, како и јасен и едноставен пристап до најновите клинички упатства, во согласност со докажаните медицински практики и со медицината базирана на докази.

Дополнително, таа содржи и детални информации за фармацевтското производствено портфолио на АЛКАЛОИД АД Скопје во делот на регистрирани лекови, медицински средства и додатоци во исхраната. Овој дигитален концепт вклучува и стручни содржини од повеќе медицински гранки и специјалности, групирани според терапевтските области, како и понуда на иновативни дигитални алатки, стручни методолошки калкулатори, дијагностички тестови и анамнестички прашалници. Научни трудови, специјализирани статии и елаборации од еминентни имиња во македонското здравство и сервисни информации за настани, вебинари и за симпозиуми се, исто така, дел од содржината на платформата.

Како компанија остануваме доследен генератор во процесот на професионализација на сите сегменти од дигиталното функционирање на своите клучни дејности и на нивните чинители. Нашата мисија во иднина е „Алкалоид пронет“ да се развие во подетален и релевантен медицински информатор за здравствените работници во нашата земја, а нашата визија е „Алкалоид пронет“ да прерасне и во платформа од регионални размери.




**АЛКАЛОИД АД Скопје главен поддржувач на Третата балканска педијатриска школа во Скопје**

Во рамките на Третата балканска педијатриска школа со меѓународно учество, која се одржа од 26 до 28 октомври во хотелот „DoubleTree by Hilton“, нашата компанија пред стручната јавност одржа симпозиум посветен на линијата Sensitive од продуктното портфолио на Becutan, производи за нега на кожата на децата. Наш предавач пред големиот број педијатри и професионалци од педијатриската дејност и од сродните дејности беше реномираниот неонатолог, прим. д-р Марина Поп Лазарова, која низ стручна презентација го претстави новото портфолио „Becutan Sensitive“, споделувајќи иницијални, најнови сознанија од истражувањето спроведено во соработка со голем број родилишта во Македонија.

На овој настан свое претставување имаше и линијата „Becutan KidsVits“, додатоци во исхраната и медицински средства, формулирана според најновите научни сознанија, фармацевтски стандарди и здравствени препораки.

Третата балканска педијатриска школа со меѓународно учество, во организација на Здружението на педијатри на Македонија, ја проследија стотина професионалци од областа на педијатријата и на сродните дејности. Богатата програма на тридневниот настан вклучи еминентни предавачи од сиот свет, а стручниот дел се темелеше на неколку главни теми: ретки болести, неонатологија, аутизам, неврологија, имунизација, пулмологија и алергологија.



**АЛКАЛОИД АД Скопје домаќин на стотина странски учесници на VII Конгрес на фармацијата**

АЛКАЛОИД АД Скопје, како континуиран поддржувач на стручни, научни и на истражувачки настани кои имаат големо влијание врз целокупниот развој на фармацијата и на медицината во земјава и пошироко, и годинава достојно ја презеде улогата на традиционален, главен поддржувач на VII Конгрес на фармацијата во Македонија, со меѓународно учество, кој се одржа од 5 до 9 октомври во Охрид. Како платинест спонзор на овој домашен настан од интернационален карактер, ја помогнавме целокупната организација на Конгресот, кој во својот програмски фокус ги имаше современите трендови во фармацијата и можностите и предизвиците со кои се соочува оваа динамична дејност.

Во рамките на формалниот програмски дел, организиравме свој симпозиум посветен на улогата на фармацевтите во минатото, сегашноста и во иднината, давајќи одговор на клучните прашања околу сеприсутноста на фармацевтите низ развојот на фармацевтската дејност, преку стручните предавања на еминентни експерти во својата област.

Повеќе од 850 гости од странските претставништва и од базата на АЛКАЛОИД АД Скопје беа дел од Конгресот. Учесниците беа едногласни дека секоја можност за меѓусебна средба и размена на искуства е додадена вредност на компанијата, која во преден план секогаш ги има своите вработени. Долгогодишните соработници на АЛКАЛОИД од регионот беа децидни дека успешната соработка, која во повеќето случаи трае со децении, се должи, пред сè, на квалитетот на производите, но и на начинот на кој компанијата ги цени и ги вреднува сите засегнати страни во рамките на системот на соработка.

Како компанија континуирано инвестираме и ќе продолжиме да инвестираме и во иднина во образование, нови технологии, во опрема, знаење и во кадар, притоа применувајќи ги најстрогите стандарди во фармацевтската индустрија. Овие постулати се длабоко вкоренети во нашата деловна стратегија.






# Поддршка на спортот, културата и на образованието

**Спортот во АЛКАЛОИД**

Напредокот на секоја индивидуа, заедница, компанија зависи од напредокот на општеството во целина! Силно посветени да дејствуваме во насока на подобрување, унапредување и на поддршка на заедницата во сите општествени сфери, од особено и витално значење се грижата и поддршката на спортот.

Водени од нашата максима Здравјето пред сè, спортот е една од највиталните активности, која придонесува за промовирање здрав живот, па поттикнати од тоа, во делот на корпоративната општествена одговорност и култура, безрезервно и постојано вложуваме во него.

Спортот во АЛКАЛОИД е неизоставен дел од историјата и од сегашноста на компанијата!

Поддршката на македонскиот спорт како општествена одговорност е привилегија, а директната инволвираност и придонесот во спортот се гордост на секој еден вработен во АЛКАЛОИД АД Скопје. Наша гордост се нашите спортски клубови - двата ракометни и едниот шаховски клуб – РК Алкалоид, РК Мулти Есенс и ШК Алкалоид.






**Формирани два ракометни клуба – РК Алкалоид и РК Мулти Есенс**

**Историска сезона за РК Алкалоид закитена со шампионски пехар**

РК Алкалоид е формиран во 2021 година со примарна цел младите ракометни таленти кои имаат потенцијал и желба за напредок правилно да се насочат и да се развиваат во врвни играчи со позитивни животни вредности.

Визијата на клубот е да се стреми кон европските ракометни стандарди на професионална работа, промоција на модерен ракомет и на издигнување на играта на највисоко ниво, а мисијата на клубот е со специфични тренинзи и методи на стручна работа младите надежи кои ќе ги регрутираме да прераснат во квалитетни ракометни играчи.

РК Алкалоид, по успешниот настап во дебитантската сезона во Првата лига, обезбеди пласман во Суперлигата во сезоната 2022/2023 под водство на првиот тренер на тимот, македонската ракометна легенда Кирил Лазаров. Нашата младинска екипа е нов државен младински првак, а кадетскиот тим сезоната ја заврши како вицепрвак на Македонија.

Во 2022 г. формиран е и РК Мулти Есенс, екипа составена од помлади талентирани играчи кои формираат база на играчи што имаат младински репрезентативен потенцијал. Нашите клубови имаат и голем младински погон со пријавени 98 ракометари во младинските категории, поделени во пет екипи што играат во три возрасни категории: У14, У16 и У18. РК Алкалоид им посвети особно внимание на најмладите и отвори свои ракометни школи во Скопје и во неколку градови во Македонија. Во првата сезона повеќе од 500 деца беа дел од ракометните школи под патронат на РК Алкалоид.



**АЛКАЛОИД АД Скопје отвори едукативен шаховски дом**

Шаховскиот клуб „Алкалоид“ е основан на 26 март 1976 година и важи за еден од најдобрите европски клубови. Во својата историја има огромна колекција на титули, од кои најпрестижна е освоеното злато на Европскиот клупски куп во Нови Сад во 2016 година.

Резултатите на нашиот клуб се импозантни: многу шампионски титули како во екипна така и во индивидуална конкуренција, во сениорски и во јуниорски категории, во машка и во женска конкуренција. Играчите имаат огромна колекција на титули: неколку индивидуални европски и олимписки медали, победи на меѓународни турнири, многу шампионски државни титули во сите конкуренции (сениорска/јуниорска, машка/женска) итн.

Водејќи се од значајното влијание на шахот во развојот на најмладите, во 2022 година Шаховскиот клуб „Алкалоид“ опреми ново, модерно катче наменето за шаховска едукација и за турнири за младите почнувајќи од 7-годишна возраст. Станува збор за две училници во центарот на Скопје, каде што најсилните македонски велемајстори ќе работат со најмладите во групи до 20 ученици.

Наставата во рамките на клубот ја водат лиценцирани тренери на Светската шаховска организација. Освен за членовите на клубот, шаховскиот дом е отворен за сите шахисти и љубители на шахот, кои имаат можност за едукација, дружење и за турнири. Според проценката на стручните експерти и на педагозите, шахот придонесува за развој на когнитивните способности кај најмладите, ја подигнува концентрацијата при учењето, ги подобрува аналитичкото размислување, решавањето проблеми и носењето одлуки, а во голема мера овозможува и дружење и креирање тимски дух.




**Фондацијата „Трајче Мукаетов“ додели 40 нови стипендии за учебната 2022/2023**

За петнаесет години постоење Фондацијата „Трајче Мукаетов“ има стипендирано 619 студенти по фармација и по медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, а за досегашните активности инвестирани се близу 120 милиони денари.

Фондацијата е формирана за целите на поддршка на проекти од сферата на фармацијата, медицината и на науката, пред сè, преку стипендирање млад, амбициозен кадар кој својата кариера им ја посветил токму на овие дејности.

За учебната 2022/2023 година Фондацијата „Трајче Мукаетов“ додели 40 нови стипендии. Во согласност со објавениот јавен конкурс, изборот на стипендистите за учебната 2022/2023 година е усвоен од Управниот одбор на Фондацијата, по предложената прелиминарна листа од комисиите за распределба на стипендии, во чиј состав членуваа претставници од Фондацијата, од двата факултети, како и претставници од редовите на студентите.



Следејќи ги сè поголемата експанзија на нашата компанија и сè поголемите потреби од компетентни и од мотивирани млади колеги, континуирано ги шириме своите програми за обучување на перспективни и амбициозни ученици и студенти.

Веќе неколку години успешно ја спроведуваме Програмата за млади таленти, во која се вклучени програмите за практикантство и за парцијално дуално образование.

**Програма за млади таленти - практикантство**

Од 2018 година 205 практиканти учествуваа во Програмата за млади таленти во АЛКАЛОИД АД Скопје, каде што имаа можност да се запознаат со процесите и со активностите во компанијата. Процентот на вработени практиканти од вкупната бројка изнесува 40 %.

Во Програмата за млади таленти, АЛКАЛОИД АД Скопје соработува со седум образовни институции. Имено, пет се високообразовни институции од кои четири се од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје и тоа: Фармацевтскиот факултет Скопје, Институтот за хемија при ПМФ Скопје, Технолошко – металуршкиот факултет Скопје, Медицинскиот факултет Скопје, како и една од Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, односно Факултетот за медицински науки. Дополнително, соработката има и со две средни училишта СМУГС „д-р Панче Караѓозов“ Скопје и СУГС „Марија Кири Склодовска“ Скопје.

Најголем број практиканти кои поминале пракса, но и кои се вработиле во компанијата се од Фармацевтскиот факултет - Скопје при УКИМ.






**Проект парцијално дуално образование**

Преку проектот за парцијално дуално образование на 44 ученици од Средното медицинско училиште СМУГС „д-р Панче Караѓозов“ Скопје, кои поминаа низ соодветен процес на регрутација и на селекција, им овозможивме добивање и практикување нови вештини во реални процеси во рамките на компанијата.

Во текот на јули 2022 година заврши првата учебна година за првата генерација на ученици на смерот Фармацевтски техничар во фармацевтската индустрија во парцијално дуалното образование, во соработка со СМУГС „д-р Панче Караѓозов“ Скопје, која брои 22 ученика.

Во септември 2022 година тековно продолжи образованието во четврта година од постоечката паралелка, но започна со настава и нова генерација на ученици во трета година (генерација 2022/2023), која, исто така, брои 22 ученика.

Практикантите и учениците имаат можност да учат и да изведуваат практична настава како во постојните оддели, така и во тренинг лабораторијата во Тренинг-центарот – Лафома, која е најмодерно опремена и која е специјално наменета за тренинг и за едукација.




**Алкалоидовци традиционално дел од „Wizz Air скопскиот маратон“**

Алкалоидовци традиционално, како и секоја година, учествуваа на 18-тиот по ред „WizzAir скопски маратон“, кој се одржа на 2 октомври 2022 година.

Многубројни во составот, 457 наши вработени се натпреваруваа во трката на 5 км со 396 тркачи, на полумаратонската трка со 57 тркачи и на маратонската трка со 4 тркачи. Алкалоидовците кои беа дел од маратонот ги потврдија заложбите за тимска игра и покажаа дека тимскиот дух е подеднакво важна движечка сила како на работното место така и во другите животни сфери.

И покрај силната конкуренција, нашиот женски тим на трката од 5 км успеа да се пласира на третото место од вкупно 141 екипа, додека, пак, машкиот тим се пласираше на петтото место од вкупно 141 екипа. Во полумаратонската трка женскиот тим се пласираше на високото осмо место, додека, пак, машкиот тим се пласираше на петнаесеттото место.

# Унапредување на условите за работа и важноста на задоволството на вработените



**Нов инвестициски проект посветен на вработените: AlkCaffee – уште еден чекор кон унапредување на условите за работа во АЛКАЛОИД АД Скопје**

Грижата за човечкиот капитал и за задоволството на вработените, како еден од врвните приоритети во нашата деловна политика и во секојдневното работење на нашата компанија, резултираше со реализација на уште еден нов инвестициски проект посветен на нашите вработени – катче за кратки паузи или т.н. AlkCaffee – во рамките на локалитетот во Автокоманда. Колективниот успех, покрај континуитетот во работата, подразбира и квалитетно искористување на времето за пауза, а овој проект нуди пријатна атмосфера, при што секој наш вработен ќе може одговорно да го помине времето наменето за одмор и за интеракција со колегите.

Во насока на нашите континуирани компаниски заложби за заштита на животната околина, а во чекор со светските трендови за зелена енергија, поставени беа и 3 паметни клупи, каде што вработените можат да ги полнат своите мобилни телефони и/или преносни компјутери користејќи ја сончевата енергија.







**AlkaCanteen - нова софтверска алатка за избор на оброк**

Нашите постојани заложби и инвестиции за модернизација, дигитализирање и за подобрување на процесите и на алатките не се секогаш поврзани само со нашите крајни производи. Грижата за нашите вработени за нас подразбира создавање пријатна и здрава работна средина, како и обезбедување опрема и алатки кои ќе го подобрат секој аспект од работењето.

Нашата најнова инвестиција AlkaCanteen - софтверска алатка која ќе ги задоволува потребите на вработените со можност за избор на оброк е направена токму во оваа насока, за да го подобри севкупниот квалитет на работната средина за нашите вработени, одејќи во чекор со светските трендови.

# Заштита на животната средина

**Возењето велосипед го чува здравјето, но и животната околина**

Првиот велосипед бил направен во 1817 година од германскиот барон Карл вон Драјс. Низ историјата овој изум добил голем број усовршувања, а денес важи за превозно средство кое е едноставно, достапно, одржливо, добро за човековото здравје и за животната околина.

Се претпоставува дека денес во светот постојат над една милијарда велосипеди.

Одењето на работа со велосипед е веќе востановена пракса во нашата компанија. Во 2022 година, на Светскиот ден на велосипедизмот, официјално пуштивме во употреба нови паркинзи за велосипеди, чиј број сега изнесува 120!



**Зелена акција „Засади дрво за јубилејот“ иницирана од британската Амбасада во Скопје**



Генералниот директор/Претседател на УО, Живко Мукаетов, на покана на британскиот амбасадор Метју Лосон, а во присуство на претставници на ЈП „Национални шуми“ - Скопје и на бизнис-заедницата, беше дел од настанот „Засади дрво за јубилејот“ (анг. „Plant a tree for the Jubilee“) во организација на британската Амбасада во Скопје.

Како компанија, со особено внимание и задоволство безрезервно се вклучивме во проектот „Иницијатива за садење дрвја“. Преку донираните финансиски средства за активностите за пошумување се обезбеди подготовка на терен со механизирана обработка на 1 хектар почва, како и набавка на 2.500 садници од видот јавор и багрем.

Со овој мал, но многу значаен гест уште еднаш испраќаме порака дека грижата за подобрување на заедничкиот живот во околината во која живееме и работиме треба да биде еден од најголемите приоритети на сите компании, на секоја заедница и на секој поединец.

# Заштита и спасување

**Оперативно-тактичка вежба за вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје**

Вработени од неколку организациски единици во нашата компанија учествуваа во оперативно-тактичката вежба во случај на несреќа/инцидент, која беше спроведена во соработка со Противпожарната бригада на Град Скопје, а под надзор на Дирекцијата за заштита и спасување, а со поддршка на припадниците на Единицата за атомска биолошка и хемиска одбрана при Армијата на РСМ. Целта на вежбата беше совладување на постапките што би ги презеле вработените во случај на истекување поголема количина на хемикалија, што, меѓу другото, би можело да предизвика пожар.

На изведувањето на самата вежба му претходеа голем број активности, како на пример: изработка на елаборат за изведување вежба, дефинирање објект/простор каде што таа би се реализирала, дефинирање сценарио, пробни активности со цел проверка на сценариото, реализирање теоретска обука од стручни надворешни соработници, која е во насока на споделување нивни знаења и искуства во областа, итн.

Ваков тип вежби се одржуваат на сите локалитети во рамките на нашата компанија, во организација на Штабот за заштита и спасување и на одделите Обезбедување и заштита и Одбрана, заштита и спасување и управување со кризи.



# Награди, признанија и сертификати

**АЛКАЛОИД АД Скопје со признание „Правен субјект кој најмногу инвестира во здравјето и безбедноста на своите вработени“**

Прва награда за добрите практики за безбедност и здравје при работа за 2021 год, во категоријата „Правен субјект со најмногу инвестиции во безбедноста и здравјето на своите вработени“, доделена во рамките на Конференцијата во организација на 3 (три) невладини здруженија за безбедност и здравје при работа на која присуствуваа преставници на македонското Министерство за труд и социјална политика, националниот Совет за безбедност и здравје при работа и на Меѓународната организација на трудот, по повод 28 април - Светскиот ден на безбедноста и на здравјето при работа.



**АЛКАЛОИД АД Скопје одбележа 25 години успешна соработка со „Quality Austria“**

Награда „25 years ISO 9001 certified“, Quality Austria



**Активностите на АЛКАЛОИД АД Скопје вброени меѓу најдобрите практики во сферата на општествената одговорност за 2021 година**



Национална награда во 2021 г. за најдобри практики во сферата на општествената одговорност за проектот „Фотоволтаична електрана“, во категоријата „Однос кон животна средина кај големи претпријатија“, доделена од Министерството за економија и од Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата.



Национална награда во 2021 г. за најдобри практики во сферата на општествената одговорност за проектот „Луѓето пред сè“, во категоријата „Етичко управување кај големи претпријатија“, доделена од Министерството за економија и од Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата.




Благодарница за учество во националната Награда за најдобри практики во сферата на општествената одговорност во 2021 г. за проектот „Програма на млади таленти – практиканство во АЛКАЛОИД АД Скопје“, во категоријата „Вложување во заедницата кај големи претпријатија“, доделена од Министерството за економија и од Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата.










Признание за успешно спроведената практика во сферата на општествената одговорност во 2021 г. за проектот „Заштита на вработените во време на Ковид-19“, во категоријата „Однос кон вработените кај големи претпријатија“, доделена од Министерството за економија и од Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата.

Сертификат за успешно спроведената практика од сферата на општествената одговорност во 2021 г. за проектот „Фотоволтаична електрана“, во категоријата „Однос со животна средина кај големи претпријатија“, доделена од Министерството за економија и од Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата.

Сертификат за успешно спроведената практика од сферата на општествената одговорност во 2021 г. за проектот „Луѓето пред сè“, во категоријата „Етичко управување кај големи претпријатија“, доделена од Министерството за економија и од Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата.

**АЛКАЛОИД АД Скопје со признанија од Македонската берза**

Акција на годината за 2022 г. по избор на јавноста

Акција на годината со најголем пораст на прометот во 2022 г.

Стаклено ѕвоно за 2022 г. за најтранспарентно котирано акционерско друштво по избор на медиуми

Стаклено ѕвоно за 2022 г. за најтранспарентно котирано акционерско друштво по избор на пазарните учесници



**АЛКАЛОИД АД Скопје - добитник на наградата за корпоративна филантропија за 2021 година**




**АЛКАЛОИД АД Скопје - добитник на плакета за долгогодишен придонес и особен развој како основач и премиум членка, доделена од Европската Бизнис Асоцијација (ЕБА)**



## Сертификати




**ЛИЧНА СЕРТИФИКАЦИОНА КАРТА НА КОМПАНИЈАТА**

- МАЛМЕД- сертификати за GMP сообразност
- JAZMP - сертификати за GMP сообразност
- МИНПРОМТОРГ - сертификати за GMP сообразност
- SMDS - признавање на сертификати за GMP сообразност
- ISO 9001, ISO 14001, ISO 13485, ISO 45001 сертификати
- FSSC 22000 сертификат
- HACCP сертификат
- HALAL сертификат
- EU, JAS, USDA-NOP и PCM сертификати за органско производство
- CE сертификат
- Kosher





# III. Животна средина



# III. Животна средина

АЛКАЛОИД АД Скопје е глобална корпоративна општествено одговорна компанија, која е посветена на еколошките, општествените и на корпоративните влијанија, како и на влијанието на активностите на компанијата врз луѓето и врз околината.

Стратегијата на АЛКАЛОИД АД Скопје е воспоставена преку примена и преку негување одржлива еколошка одговорност, еколошки индустриски политики, еколошки и одржлив дизајн, еколошка едукација, циркуларна економија, обновлива енергија и еколошки развој, со крајна цел создавање одржлива еколошка вредност на компанијата.

Приоритет во деловната стратегија на АЛКАЛОИД АД Скопје е создавањето поздрава животна средина за заедницата, што го постигнуваме преку примена на најновите достигнувања во областа на одржливиот еколошки развој, преку одржување на системот за управување со животната средина како дел од интегрираниот менаџмент-систем, преку поставување одржливи еколошки цели, преку клучни мерни индикатори и преку воспоставување на GRI-стандардите како рамка на ESG-известувањето.

Воспоставените практики за управување со аспектите на животната средина, тимската работа и несебичното вложување на секој вработен се основните карактеристики за градење одржлив систем за управување со животната средина и за здрава животна средина за сите нас.

При сите наши активности настојуваме да ги подобриме перформансите за заштита на животната средина првенствено преку:

- производство на сопствена обновлива енергија;
- промовирање на енергетската ефикасност во сите активности и процеси;
- континуирана примена на добрите практики за управување со отпадот;
- избегнување, намалување, повторна употреба и рециклирање на отпадот;
- инкорпорирање на еколошкиот пристап во развојот на производите;
- следење и практична примена на најновите иновации во областа на управувањето со водните ресурси, заради постигнување поефикасно управување со потрошувачката на вода;
- следење и практична примена на најновите иновации во областа на енергетската ефикасност, како и на транспортните и на производствените системи, како начин за подобро постигнување климатска неутралност.

Во прилог ги прикажуваме клучните елементи и подобрувањата на системот за управување со животната средина и за набљудување на влијанијата и на усогласеноста со националната законската регулатива и со другите барања; проектите за подобрување на перформансите на животната средина, како и реализацијата на одржливите еколошки цели и клучни мерни индикатори за 2022 година.

Покрај националната законска регулатива, како основа за изработка на извештајот се користат и GRI-стандардите, како рамка на ESG-известувањето.

**Систем за управување со животната средина**

Системот за управување со животната средина, во согласност со меѓународниот стандард ISO 14001, е воспоставен во сите организациски единици на АЛКАЛОИД АД Скопје, АЛКАЛОИД КОНС, АЛКАЛОИД ДОО Белград и на АЛКАЛОИД веледрогерија ДОО Белград.

Системот за управување со животната средина е дел од интегрираниот менаџмент-систем на АЛКАЛОИД АД Скопје.

**ИМС-политика**

Изјавата за заложбата на менаџментот во однос на зачувувањето на животната средина е дефинирана во ИМС-политиката на АЛКАЛОИД АД Скопје.

**ESG-политика**

АЛКАЛОИД АД Скопје постојано тежнее кон поздрав свет, кон супериорен квалитет на производите и на услугите, како и кон висока професионалност и континуиран успех, а императив ни е заштитата на интересите на сите вклучени страни. Основна определба ни е грижата за здравјето и за квалитетот на животот на секој човек, како и за системот на здравствена заштита и за животната средина. Нашата заложба е континуирано унапредување на здравјето на луѓето, што се одразува и преку нашето мото ЗДРАВЈЕТО ПРЕД СÈ!



**Енергетска политика**

Во енергетската политика на АЛКАЛОИД АД Скопје е дефинирана заложбата на раководството да ја промовира долгогодишната економска, еколошка и општествена одржливост преку намалување на енергетскиот интензитет, подобрување на енергетската перформанса и преку ефикасно управување со енергетските ресурси.

**Политика за јаглероден отпечаток**

Целта на оваа политика е да се дефинира пристапот за управување со јаглеродниот отпечаток во АЛКАЛОИД АД Скопје, преку примена на принципите за одржлив развој на Обединетите нации и на насоките од Европскиот зелен договор на Европската комисија за намалување на негативните влијанија од климатските промени.

**Политика за управување со отпадот**

Дефинирање на пристапот за управување со отпадот во АЛКАЛОИД АД Скопје преку примена на принципите за одржлив развој на Обединетите нации и на насоките од Рамковната директива за отпад 2008/98/ЕС.

**Политика за воден отпечаток**

Дефинирање на пристапот за управување на користењето на водата во АЛКАЛОИД АД Скопје преку примена на принципите за одржлив развој (SDG6) на Обединетите нации и на насоките од Рамковната директива за води на Европската комисија 2000/60/ЕС.

**Еколошки аспекти врз животната средина (ЕМП)**

Во АЛКАЛОИД АД Скопје е воспоставен систем за идентификување и за оценување на аспектите врз животната средина од сите процеси што се реализираат. Идентификуваните аспекти се следат и се набљудуваат на одредена фреквенција, во согласност со дефинираните обврски во законската регулатива од областа на животната средина.

Законската регулатива, во однос на емисиите во животната средина, параметрите и на фреквенцијата на набљудување, е дефинирана во:

- А интегрираната еколошка дозвола за ПЦ Фармација на локалитетот во Автокоманда УП1-11/3 бр. 466/2021;
- А интегрираната еколошка дозвола за ПЦ Фармација на локалитетот во Ѓорче Петров УП1-11/3 бр. 704/2021;
- А интегрираната еколошка дозвола за ПЦ ХКБ, програма хемија, на локалитетот во Ѓорче Петров УП1-11/3 бр. 705/2021;
- елаборат за животната средина за ПЦ ХКБ, програма козметика, на локалитетот во Ѓорче Петров бр. 08-3931/1;
- елаборат за животната средина за ПЦ ХКБ, програма билка, на локалитетот во Аеродром бр. 08-4743/2.

**ЕМИСИИ ВО ВОЗДУХОТ**

Мерењата на емисиите во воздухот во горенаведените документи се дефинирани како што следува.

**1. Во ПЦ Фармација на локалитетот во Автокоманда се** дефинирани 10 (десет) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на воздухот (квартални мерења), односно:

- А1, А2 и А8 – испусти од котларата, од каде што во атмосферата со отпадните гасови има емисија на загадувачки супстанции: цврсти честички (SPM), CO, CO2, NOx, SO2 и цврсти честички прашина;

- А3, А4, А5, А6, А7, А9, А10 – испусти од системот за отпрашување, поставени во Производство – фармација, од каде што во атмосферата со отпадните гасови се очекува емисија на цврсти честички (ПМ).

**2. Во ПЦ Фармација на локалитетот во Ѓорче Петров (производство на цефалоспорини и производство на фармацевтски суровини)** се дефинирани 5 (пет) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на **воздухот** (квартални мерења), односно:

- А1, А2, А3 – испуст од системот за отпрашување поставен во погонот за производство на цефалоспорини, од каде што во атмосферата со отпадните гасови се очекува емисија на цврсти честички (ПМ);

- А4 и А5 – испуст од локален вентилациски систем поставен во погонот за производство на фармацевтски суровини, од каде што во воздухот со отпадните гасови се очекува емисија на испарливи органски соединенија - Volatile Organic Compound (VOC).

**3. Во ПЦ ХКБ, програма хемија, на локалитетот во Ѓорче Петров** се дефинирани 11 (единаесет) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на воздухот (квартални мерења), односно:

- А1, А2 и А3 – испусти од котларата, од каде што во атмосферата со отпадните гасови има емисија на загадувачки супстанции: цврсти честички (SPM), CO, $CO_2$ ,$NO_x$, $SO_2$ и цврсти честички прашина;

- А4 – испуст од хаубата над реакторот (оксидоредукциски процес за добивање сребрени соли) во погонот за неоргански синтези, од каде што во атмосферата со отпадните гасови има емисија на азотни оксиди, сребро (Ag) и на водна пареа.

и 7 споредни (помали) испусти на отпадни гасови и на загадувачки супстанции во воздухот во животната средина, и тоа:

- од А5 до А11 – испусти од хаубите над реакторите, упарувачите, кристализаторите и над сушарите (процеси на неутрализација, растворање и на упарување на неорганските хемикалии) во погонот за неоргански синтези, од каде што во атмосферата со отпадните гасови се очекува емисија на водна пареа.



**4. Во ПЦ ХКБ, програма билка**, се дефинирани **4 (четири) мерни места** за земање мостри и за следење на квалитетот на воздухот (**квартални мерења**), односно:

- две мерни места – испуст од системот за отпрашување, од каде што во атмосферата со отпадните гасови се очекува емисија на цврсти честички (ПМ);

- А1 и А2 – испуст од котларата, од каде што во атмосферата со отпадните гасови има емисија на загадувачки супстанции: цврсти честички (SPM), CO, $CO_2$ ,$NO_x$, $SO_2$ и цврсти честички прашина.

5. Од **ПЦ ХКБ, програма козметика, не се идентификувани испусти во воздух.**

Прилог 1: Мониторинг на емисии во воздух, вода и бучава



> Во АЛКАЛОИД АД Скопје е воспоставен систем за идентификување и за оценување на аспектите врз животната средина од сите процеси што се реализираат

## ЕМИСИИ

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 305)**

**Начелата на стандардот GRI 305 емисии,** кои се однесуваат на емисиите на супстанции од одреден извор во атмосферата, се воспоставени за пресметка и за следење во однос на основните процеси што ги спроведува компанијата.

Овие видови емисии вклучуваат: стакленички гасови (GHG), супстанции што го осиромашуваат озонот (ODS), азотни оксиди (NOX) и сулфурни оксиди (SOX) меѓу другите значителни емисии во воздухот.

Емисиите во воздухот, во согласност со GRI-стандардот, се групирани на следниов начин:

• директни (опсег 1) емисии на стакленички гасови;

• енергетски, индиректни (опсег 2) емисии на стакленички гасови;

• други индиректни (опсег 3) емисии на стакленички гасови.

**Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за емисии**

Емитирани стакленички гасови во 2022 год.





**ЕМИСИИ ОД ОТПАДНАТА ВОДА**

Мерењата на емисиите од отпадната вода се дефинирани како што следува.

**1. Во ПЦ Фармација на локалитетот во Автокоманда** се дефинирани 3 (три) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на отпадните води (месечни мерења), односно:
- С1 и С3 – емисиски точки од Производство – фармација;
- С2 – емисиска точка од Контрола на квалитет.

**2. Во ПЦ Фармација на локалитетот во Ѓорче Петров, производство на цефалоспорини и производство на фармацевтски суровини,** се дефинирани 2 (две) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на отпадните води (месечни мерења), односно:
- С1 – емисиска точка од погонот за производство на цефалоспорини и С2 – емисиска точка од погонот за производство на фармацевтски суровини.

**3. Во ПЦ ХКБ, програма хемија, на локалитетот во Ѓорче Петров** е дефинирано 1 (едно) мерно место за земање мостри и за следење на квалитетот на **отпадната вода** (месечни мерења), односно:
- С1 – емисиска точка од производството на програмата хемија.

**4. Во ПЦ ХКБ, програма козметика,** отпадната вода се следи преку емисиска точка од производството на програмата хемија.

**5.** Од **ПЦ ХКБ, програма билка,** е дефинирано 1 (едно) мерно место за земање мостри и за следење на квалитетот на отпадната вода (годишно мерење), односно:
- С1 – емисиска точка од производството на програмата билка.

*Мерењата се презентирани во Прилог 1: Мониторинг на емисии во воздух, вода и бучава

**Вода и ефлуенти**

(Известувањето е направено врз основа на GRI 303)

Начелата на стандардот GRI 303, вода и ефлуенти, се воспоставени за пресметка и за следење на користењето на водата и на емисиите во водната средина кои можат да влијаат врз квалитетот на водата.

**• Енергетски биланс на успехот**

Преку континуираниот надзор, водните проверки и преку мерките за намалување на потрошувачката на вода, во последните 5 години се преполови потенцијалната потрошувачка на вода. Со натамошните планирани мерки за идните години можно е достигнување на уште подобри резултати, сѐ до постигнувањето целосна водна независност.

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за вода и за ефлуенти




- GRI 303-3 – исцрпување на водата

**Управување со отпадот**

За да се постигне ефикасност на материјалите што се користат во АЛКАЛОИД АД Скопје, потребно е да се намалат количината на грешките и непотребната употреба на суровината. Сепак, кога материјалот завршува како отпад, ефикасноста се подобрува со искачување повисоко на хиерархијата од пет нивоа за постапување со отпадот. Колку е повисоко нивото во хиерархијата толку е поголема вредноста на излезниот материјал. Оттука, пристапот во АЛКАЛОИД АД Скопје вклучува и користење на материјалниот отпад на повисоките нивоа во хиерархијата на отпадот. Одржливиот развој е еден од најважните предизвици со кои се соочува АЛКАЛОИД АД Скопје, па затоа континуирано работиме за да ги намалиме климатските промени и за да ја заштитиме животната средина од потенцијалните влијанија врз процесот на управување со отпадот. Со постојано растечката побарувачка за ресурси, зголемувањето на цените и со недостигот од ресурси на пазарите, ефикасното користење на материјалите станува приоритет меѓу оперативните стратегии на АЛКАЛОИД АД Скопје



**АЛКАЛОИД АД Скопје е посветен на:**

- избегнување и намалување на отпадот;
- повторна употреба и рециклирање на отпадот;
- практики за управување со отпадот, кои ги штитат животната средина и заедницата;
- инкорпорирање на најдобрите практики за управување со ризик и за безбедност и здравје на работното место во управувањето со отпадот;
- негување на организациската култура која промовира најдобра практика за управување со отпадот и за враќање на ресурсите;
- ангажирање на засегнатите страни и охрабрување на однесувањето за управување со отпадот;
- развивање и одржување еколошки рамки и известување што го промовира интегритетот на податоците и што овозможува транспарентна комуникација и континуирано подобрување.





**Отпад**

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 306)**

- GRI 306-3 – создаден отпад

- GRI 306-4 – отпад што не се депонира

- GRI 306-5 – отпад што се депонира

На следните графикони се презентирани податоците за вкупно создадениот отпад во Алкалоид АД Скопје. Создадениот отпад по локалитети е презентиран во Прилог 2. Пресметка на создаден отпад по локалитети.

Вкупно создаден отпад во Алкалоид за 2022 год.



> АЛКАЛОИД АД Скопје во деловната стратегија и во грижата за животната средина ја препознава енергетската ефикасност како приоритет

**Енергии**

АЛКАЛОИД АД Скопје во деловната стратегија и во грижата за животната средина ја препознава енергетската ефикасност како приоритет. Континуираната грижа за енергијата како фундаментален аспект во секој процес, проект, производ и капацитет резултираше со повеќе значајни инвестициски и оперативни мерки кои беа спроведени во 2022 година.

Континуирано работиме на намалување на енергетскиот интензитет; обезбедуваме континуирано подобрување на нашите енергетски перформанси преку обезбедување информации и ресурси, преку кои ги постигнуваме нашите насоки и цели; се придржуваме до законските и до другите барања во однос на енергијата и на ефикасната употреба на енергијата и преземаме подобрувања на енергетските перформанси преку проектирање и преку промени во нашите погони, објекти, опрема, системи и процеси.





**Енергетски биланс на успехот**

Преку континуираниот надзор и преку енергетските проверки и мерки за намалување на потрошувачката на енергенси во последните 5 години успеавме да ја намалиме за околу 20 % потенцијалната потрошувачка на енергија. Со натамошните планирани мерки за идните години можно е достигнување уште подобри резултати, сè до постигнувањето целосна енергетска независност.

## Постигнати намалувања од проектите за ефикасност





## Енергии

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 302)**

Начелата на **стандардот GRI 302 енергии** се воспоставени за пресметка и за следење информации и податоци што се однесуваат на начинот за тоа како компанијата управува со влијанијата поврзани со користењето енергија.

- GRI 302-1 – потрошувачка на енергија во рамките на компанијата

- GRI 302-3 – енергетски интензитет

- GRI 302-4 – намалување на потрошувачката на енергија

## Потрошувачка на енергија од необновливи и обновливи извори



## Вкупна Енергенсна и Енергетска Ефикасност



## Потрошувачка на Енергија за греење



## Количина на намалувања на потрошувачката на енергија

Количина на намалувања на потрошувачката на гориво GRI 302-4-а




Количина на намалувања на потрошувачката на електрична енергија GRI 302-4-а




Количина на намалувања на потрошувачката на природен гас за греење GRI 302-4-а



## Интензитет на воден ресурс

| Енергенс | Мерка | Година | Вредност |
|---|---|---|---|
| **Вода** | | | |
| | (m³/t) | 2019 | 25,7 |
| | (m³/t) | 2020 | 17,9 |
| | (m³/t) | 2021 | 17,7 |
| | (m³/t) | 2022 | 17,5 |




## Енергетски интензитет [MWh/t]

| Енергенс | Мерка | Година | Вредност |
|---|---|---|---|
| **Електрична енергија** | | | |
| | (MWh/t) | 2019 | 0,84 |
| | (MWh/t) | 2020 | 0,77 |
| | (MWh/t) | 2021 | 0,82 |
| | (MWh/t) | 2022 | 0,72 |




## Интензитет на течно гориво [l/t]

| Енергенс | Мерка | Година | Вредност |
|---|---|---|---|
| **Течно гориво** | | | |
| | (l/t) | 2019 | 108,7 |
| | (l/t) | 2020 | 50,7 |
| | (l/t) | 2021 | 12,9 |
| | (l/t) | 2022 | 11,2 |




## Интензитет на природен гас [Nm3/t]

| Енергенс | Мерка | Година | Вредност |
|---|---|---|---|
| **Гас природен** | | | |
| | (Nm3/t) | 2019 | 56,7 |
| | (Nm3/t) | 2020 | 103,4 |
| | (Nm3/t) | 2021 | 159,0 |
| | (Nm3/t) | 2022 | 116,9 |





# IV. Општествени прашања





# IV. Општествени прашања

Ние како компанија вложуваме голема посветеност во грижата за своите вработени, но, исто така, и во многу проекти кои се од општествено важен карактер, водејќи се според една од нашите клучни вредности, а тоа е дека луѓето се пред сè. АЛКАЛОИД АД Скопје денес е она што е благодарение на својот стручен кадар, кој секојдневно се вложува во секој процес и производ. Преку промоција на Кодот за деловно и етичко однесување промовираме и се придржуваме до нашите клучни вредности, кои, покрај важноста на луѓето, промовираат ***и интегритет и чесност, лидерство базирано на вредности и креирање на најдобрите резултати заедно***

**повеќе инфо**

На анкетата за посакуван работодавец, спроведена од порталот Vrabotuvanje.com, дури 41 % од испитаниците (601) се изјасниле дека би работеле во АЛКАЛОИД АД Скопје како еден од најпосакуваните работодавци.

**Вработени и процес на регрутација и на селекција**

Во насока на континуиран раст и развој на компанијата, алкалоидовото семејство постојано се зголемува со вработување стручен кадар, кој ќе нè одведе кон нови постигнувања. Во моментов компанијата брои вкупно 2.617 вработени од кои 1.975 вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје, 44 во капитално поврзаните друштва во земјата и 598 вработени во капитално поврзаните друштва и претставништвата во странство. Во текот на 2022 година го зголемивме семејството за 185 вработувања во АЛКАЛОИД АД Скопје. Дел од нив поминаа низ процесот на интерна селекција, преку која охрабруваме и овозможуваме кариерен развој за постојните вработени.

Во текот на изминатата година активно работевме на дигитализација на процесот на вработување, што резултираше со нов софтвер за регрутација и за селекција и со нова апликација за кариера.

На анкетата за посакуван работодавец, спроведена од порталот Vrabotuvanje.com, дури 41 % од испитаниците (601) се изјасниле дека би работеле во АЛКАЛОИД АД Скопје како еден од најпосакуваните работодавци.

## Полова структура на нововработени



**Тренинг и развој на вработените**

Ние во АЛКАЛОИД АД Скопје негуваме култура на континуирано вложување во тренинг и во едукација на нашите вработени, во насока на надградување и на унапредување на нивните знаења, вештини и компетенции. Нашата мисија е континуиран кариерен развој и усовршување за сите наши вработени, како и следење на најновите трендови во индустријата.

Со оваа цел реализираме голем број екстерни и интерни обуки на годишно ниво. Просечниот број на тренинг-часови од вработен за 2022 година изнесува 121 час.

Подетални информации во Прилог 3.

## Приказ на часови на интерни и екстерни обуки



IV. Општествени прашања

**Задоволството на вработените**

Во АЛКАЛОИД АД Скопје промовираме култура во која мислењето и гласот на вработените се слуша, а нивното мислење и задоволство се од особено значење за нас.

Во годишното истражување за задоволството на вработените, спроведено во септември 2021 година, учествуваа **1515 вработени**, а индексот на задоволство на вработените изнесува **71,74 %**. Врз основа на добиените резултати од ова истражување, презедовме повеќе акциски планови и активности кои произлегоа од него, сè со цел добросостојба за сите наши вработени.

**Систем за управување со таленти и учинок**

Една од нашите главни цели е вработените да се чувствуваат вреднувано за нивниот ангажман, а во согласност со нивниот ефект правилно да се насочат во нивниот развој и соодветно да бидат наградени. Промовираме дијалог и комуникација на сите нивоа, што овозможува вработените да даваат и да примаат евалуација за својот ангажман. Во таа насока, во процесот на оценување и на давање повратна информација се вклучени **700 вработени.**

Во годишното истражување за задоволството на вработените, спроведено во септември 2021 година, учествуваа 1515 вработени, а индексот на задоволство на вработените изнесува 71,74 %

544 деца беа активно вклучени во оваа програма.

**Бенефиции за вработените**

Следејќи ги клучните компаниски вредности, а водени од грижата за вработените и за членовите на нивните семејства, обезбедуваме бенефиции за нашите вработени, како што се програмата за бенефиции за децата на вработените и дополнителното здравствено осигурување.

Преку програмата за бенефиции за децата на нашите вработени обезбедуваме финансиска партиципација за доедукација од областа на изучувањето странски јазици и на компјутерските вештини, за активности од областа на науката и на културата или за спортски и танцови активности.

Во 2022 година **544 деца** беа активно вклучени во оваа програма.

Следејќи го нашето главно мото ***Здравјето пред сè***, обезбедуваме и приватно здравствено осигурување за сите наши вработени, со поволни услови за проширување на пакетот и на нивните семејства.

**Програма за млади таленти**

Веќе неколку години успешно ја спроведуваме и програмата за млади таленти, во која се вклучени програмите за практикантство и за парцијално дуално образование. Веќе кај 5-тата генерација по ред ја спроведуваме програмата за млади таленти, преку која **205 практиканти** од различни образовни институции имаа можност да се запознаат со процесите и со активностите во АЛКАЛОИД АД Скопје, а 80 од нив ја продолжија својата кариера во компанијата. Преку проектот за парцијално дуално образование на 44 талентирани и амбициозни ученици од Средното медицинско училиште СМУГС „д-р Панче Караѓозов“ им овозможивме добивање и практикување нови вештини во реални процеси во рамките на компанијата.

Со овие проекти продолжуваме да вложуваме во едукацијата на млад, стручен кадар во нашата земја, кој има можност да реализира практична настава во најсовремено опремениот Центар за едукација и за обуки на компанијата, како и на реални работни места. Во склоп на Центарот за едукација и за обуки постои и тренинг-лабораторија, која е опремена со најсофистицирана опрема, во која учениците и студентите имаат единствена можност да учат во најсовремени услови. Во иста насока продолжуваме и во иднина за да растеме со исто темпо.

> Спроведуваме политика на еднаква можност и на еднаков третман за сите, создавајќи атмосфера во која секој вработен има можност да ги покаже своите вредности, а со тоа да придонесе за поголем компаниски успех.

**Фер третман на сите вработени**

Во секојдневната комуникација, како и при изборот на соработниците, партнерите, на кандидатите за вработување, клиентите и на нашите вработени ние застапуваме политика на недискриминација на сите основи и во согласност со нашите клучни вредности ја промовираме различноста со восхит и со емпатија.

Спроведуваме политика на еднаква можност и на еднаков третман за сите, создавајќи атмосфера во која секој вработен има можност да ги покаже своите вредности, а со тоа да придонесе за поголем компаниски успех.

Во АЛКАЛОИД АД Скопје имаме вработени со најразлично ниво на образование и промовираме култура на еднаква полова застапеност.

Подетални информации во Прилог 3.

## Полова структура на вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје




## Образовна структура АЛКАЛОИД АД Скопје



# Безбедност и здравје при работа



## Систем за управување со безбедност и здравје при работа

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 1)**

Системот за безбедност и здравје при работа е фундаментален дел од воспоставениот интегриран менаџмент-систем во рамките на компанијата. Корпоративниот слоган „Здравјето пред сè“, исто така, го претставува и значењето на безбедноста и на здравјето на вработените, соработниците и на сите оние кои на каков било начин се опфатени со функционирањето и со процесите на АЛКАЛОИД АД Скопје. Највисоката цел секогаш е континуираното подобрување на системот за безбедност и здравје при работа, преку кој се постигнува постојано намалување на ризиците и на опасностите кои може да бидат закана за безбедноста и за здравјето на вработените и на другите засегнати страни. Компанијата, покрај тоа што е насочена кон исполнување на барањата од законската регулатива во државата, исто така, е фокусирана и на исполнување на голем број барања што произлегуваат од меѓународните регулативи и стандарди, како што е ISO45001.

Во текот на 2021 година инвестирани беа во просек **1.320 евра од вработен**, со што компанијата се здоби и со признанието **Работодавец со најмногу инвестирани средства во безбедност и здравје при работа**, доделена од невладини здруженија од областа по повод Светскиот ден за безбедност при работа. Воспоставениот систем во целост ги опфаќа сите аспекти на процесите и на активностите што се извршуваат при секојдневното работење и е со цел континуирано унапредување на безбедноста и подобрување на условите за работа на сите вработени и контрактори во рамките на АЛКАЛОИД АД Скопје. Со цел примена и одржување на самиот систем, вработени се повеќе стручни лица за безбедност при работа во компанијата, но се користат и услуги од стручни лица од надворешни овластени компании.

**Идентификација на опасности, проценка на ризици и истрага на инциденти**

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 2)**

Проценката на ризици за секое работно место е основниот елемент на системот за безбедност и здравје при работа. Во оваа насока се преземаат повеќе активности кои се со цел прецизно идентификување на ризиците (општи и специфични), кои натаму резултираат со преземање повеќе мерки според хиерархиската контрола (елиминација, замена, инженерски контроли, административни контроли, лична заштитна опрема), чиј краен резултат е сведување на можноста од појава на повреда на работното место на минимум.




Покрај проценките на ризикот на работните места и примената на безбедносните мерки што произлегуваат од нив, компанијата применува и други алатки и методологии за препознавање ризици и опасности што произлегуваат од работните процеси и за нивно елиминирање или сведување на прифатливо ниво, кое може да се контролира со воспоставените мерки.

Една од овие алатки е и постапката за истрага на инциденти, кои се, всушност, и законска обврска при настанувањето повреда, но и постапката за истрага на избегнатите несреќи и пронаоѓање на главната причина за појава на тие несакани настани, а понатаму и дефинирање на најразлични технички, организациски, превентивни мерки или задолжување со ЛЗО, кои ќе спречат повторување на опасните настани и на потенцијалното настанување повреда. Уште една алатка се големиот број редовни и вонредни обиколки и надзори што се извршуваат од инспекциските тела и од претставниците на работниците, како и надворешни и внатрешни проверки итн., а преку кои се воочуваат евентуалните недостатоци или можности за подобрувања. Идентификацијата на опасности и проценката на ризик се неизоставен дел од процесот за контрола на промени (промена во технолошкиот процес и во опремата, промена на работните простории итн.)

| Индикатори за идентификација на опасности и ризици поврзани со работата за 2022 година | |
|---|---|
| **Вкупно** ажурирани проценки на ризик | 26 |
| **Вкупно пријавени избегнати несреќи** | **17** |

## Безбедност и здравје при работа

### Изјава за медицина на трудот

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403- 3)**

Водењето грижа за здравјето и за благосостојбата на сите вработени е една од основите врз кои се темели системот за безбедност и здравје при работа. Во таа насока, АЛКАЛОИД АД Скопје има потпишано договори со повеќе овластени установи за медицина на трудот, при што, во зависност од законските барања и од потребите, сите вработени подлежат на соодветни здравствени прегледи, кои се извршуваат, пред сè, врз основа на проценетите ризици на работното место. Прегледите се извршуваат од докажани специјалисти по медицина на трудот, вработени во овластените установи со кои компанијата има склучено договор.

Од извршените здравствени прегледи во текот на 2022 година се утврдени следните податоци:

| Договори за соработка со Здравствени установи за медицина на труд | 4 |
|---|---|
| Податоци за превентивни здравствени прегледи | Број на вработени |
| Вкупно извршени превентивни здравствени прегледи во 2022 | 1991 |
| Издадени препораки за контролен преглед или било каква друга препорака | 83 |

Здравствените прегледи се изведуваат со цел следење и оцена на здравствената состојба и на работната способност на секој вработен. Тие, во согласност со интерните процедури, се извршуваат во текот на работното време, а податоците содржани во извештаите се строго заштитени во согласност со законските прописи во државата.



**Учество на вработените, нивно информирање и консултирање**

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403-4)**

Комуницирањето претставува уште еден суштински дел во синџирот за реализација на целите за безбедност и здравје при работа. Постојат неколку воспоставени практики во работењето на компанијата, преку кои веруваме дека протокот и споделувањето информации и учеството на вработените во сите аспекти од безбедноста и здравјето при работа се одвиваат непречено. Давањето право на учество и споделувањето предлози и мислења се реализираат преку назначените претставници на работниците, чии права и одговорности се дефинирани и опишани во Правилникот за претставниците на работниците за безбедности и здравје при работа на АЛКАЛОИД АД Скопје, донесен од врвното раководство. Дополнително, покрај претставниците на работниците, во рамките на системот за управување функционира и Одбор за безбедност и здравје при работа, во кој, покрај претставник од редот на вработените (координатор), учествува и назначено стручно лице за безбедност при работа, како и претставник на менаџментот на компанијата.

Својата улога Одборот ја остварува преку следење на примената на правилата за безбедност и здравје при работа, преку превенција од ризиците при работа и во врска со работата, како и преку нејзиното влијание врз здравјето и врз безбедноста на работниците. Одборот за безбедност и здравје при работа донесува заклучоци/препораки/мислења за сите аспекти поврзани со системот за управување.

Безбедност и здравје при работа

## Обуки за безбедност и здравје при работа

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 5)**

Една од детектираните силни страни на АЛКАЛОИД АД Скопје е компетентниот и посветен кадар. Менаџментот и раководството се посветени на континуираното зголемување на таа компетентност преку најразлични програми за обуки, усовршувања на знаењата, преку работилници итн. Покрај законските обуки, доколку се утврди (преку претходно споменатите алатки и методологии) дека е потребно актуализирање на некоја тема, тоа се прави преку организирање работилници или обуки за насочени теми од областа на безбедноста и здравјето при работа. Во согласност со националното законодавство и со применетиот стандард, обуките се задолжителни за сите вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје. Воспоставената програма за обуки има цел запознавање на вработените со ризиците за секое поединечно работно место, па така обуки за безбедност и здравје при работа се реализираат при секое ново вработување, при промена/преместување на ново работно место или при промена и воведување нова опрема или средства за работа.

Обуките се реализираат во текот на работното време, а трошокот за нив е целосно покриен од компанијата. Покрај основните и законски задолжителните обуки за безбедност и здравје при работа, вработените и практично се запознаваат со постапките во случај на опасност, кои опфаќаат основна обука за противпожарна заштита, преку која вработените се запознаваат со постапките за користење противпожарни апарати, како и со насоките за евакуација и со излезите надвор од објектите. Дополнително, вработените се обучуваат и за укажување прва помош, во согласност со законските прописи и обврски. Континуитетот на спроведување на овој процес овозможува намалување на можностите од појава на повреди на работното место, но и одржување здрава и безбедна работна средина за сите вработени и посетители.

| **Обуки за безбедност и здравје при работа во 2022 година** | **Број на вработени** |
|---|---|
| Број на реализирани обуки согласно законска регулатива | 775 |
| Број на реализирани специфични обуки за безбедност и здравје при работа | 300 |
| Број на реализирани обуки за прва помош | 45 |
| Број на реализирани обуки за ПП заштита | 610 |

Безбедност и здравје
при работа



**Промовирање и унапредување на грижата за здравјето на вработените**

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 6)**

Грижата за здравјето и за добросостојбата на вработените е еден од најважните постулати во нашите секојдневни процеси и во севкупното функционирање на компанијата. Наш врвен приоритет како компанија е да обезбедиме заштита за вработените при извршувањето на секојдневните работни обврски, но, исто така, и соодветна и квалитетна грижа за нивното здравје. Во таа насока, започнувајќи од почетокот на 2020 година, сите наши вработени беа опфатени со програмата за доброволно приватно здравствено осигурување, која има цел да обезбеди лесен и достапен пристап до врвна здравствена услуга во сите приватни установи во државава. Сите трошоци врзани за дополнителното доброволно здравствено осигурување се покриени од АЛКАЛОИД АД Скопје.

Дополнително, во соработка со нашите партнери, обезбедуваме термини за бесплатно користење спортски игралишта и сали, каде што вработените може да спортуваат и да се опуштаат по завршувањето на работното време.

Програмите за грижа за здравјето, покрај вработените, ги опфаќаат и нивните семејства, па така АЛКАЛОИД АД Скопје секоја година ги поттикнува здравјето и благосостојбата на сите деца на вработените преку финансирање вонучилишни активности (вклучувајќи и спортски) во времетраење од една учебна година.

**Превенција и намалување на безбедносните влијанија директно поврзани со деловните односи**

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 7)**

Сеопфатниот систем во себе ги вклучува и сите аспекти на безбедноста и здравјето при работа на сите изведувачи и подизведувачи со кои АЛКАЛОИД АД Скопје има формален договор за деловна соработка. Со овој договор се опфатени сите обврски кои, според националното законодавство, мора да бидат исполнети за да може да се започне изведувањето на договорените активности, а меѓу другото тој се однесува и на:

- нивото на професионална и на техничка стручност на надворешните изведувачи;
- користењето на ЛЗО;
- изработката на план за БЗР пред започнување на активностите;
- регулирањето на обврската за надзор над изведувањето на активностите;
- исправноста на опремата што ќе се користи итн.

АЛКАЛОИД АД Скопје се обврзува сите надворешни изведувачи, пред започнувањето со активностите, да ги запознае со потенцијалните ризици, со правилата за ред и дисциплина, како и со постапките во случај на опасност итн. и да врши континуирана контрола врз примената на мерките за безбедност и за заштита на вработените на изведувачот.

# Безбедност и здравје при работа

## Опфатени вработени со системот за управување со безбедност и здравје при работа

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 8)**

Применетиот систем за безбедност и здравје при работа се однесува на вработените кои се вработени преку нашата компанија, како и на вработените кои се вработени во други правни лица, а кои, врз основа на договор, ги извршуваат своите работни активности во нашата компанија, независно од типот на вработување, бројот на работни часови, од локацијата и сл.

Системот подлежи на редовни интерни и екстерни проверки во согласност со утврдената програма, која има цел да ги оцени неговите перформанси и да детектира мерки за подобрување.

## Повреди при работа

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 9)**

| Повреди поврзани со работата на вработени во компанијата | 2022 |
|---|---|
| Број и стапка на смртни случаи | 0 |
| Број на повреди со тешки последици | 0 |
| Стапка на повреди со тешки последици | 0 |
| Број на евидентирани повреди | 44 |
| Стапка на евидентирани повреди (фреквенција) пресметка на 1.000.000 | 11,36 |
| Стапка на тежина на повреди | 21,44 |
| Број на повреди / 1000 вработени | 19,66 |

| | |
|---|---|
| Број на работни часови | 3.871.199 |
| Главна причина за повреди при работа | Лизгање, сопнување, паѓање и небезбедно ракување |
| **Повреди поврзани со работата на работници кои не се вработени, но се под контрола на компанијата** | |
| Број и стапка на смртни случаи | 0 |
| Број на повреди со тешки последици | 0 |

**Изјава за професионални заболувања**

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 10)**

| Професионални заболувања поврзани со работата на вработени во компанијата | 2022 |
|---|---|
| Евидентирани професионални заболувања | 0 |
| Број и стапка на смртни случаи како резултат на професионални заболувања | 0 |
| **Професионални заболувања поврзани со работата на работници кои не се вработени, но се под контрола на компанијата** | |
| Евидентирани професионални заболувања | 0 |
| Број и стапка на смртни случаи како резултат на професионални заболувања | 0 |



# V. Управување





# V. Управување

**Корпоративно управување**

Со донесувањето и со започнувањето со примена на Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонската берза, АЛКАЛОИД АД Скопје започна со нормирање на своите веќе постојни добри корпоративни практики, како и со воспоставување нови процеси во насока на усогласување со Кодексот. Во таа смисла, на Годишното собрание на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје, одржано на 4.4.2022 г., беа донесени измени и дополнувања на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, како и пречистена верзија од него, кои претставуваат нормативна претпоставка за примена на добрите корпоративни практики, за нивна организација и интеграција во рамките на целокупниот систем на компанијата, како и за дистрибуција на процесите до секоја организациска единица. Со утврдувањето на основните начела на добрите корпоративни практики во Статутот и врз нивна основа, АЛКАЛОИД АД Скопје понатаму продолжи со донесување други внатрешни акти, со кои подетално и подробно беа преточени принципите на Статутот во постапки, процедури и во механизми на усогласување на корпоративните процеси со добрите практики.

Во таа смисла, до крајот на 2022 година беше реализирана интензивна нормативна активност за измени и за дополнувања на постојни внатрешни акти, како и за донесување нови, а за првпат Надзорниот одбор на компанијата беше вклучен во нормативната дејност преку предлагање акти од поголемо значење за компанијата на Управниот одбор заради усвојување.

Имено, органите на компанијата донесоа нови деловници за својата работа, со кои беа заменети претходните, а кои имаа цел да ги модернизираат нивните надлежности и активности, да ги усогласат со новите услови и технички можности, но и да ги зајакнат добрите корпоративни практики на ниво на активности на секој поединечен орган. Со цел интеграција, синхронизација и нормирање постулати на меѓусебна соработка меѓу органите на компанијата, беше донесен и Правилник за меѓусебни односи на органите на АЛКАЛОИД АД Скопје, кој се очекува да одигра координативна улога во обезбедувањето соработка меѓу органите во примената на добрите корпоративни практики.

## V. Управување

АЛКАЛОИД АД Скопје, негувајќи ја долгогодишната практика на грижа и на соработка со своите акционери, во рамките на овој нормативен циклус, одлучи тој однос со акционерите, како една од своите најважни засегнати страни, да го стави на едно скалило погоре, преку усвојување Правилник за односи со акционерите, со кој овозможи поголема достапност, транспарентност и заштита на нивните права и интереси.

Во насока на зајакнување на транспарентноста на своето корпоративно управување, компанијата донесе Политика за наградување на вработените, раководните лица и на членовите на Управниот одбор, со која ги утврди начелата, принципите и критериумите за доследно вреднување на ангажманот и на заслугите на вработените, раководните лица и на членовите на Управниот одбор врз мериторна основа.

Со цел обезбедување на сите овие процеси, обединување и централизирање на поддршката на органите на управување, во насока на примена на сите нови или обновени акти од значење за корпоративното управување на АЛКАЛОИД АД Скопје, од почетокот на 2022 г. во компанијата се воведе нова функција, Корпоративен секретар, чија надлежност е стручна поддршка на органите, особено на Надзорниот одбор; толкување и примена на правните прописи поврзани со корпоративното управување во друштвото и на материјата од правото на трговските друштва, од хартиите од вредност и од правата на акционерите, како и во делот на односите на друштвото со надлежните институции поврзани со таа материја, особено со Берзата и со Комисијата за хартии од вредност.

Понатаму, на предлог на Надзорниот одбор, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје усвои Политика за спречување и управување со судир на интереси, како и Политика за односи со засегнати страни, со кои како компанија се етаблираме во редот на модерни компании со нормативни претпоставки за воспоставување одржлив и транспарентен систем на корпоративна усогласеност и управување. Политиката за спречување и управување со судир на интереси детално ги уредува основите на идентификување потенцијален и реален судир на интереси, постапката за утврдување судир на интереси, како и дефинирањето планови за управување со потврдени судири, додека, пак, засегнати страни, покрај тоа што ги идентификува засегнатите страни на компанијата, ги утврдува и модалитетите и каналите на комуникација со нив, како и начините за интеграција на ставовите, интересите и на потребите на засегнатите страни во деловната стратегија на компанијата.

Дел од новите или од обновените акти на АЛКАЛОИД АД Скопје имаат корпоративен карактер, во смисла што тие директно и непосредно важат, ќе се воведат и ќе се применуваат и во капитално поврзаните друштва, додека, пак, другите ќе се транспонираат во системот на внатрешни акти на нашите капитално поврзани друштва, до степен до кој можат да се приспособат на условите и на структурата на секое од нив.

> Да се дејствува со интегритет и со чесност е еден од основните предуслови за деловните успеси на АЛКАЛОИД АД Скопје

**Корпоративна усогласеност**

Да се дејствува со интегритет и со чесност е еден од основните предуслови за деловните успеси на АЛКАЛОИД АД Скопје. Поради тоа усогласеноста со локалните и со меѓународните прописи, но и со внатрешните акти, како и доброволната заложба и посветеност на раководната структура и на вработените за почитување на етичките принципи и стандарди се едни од најважните постулати врз кои компанијата ги темели своите деловни активности. Продолжуваме да ја следиме нашата цел за јакнење на довербата на сите вработени, на акционерите, на деловното опкружување, на надлежните институции, како и на другите засегнати страни во општеството во нашата посветеност и заложба за негување и за развој на корпоративниот интегритет на АЛКАЛОИД АД Скопје.

**Код на етичко и деловно однесување**

Кодот на етичко и деловно однесување на АЛКАЛОИД АД Скопје, кој е усвоен во јуни 2020 г., претставува клучен елемент во градењето на етичката корпоративна култура и гарантира одржлив раст и развој на компанијата. Тој претставува компилација на општоприфатените етички принципи и норми, поткрепен со механизми на приспособување и на транспонирање на тие норми и принципи на ниво на колективот на нашата компанија. Кодот, преку промоција на своите клучни вредности, со поддршка на системот за усогласеност на компанијата, има цел да овозможи секој наш вработен и секое раководно лице самостојно да носат етички одлуки во секојдневното работење, да ја живеат корпоративната култура на компанијата и да ја остваруваат нашата заедничка мисија и визија.

Во текот на 2022 г. компанијата, предводена од највисокото раководство, а со поддршка на офицерот за корпоративна усогласеност и на Комисијата за корпоративна усогласеност, продолжи да го развива овој процес преку институционална поддршка, обука на надлежните лица и преку подигање на свеста на вработените за етичко однесување и за градење корпоративен интегритет и култура.




превземи тука

ALKASPEAKUP

**Преглед на постапките за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување**

Во текот на 2022, Комисијата за корпоративна усогласеност на АЛКАЛОИД АД Скопје, преку AlkaSpeakUp платформата вкупно прими дванаесет содржини, од кои за четири од нив утврди дека ги содржат сите потребни елементи да бидат квалификувани како пријава за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување. Дополнително, Комисијата постапуваше и по три пријави, чии постапки беа отпочнати во 2021, од кои за една од нив, постапката беше завршена и беше усвоен наод. Надвор од AlkaSpeakUp платформата, во тек на 2022, Офицерот за корпоративна усогласеност прими усно на записник две пријави, за кои постапките се во тек. Комисијата за корпоративна усогласеност во 2023 продолжува да спроведува постапки по осум незавршени пријави, од кои три се во финална фаза на постапување.

**Антикорупциска политика**

Во Политиката се уредени сите аспекти на превенција и на санкција за недозволена исплата и за поткуп на јавни службеници и носители на јавни функции, како и за кои било други облици на корупција, како основни параметри на нашата интеракција со државната структура и со општеството во целина. Политиката има цел поблиску да ги образложи аспектите на некои од начелата на Кодот за етичко и деловно однесување и на Кодексот за интеракција со здравствените работници и за етичка промоција, чие правилно толкување и модалитети на примена се поактуелни и поприсутни во секојдневната работа на организациската структура на АЛКАЛОИД АД Скопје. Со Политиката се продолжува и се зајакнува заложбата на компанијата да обезбеди корпоративен интегритет и репутација, кои се базираат на чесност, фер однесување и на личен интегритет, применети на работните позиции што ги извршуваат сите вработени и раководни лица, како и сите други лица кои се поврзани на која било основа со компанијата.




**Кодекс за интеракција со здравствените работници и за етичка промоција**

Овој кодекс е од исклучително значење за компанијата, со оглед на тоа дека ги уредува промоцијата, комуникацијата и нашите интеракции со здравствените работници, со здравствените организации и со здравствената заедница во целина. Преку обука на нашите вработени за правилна примена на Кодексот, ние континуирано обезбедуваме нашите медицински претставници во целост да бидат усогласени со сите релевантни кодекси на индустријата, како и со важечките законски прописи. Преку примена на Кодексот медицинските претставници ги применуваат највисоките стандарди на етика и на деловни практики во интеракциите со здравствената заедница. Етичката промоција на нашите фармацевтски производи подразбира споделување информации кои се точни, избалансирани и кои не ги доведуваат во заблуда здравствените работници, додека, пак, промотивните материјали за нашите фармацевтски производи обезбедуваат соодветна проценка за придобивките и за ризиците од нашите производи во текот на нивната употреба, според информациите содржани во збирните извештаи за карактеристиките на лекот.

**Заштита на лични податоци**

АЛКАЛОИД АД Скопје ѝ посветува особено внимание на заштитата на личните податоци во сите свои деловни процеси, применувајќи ги стандардите утврдени со Законот за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија и со Општата регулатива за заштита на податоците - GDPR (EU) 2016/679 - на Европскиот парламент и на Советот на Европа, како и во согласност со стандардите кои постојат во рамките на компанијата. Во оваа смисла, ние продолжуваме да ги спроведуваме сите технички и организациски мерки за заштита на личните податоци на вработените, акционерите, деловните партнери, на посетителите, практикантите, кандидатите за вработување и на другите субјекти од кои АЛКАЛОИД, во текот на своите процеси, собира, обработува и чува лични податоци.

Внатрешните акти за заштита на личните податоци донесени во 2021 година целосно ја регулираат улогата на АЛКАЛОИД АД Скопје како контролор, но и како обработувач, за да се обезбеди сигурност во обработката на личните податоци. Во 2022 година, со цел усогласеност со законските начела, применети се дополнителни методи на транспарентност спрема субјектите на лични податоци, особено на корпоративната веб-страница.

повеќе инфо

Постојано продолжуваме да се усогласуваме со Општата регулатива за заштита на податоците на ЕУ (GDPR) и со другите прописи за приватност, преку примена и преку следење на практиките, политиките и на процедурите за приватност, поддржани со обуки и со активности за подигање на свеста. Ноември 2022 година беше прогласен како месец за подигање на свеста за заштита на личните податоци во АЛКАЛОИД АД Скопје и во неговите друштва на глобално ниво. На сите вработени им беа испратени прирачник и специјализирани брошури за заштита на личните податоци, како линк до обуки и до квиз, што збирно придонесе за подигнување на свеста на вработените генерално. Корпоративниот офицер за заштита на лични податоци тесно соработуваше на дневна основа со вработените од сите служби во компанијата, за да се обезбеди усогласеност со Политиката за заштита на лични податоци на АЛКАЛОИД АД Скопје.



# Управување со ризици и бизнис-континуитет

**Управување со ризици**

Процесот на управување со ризици во АЛКАЛОИД АД Скопје се основа врз добрата производствена пракса, барањата на стандардот ISO 31000, барањата на стандардите што ги применува компанијата, како и врз апликативните водичи. Процесот на управување со ризици е воспоставен од 2007 година како дел од интегрираниот менаџмент-систем.

Управувањето со ризици и бизнис-континуитетот се под надлежност на Одборот за управување со ризик, за кризна состојба и за одржување континуитет во работењето, на тимот за управување со ризик и за континуитет на работењето и на раководителите на организациските единици/сопственици на процесите.

Во 2015/2016 година АЛКАЛОИД АД Скопје ги идентификуваше сите потенцијални стратешки ризици на компанијата. Со овој важен исчекор менаџментот, Одборот и тимот иницираа континуирани активности за намалување на потенцијалните стратешки ризици на компанијата. Со задоволство може да истакнеме дека најголем дел од потенцијалните стратешки ризици се преведени во оперативни ризици, кои се управувани на дневно ниво од средниот менаџмент и од вработените.

На сликата се претставени основните чекори во процесот на управување со ризици, воспоставен во АЛКАЛОИД АД Скопје.

Како алатка за поддршка на процесот се користат регистар на стратешки ризици и регистар на оперативни ризици. Регистрите ни обезбедуваат сеопфатен преглед на ризиците, како и навремено идентификување и управување со факторите кои може да влијаат врз реализацијата на целите и врз стратегијата на компанијата.

Со континуираното преиспитување на ризиците постигнуваме намалување на веројатност од појава на ризици, намалување на сериозноста на последиците од ризици, како и преземање мерки со цел свесност, подготвеност, управување и одржување на ризиците на прифатливо ниво.

### Иницирање на процесот

Дефинирање на проблемот / ризик прашање, вклучувајќи релевантни претпоставки за можноста за ризик

### Проценка на ризикот

Проценката на ризикот се состои од идентификација на опасноста, анализа и оценка на ризикот поврзан со изложувањето на таа опасност

### Оценка на ризикот

Одредување на видот на ризиците и нивна анализа со поставените критериуми, со користење на релевантни и сеопфатни информации

### Контрола на ризик

Контрола на ризикот вклучува донесување на одлуки за редуцирање и / или прифаќање на ризикот

### Третман на ризикот

Намалување на ризикот предвидува процеси за намалување, редуцирање на прифатливо ниво или елиминирање на ризик кој го надминува прифатливото ниво

### Преглед на ризикот

Преглед на ризиците со цел на преиспитување на нивниот приоритет и значај согласно промените, неусогласености, корективните мерки

**Континуитет во работењето**

Процесот на управување со ризик е суштински елемент на воспоставувањето проактивен пристап, кој ќе обезбеди континуитет во работењето и подготвеност на компанијата да предвиди, да детектира и да одговори на негативните влијанија кои имаат потенцијал да го спречат извршувањето на критичните процеси во компанијата, постигнувајќи ги своите цели и исполнувајќи ги барањата на засегнатите страни за квалитет.

Во интегрираниот систем за квалитет на АЛКАЛОИД АД Скопје се воспоставени процедури за континуитет на деловното работење во областа на ИТ-безбедноста (2016 година) и на фармаковигиланцата (2015 година), како и во однос на партнерите (2019 година), пандемијата на COVID 19 (2020 година), природните катастрофи и друго.

На сликата ни се претставени основните чекори во процесот на управување со континуитет во работењето, воспоставен во АЛКАЛОИД АД Скопје.



За време на пандемијата се изработија планови за бизнис-континуитет за сите процеси во АЛКАЛОИД АД Скопје. Пандемијата нѐ поттикна да размислуваме подлабоко за процесот на управување со континуитетот во работењето. Подобрувањата во процесот на управување со континуитетот во работењето ги постигнавме со примена на барањата на стандардот ISO 22301, систем за управување со континуитетот во работењето.

Преку примена на системот за управување со континуитетот целиме кон постигнување на следните можности и придобивки:

- поддршка на стратешките цели и заштита и зајакнување на угледот на компанијата, кредибилитетот и на организациската подготвеност и отпорност;

- намалување на правната и на финансиската изложеност и намалување на директните и на индиректните трошоци при прекини/неочекувани појави;

- заштита на животот, имотот и на животната средина и обезбедување доверба во способноста на организацијата успешно да ги постигне своите цели;

- подобрување на способноста на деловните процеси да останат ефектни за време на прекини/неочекувани појави; ефектна, ефикасна и проактивна контрола на ризикот, како и идентификување и надминување на оперативните пропусти.

Ние сме целосно посветени на постојаното подобрување на овие две области – управување со ризици и континуитет во работењето на компанијата.



# VI. Други информации за извештајот

## VI. Други информации за извештајот

| GRI стандард | Опис на стандард | Референца |
|---|---|---|
| 302-1 | Energy consumption within the organization | Преглед на најзначајните ESG-индикатори - страна 34<br>Животна средина - страна 91 и 93 |
| 302-3 | Energy intensity | Животна средина - страна 91 и 93 |
| 302-4 | Reduction of energy consumption | Животна средина - страна 94 |
| 303-3 | Water withdrawal | Преглед на најзначајните ESG-индикатори - страна 34<br>Животна средина - страна 81 |
| 305-1 | Direct (Scope 1) GHG emissions | Преглед на најзначајните ESG-индикатори - страна 34<br>Животна средина - страна 78 |
| 305-2 | Energy indirect (Scope 2) GHG emissions | Преглед на најзначајните ESG-индикатори - страна 34<br>Животна средина - страна 78 |
| 305-3 | Other indirect (Scope 3) GHG emissions | Преглед на најзначајните ESG-индикатори - страна 34<br>Животна средина - страна 78 |
| 306-3 | Waste generated | Преглед на најзначајните ESG-индикатори - страна 34<br>Животна средина - страна 85<br>Прилог 2 - страна 159-163 |
| 306-4 | Waste diverted from disposal | Преглед на најзначајните ESG-индикатори - страна 34<br>Животна средина - страна 85<br>Прилог 2 - страна 159-163 |
| 306-5 | Waste directed to disposal | Преглед на најзначајните ESG-индикатори - страна 34<br>Животна средина - страна 85<br>Прилог 2 - страна 159 и 161-163 |

| | | |
|---|---|---|
| 401-1 | New employee hires and employee turnover | Преглед на најзначајните ESG-индикатори - страна 35<br>Прилог 2 - страна 165 |
| 403-1 | Occupational health and safety management system | Општествени прашања - страна 107 |
| 403-2 | Hazard identification, risk assessment, and incident investigation | Преглед на најзначајните ESG-индикатори - страна 35<br>Општествени прашања - страна 108 |
| 403-3 | Occupational health services | Општествени прашања - страна 110 |
| 403-4 | Worker participation, consultation, and communication on occupational health and safety | Општествени прашања - страна 111 |
| 403-5 | Worker training on occupational health and safety | Општествени прашања - страна 112 |
| 403-6 | Promotion of worker health | Општествени прашања - страна 114 |
| 403-7 | Prevention and mitigation of occupational health and safety impacts directly linked by business relationships | Општествени прашања - страна 115 |
| 403-8 | Workers covered by an occupational health and safety management system | Општествени прашања - страна 116 |
| 403-9 | Work-related injuries | Преглед на најзначајните ESG-индикатори - страна 35<br>Општествени прашања - страна 116 |
| 403-10 | Work-related ill health | Општествени прашања - страна 117 |
| 404-1 | Average hours of training per year per employee | Преглед на најзначајните ESG-индикатори - страна 35<br>Прилог 3 - страна 166 |
| 404-3 | Percentage of employees receiving regular performance and career development reviews | Прилог 3 - страна 166 |
| 405-1 | Diversity of governance bodies and employees | Преглед на најзначајните ESG-индикатори - страна 35<br>Прилог 3 - страна 167 |


Subdivision 3



# VII. Прилози кон извештајот

# Прилог 1: Мониторинг на емисии во воздух, вода и бучава



# МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ ВО ВОДА ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

## Месечни анализи на отпадни води ПЦ Фармација Автокоманда за мерно место С1- запад за 2022год




| | pH | Суспендирани материи (TSS) mg/l | БПК5 (BOD5) mgO2/l | ХПК (COD) mgO2/l | Нитрити (NO2-) mg/l | Нитрати (NO3-) mg/l | Хлориди (Cl-) mg/l | Бакар (Cu) mg/l | Железо (Fe) mg/l | Фосфор (P) mg/l | Хром (CrVI) mg/l | Вкупен органски јаглерод (TOC) mg/l | Амониум (NH4+) mg/l |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 8,2 | 22 | 39 | 145 | 0,02 | 4,3 | 10 | 0,1 | 0,1 | 0,85 | 0,05 | 19 | 1,6 |
| Февруари | 7,98 | 3 | 7,3 | 25 | 0,02 | 1,9 | 10 | 0,1 | 0,1 | 1,78 | 0,05 | 28,6 | 0,16 |
| Март | 7,65 | 64 | 62 | 140 | 0,02 | 3,2 | 12 | 0,1 | 0,1 | 0,28 | 0,05 | 113 | 0,05 |
| Април | 7,93 | 60 | 57 | 174 | 0,02 | 5,1 | 12 | 0,1 | 0,1 | 0,28 | 0,05 | 98 | 0,05 |
| Мај | 8,15 | 22 | 19 | 46 | 0,02 | 2,2 | 28 | 0,1 | 0,1 | 2,39 | 0,05 | 34,3 | 0,08 |
| Јуни | 7,79 | 44 | 145 | 312 | 0,02 | 2,5 | 10 | 0,1 | 0,1 | 0,67 | 0,05 | 212 | 0,05 |
| Јули | 7,19 | 32 | 112 | 363 | 0,02 | 1,9 | 350 | 0,1 | 0,1 | 2,31 | 0,05 | 200 | 0,05 |
| Август | 7,87 | 173 | 204 | 584 | 0,02 | 2,1 | 34 | 0,1 | 0,1 | 0,87 | 0,05 | 262 | 0,07 |
| Септември | 7,74 | 42 | 18 | 72 | 0,02 | 2,9 | 10 | 0,1 | 0,1 | 5,24 | 0,05 | 57 | 0,19 |
| Октомври | 8,03 | 52 | 128 | 481 | 0,02 | 2,8 | 20 | 0,1 | 0,1 | 8,37 | 0,05 | 83 | 0,05 |
| Ноември | 8,25 | 37 | 22 | 98 | 0,02 | 2 | 10 | 0,1 | 0,1 | 4,14 | 0,05 | 52 | 0,64 |
| Декември | 7,37 | 18 | 102 | 200 | 0,02 | 3,8 | 42 | 0,1 | 0,1 | 1,11 | 0,05 | 164 | 0,15 |

## МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ ВО ВОДА ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

### Месечни анализи на отпадни води ПЦ Фармација Автокоманда за мерно место С2- југоисток за 2022год




| | pH | Суспендирани материи (TSS) mg/l | БПК5 (BOD5) mgO2/l | ХПК (COD) mgO2/l | Нитрити (NO2-) mg/l | Нитрати (NO3-) mg/l | Хлориди (Cl-) mg/l | Бакар (Cu) mg/l | Железо (Fe) mg/l | Фосфор (P) mg/l | Хром (CrVI) mg/l | Вкупен органски јаглерод (TOC) mg/l | Амониум (NH4+) mg/l |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 7,1 | 44 | 238 | 415 | 0,02 | 2,2 | 43 | 0,1 | 0,1 | 9,5 | 0,05 | 75,5 | 1,18 |
| Февруари | 7,32 | 28 | 163 | 422 | 0,02 | 2,8 | 24 | 0,1 | 0,1 | 4,86 | 0,05 | 179 | 2,53 |
| Март | 7,24 | 22 | 70 | 153 | 0,02 | 2,2 | 21 | 0,1 | 0,1 | 3,35 | 0,05 | 143 | 0,89 |
| Април | 8,3 | 18 | 58 | 399 | 0,02 | 1,3 | 43 | 0,1 | 0,1 | 3,28 | 0,05 | 122 | 4,33 |
| Мај | 7,47 | 11 | 172 | 294 | 0,02 | 2,3 | 52 | 0,1 | 0,1 | 2,59 | 0,05 | 165 | 1,61 |
| Јуни | 7,19 | 10 | 32 | 67 | 0,02 | 1,3 | 378 | 0,1 | 0,1 | 1,63 | 0,05 | 52,5 | 0,05 |
| Јули | 7,2 | 96 | 83 | 286 | 0,02 | 1,8 | 63 | 0,1 | 0,1 | 6,61 | 0,05 | 42,5 | 4,2 |
| Август | 7,24 | 173 | 204 | 584 | 0,02 | 3,8 | 125 | 0,1 | 0,1 | 6,81 | 0,05 | 413 | 3,4 |
| Септември | 7,53 | 48 | 42 | 174 | 0,02 | 2,5 | 38 | 0,1 | 0,1 | 4,99 | 0,05 | 88 | 0,97 |
| Октомври | 7,43 | 26 | 162 | 602 | 0,02 | 1 | 56 | 0,1 | 0,1 | 0,09 | 0,05 | 92 | 3,83 |
| Ноември | 8,63 | 30 | 39 | 199 | 0,02 | 1,7 | 84 | 0,1 | 0,1 | 5,47 | 0,05 | 73 | 0,73 |
| Декември | 7,35 | 22 | 136 | 368 | 0,02 | 4,3 | 82 | 0,1 | 0,1 | 2,33 | 0,05 | 255 | 1,32 |

## МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ ВО ВОДА ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

### Месечни анализи на отпадни води Фармација Автокоманда за мерно место СЗ-Југозапад за 2022 год.




| | pH | Суспендирани материи (TSS) mg/l | БПК5 (BOD5) mgO2/l | ХПК (COD) mgO2/l | Нитрити (NO2) mg/l | Нитрати (NO3) mg/l | Хлориди (Cl-) mg/l | Бакар (Cu) mg/l | Железо (Fe) mg/l | Фосфор (P) mg/l | Хром (CrVI) mg/l | Вкупен органски јаглерод (TOC) mg/l | Амониум (NH4+) mg/l |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 8,4 | 57 | 105 | 190 | 0,02 | 3,1 | 11 | 0,1 | 0,1 | 14,14 | 0,05 | 44,5 | 0,18 |
| Февруари | 8,03 | 44 | 52 | 105 | 0,05 | 2,2 | 10 | 0,1 | 0,1 | 4,74 | 0,05 | 68,3 | 1,83 |
| Март | 8,03 | 19 | 62 | 112 | 0,16 | 2,2 | 14 | 0,1 | 0,1 | 1,35 | 0,05 | 78,3 | 0,3 |
| Април | 8,18 | 12 | 42 | 207 | 0,02 | 1 | 11 | 0,1 | 0,1 | 1,16 | 0,05 | 65 | 4,26 |
| Мај | 7,89 | 21 | 46 | 75 | 0,02 | 2,1 | 25 | 0,1 | 0,1 | 2,06 | 0,05 | 54,1 | 0,29 |
| Јуни | 8,68 | 45 | 107 | 339 | 0,02 | 1,1 | 267 | 0,1 | 0,1 | 4,5 | 0,05 | 128 | 0,05 |
| Јули | 7,5 | 19 | 86 | 290 | 0,02 | 2,3 | 20 | 0,1 | 0,1 | 1,14 | 0,05 | 122 | 0,99 |
| Август | 8,02 | 6,3 | 7,8 | 25 | 0,02 | 2,5 | 11 | 0,1 | 0,1 | 0,27 | 0,05 | 152 | 0,05 |
| Септември | 8,03 | 12 | 36 | 103 | 0,02 | 2,6 | 11 | 0,1 | 0,1 | 5,85 | 0,05 | 62 | 0,07 |
| Октомври | 7,84 | 8 | 12,3 | 52 | 0,02 | 2,2 | 35 | 0,1 | 0,1 | 1,72 | 0,05 | 71 | 0,05 |
| Ноември | 9,2 | 35 | 96 | 305 | 0,02 | 1,3 | 10 | 0,1 | 0,1 | 5,38 | 0,05 | 59 | 0,05 |
| Декември | 7,57 | 69 | 174 | 554 | 0,02 | 3,1 | 15 | 0,1 | 0,1 | 0,44 | 0,05 | 382 | 0,07 |

## МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ ВО ВОДА ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

### Месечни анализи на отпадни води ПЦ Фармација Ѓ.Петров за мерно место С1-Цефалоспорини за 2022год




| | pH | Суспендирани материи (TSS) mg/l | БПК5 (BOD5) mgO2/l | ХПК (COD) mgO2/l | Нитрити (NO2-) mg/l | Нитрати (NO3-) mg/l | Хлориди (Cl-) mg/l | Бакар (Cu) mg/l | Железо (Fe) mg/l | Фосфор (P) mg/l | Хром (CrVI) mg/l | Вкупен органски јаглерод (TOC) mg/l | Амониум (NH4+) mg/l |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 6,91 | 109 | 160 | 458 | 0,04 | 1,7 | 15 | 0,1 | 0,1 | 1,2 | 0,05 | 194 | 0,58 |
| Февруари | 6,66 | 85 | 182 | 410 | 0,03 | 2,7 | 14 | 0,1 | 0,1 | 1,12 | 0,05 | 213 | 0,09 |
| Март | 6,9 | 55 | 205 | 329 | 0,02 | 2,5 | 20 | 0,1 | 0,1 | 4,9 | 0,05 | 186 | 0,05 |
| Април | 6,99 | 25 | 138 | 400 | 0,02 | 1,3 | 20 | 0,1 | 0,1 | 3,8 | 0,05 | 85 | 0,05 |
| Мај | 7,09 | 45 | 102 | 167 | 0,02 | 1,9 | 10 | 0,1 | 0,1 | 1,97 | 0,05 | 114 | 0,11 |
| Јуни | 6,63 | 97 | 142 | 324 | 0,02 | 2,3 | 10 | 0,1 | 0,1 | 0,93 | 0,05 | 263 | 0,05 |
| Јули | 7,62 | 34 | 138 | 463 | 0,02 | 2 | 10 | 0,1 | 0,1 | 1,78 | 0,05 | 86 | 0,05 |
| Август | 6,82 | 33 | 122 | 430 | 0,02 | 1,7 | 13 | 0,1 | 0,1 | 3,57 | 0,05 | 216 | 0,06 |
| Септември | 6,89 | 23 | 122 | 463 | 0,02 | 1 | 10 | 0,1 | 0,1 | 0,4 | 0,05 | 76 | 0,4 |
| Октомври | 7,26 | 8 | 12 | 52 | 0,02 | 4,7 | 24 | 0,1 | 0,1 | 0,37 | 0,05 | 30,4 | 0,66 |
| Ноември | 7,1 | 13 | 22 | 83 | 0,02 | 2,2 | 10 | 0,1 | 0,1 | 0,28 | 0,05 | 56 | 0,42 |
| Декември | 7,08 | 33 | 148 | 480 | 0,02 | 2,2 | 10 | 0,1 | 0,1 | 0,67 | 0,05 | 278 | 0,05 |

## МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ ВО ВОДА ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

### Месечни анализи на отпадни води ПЦ Фармација Ѓ.Петров за мерно место С2-производство на Фармацевтски суровини (ПФС) за 2022год




| | pH | Суспендирани материи (TSS) mg/l | БПК5 (BOD5) mgO2/l | ХПК (COD) mgO2/l | Нитрити (NO2-) mg/l | Нитрати (NO3-) mg/l | Хлориди (Cl-) mg/l | Бакар (Cu) mg/l | Железо (Fe) mg/l | Фосфор (P) mg/l | Хром (CrVI) mg/l | Вкупен органски јаглерод (TOC) mg/l | Амониум (NH4+) mg/l |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 7,49 | 2 | 3 | 25 | 0,03 | 2,6 | 38 | 0,1 | 0,1 | 0,25 | 0,05 | 79,5 | 0,2 |
| Февруари | 7,52 | 2 | 4,8 | 25 | 0,02 | 7,2 | 29 | 0,1 | 0,1 | 0,59 | 0,05 | 36,7 | 0,28 |
| Март | 7,45 | 2 | 3 | 25 | 0,02 | 6,7 | 33 | 0,1 | 0,1 | 0,05 | 0,05 | 42,5 | 0,05 |
| Април | 7,32 | 2 | 1,5 | 25 | 0,02 | 5,3 | 33 | 0,1 | 0,1 | 0,05 | 0,05 | 43,5 | 0,05 |
| Мај | 7,29 | 2 | 17 | 25 | 0,02 | 4,9 | 10 | 0,1 | 0,1 | 0,05 | 0,05 | 31,6 | 0,34 |
| Јуни | 7,63 | 5,5 | 13 | 33 | 0,02 | 6,1 | 31 | 0,1 | 0,1 | 0,09 | 0,05 | 31,6 | 0,05 |
| Јули | 7,73 | 2 | 35 | 111 | 0,02 | 5,7 | 28 | 0,1 | 0,1 | 1,76 | 0,05 | 28,6 | 0,05 |
| Август | 7,61 | 2 | 122 | 25 | 0,02 | 5,4 | 23 | 0,1 | 0,1 | 0,39 | 0,05 | 39,5 | 0,18 |
| Септември | 7,09 | 16 | 12,3 | 37 | 0,02 | 4,9 | 10 | 0,1 | 0,1 | 0,58 | 0,05 | 30,5 | 0,09 |
| Октомври | 6,55 | 20 | 12 | 52 | 0,02 | 2,8 | 13 | 0,1 | 0,1 | 4,14 | 0,05 | 70,3 | 0,72 |
| Ноември | 7,68 | 13 | 11,2 | 36 | 0,02 | 6 | 22 | 0,1 | 0,1 | 0,59 | 0,05 | 32,5 | 0,93 |
| Декември | 7,68 | 2 | 16 | 41 | 0,02 | 4,1 | 22 | 0,1 | 0,1 | 0,11 | 0,05 | 35,7 | 0,22 |

## МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ ВО ВОДА ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

### Месечни анализи на отпадни води ПЦ ХКБ Програма Хемија & козметика лок. Ѓ.Петров за мерно место Паршалов премин за 2022год




| | pH | Суспендирани материи (TSS) mg/l | БПК5 (BOD5) mgO2/l | ХПК (COD) mgO2/l | Нитрити (NO2-) mg/l | Нитрати (NO3-) mg/l | Хлориди (Cl-) mg/l | Флуориди (F-) mg/l | Сулфиди (S2-) mg/l | Арсен (As) mg/l | Сребро (Ag) mg/l | Никел (Ni) mg/l | Олово (Pb) mg/l | Цинк (Zn) mg/l | Цијаниди (CN-) mg/l | Бакар (Cu) mg/l | Железо (Fe) mg/l | Фосфор (P) mg/l | Хром (CrVI) mg/l | Хлор вкупен (Cl) mg/l | Вкупен органски јаглерод (TOC) mg/l | Амониум (NH4+) mg/l |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 7,15 | 2 | 3 | 25 | 0,02 | 1 | 10 | | | | | | | | | 0,1 | 0,1 | 0,05 | 0,05 | 10 | 11,7 | 0,05 |
| Февруари | 7,53 | 2 | 4 | 25 | 0,03 | 3,1 | 10 | | | | | | | | | 0,1 | 0,1 | 0,05 | 0,05 | 10 | 11,2 | 0,05 |
| Март | 7,19 | 2 | 4,8 | 25 | 0,03 | 4,3 | 10 | | | | | | | | | 0,1 | 0,1 | 0,05 | 0,05 | 10 | 12,2 | 0,05 |
| Април | 6,58 | 2 | 4,2 | 25 | 0,03 | 3,8 | 10 | | | | | | | | | 0,1 | 0,1 | 0,05 | 0,05 | 10 | 13,8 | 0,05 |
| Мај | 6,57 | 2 | 4,6 | 25 | 0,02 | 22,1 | 10 | | | | | | | | | 0,1 | 0,1 | 0,05 | 0,05 | 10 | 14,2 | 0,05 |
| Јуни | 6,5 | 2 | 4,5 | 25 | 0,02 | 4,7 | 10 | | | | | | | | | 0,1 | 0,1 | 0,05 | 0,05 | 10 | 11,6 | 0,05 |
| Јули | 7,68 | 2 | 3 | 25 | 0,02 | 5,7 | 35 | 0,1 | 0,1 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,1 | 0,1 | 0,05 | 0,05 | 0,03 | 64,3 | 0,05 |
| Август | 7,42 | 2 | 3 | 25 | 0,02 | 3,2 | 41 | 0,1 | 0,1 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,1 | 0,1 | 0,05 | 0,05 | 0,03 | 33,6 | 0,05 |
| Септември | 7,9 | 2 | 3 | 25 | 0,02 | 12,8 | 10 | 0,1 | 0,1 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,1 | 0,1 | 0,05 | 0,05 | 0,03 | 52,3 | 0,05 |
| Октомври | 7,8 | 2 | 3 | 25 | 0,02 | 14,2 | 10 | 0,1 | 0,1 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,1 | 0,1 | 0,05 | 0,05 | 0,03 | 43,8 | 0,05 |
| Ноември | 7,6 | 2 | 3 | 25 | 0,02 | 12,2 | 10 | 0,1 | 0,1 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,1 | 0,1 | 0,05 | 0,05 | 0,03 | 32,6 | 0,05 |
| Декември | 6,67 | 2 | 3 | 25 | 0,03 | 6,3 | 10 | 0,1 | 0,1 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,1 | 0,1 | 0,05 | 0,05 | 0,03 | 42,3 | 0,05 |

# МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ ВО ВОЗДУХ ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

## Измерени емисии во воздух од котлара ПЦ Фармација, Автокоманда за 2022год.

Гранични вредности:

Азотни оксиди ($NO_2$)
- природен гас 350 mg/Nm$^3$
- нафта 150 mg/Nm$^3$

Сулфур диоксид ($SO_2$)
- природен гас 35 mg/Nm$^3$
- нафта 1700 mg/Nm$^3$

Јаглерод моноксид (CO)
- природен гас 100 mg/Nm$^3$
- нафта 170 mg/Nm$^3$

Прашина
- природен гас 5 mg/Nm$^3$
- нафта 100 mg/Nm$^3$

Чаден бр,(за сите типови) 0 mg/Nm$^3$

*Сите вредности добиени од мерењата се во рамките на Граничните вредности на емисија.




| | A1 Испуст од котел ТРК Orometal ORO5SАДОО Оросавље, Р. Хрватска | | | | A2 Испуст од котел 1ТРК Orometal ORO8SАДОО Оросавље, Р. Хрватска | | | | A8 Испуст од котел модел Modelex EXT 550EB, TIP B23P C63 Unical, Италија | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 |
| Азотни оксиди, изразени како ( NO2) (mg/Nm3) | | | 134,65 | 157,61 | 154,01 | 129,12 | 128,01 | 138,65 | 33,91 | 34,53 | | |
| Јагледот моноксид (CO) ( mg/Nm3) | | | 44,99 | 55,97 | 54,97 | 45,53 | 42,28 | 53,25 | 28,85 | 19,65 | | |
| Сулфур диоксид (SO2) (mg/Nm3) | | | 3,86 | 3,88 | 5,24 | 6,51 | 4,46 | 4,57 | | | | |
| Прашина ( mg/Nm3) | | | 2,28 | 3,97 | 3,59 | 3,35 | 3,06 | 2,84 | | | | |
| Чаден број ( mg/Nm3) | | | | | | | | | 0 | 0 | | |

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

## МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ ВО ВОЗДУХ ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

### Измерени емисии во воздух од отпрашувачи ПЦ Фармација, Автокоманда за 2022год.

Гранични вредности:

Прашина (PM)
- 50 mg/m3 за масен проток >0,5 kg/h
- 150 mg/m3 за масен проток ≤0,5 kg/h

Фармацевтска прашина
- 0,15 mg/m3 за масен проток 1 g/h (BAT)

*Сите вредности добиени од мерењата се во рамките на Граничните вредности на емисија.




| | A3 Испуст од Систем за отпрашување (филтер Д-3)- од процесите на производство на цврсти форми | | | | A4 Испуст од Систем за отпрашување (филтер Д-1)- од процесите на производство на цврсти форми | | | | A5 Испуст од Систем за отпрашување (филтер Д-2)- од процесите на производство на цврсти форми | | | | A6 Испуст од Систем за отпрашување (филтер Д-4)- од процесите на производство на цврсти форми | | | | A7 Испуст од Систем за отпрашување (филтер Д-5) од процесите на производство на Пакување лекови | | | | A9 Испуст од Систем за отпрашување (филтер Д-6) од процесите на производство на Пакување лекови | | | | A10 Испуст од Систем за отпрашување од процесите на производство на Пакување лекови | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 |
| Прашина (mg/Nm3) | 0,37 | 0,98 | 0,81 | 0,17 | 0,94 | 0,83 | 0,63 | 0,94 | 0,94 | 0,67 | 0,65 | 0,47 | 0,68 | 0,98 | 0,76 | 0,14 | 1,13 | 1,03 | 2,33 | 2,05 | 0,81 | 0,94 | 0,52 | 0,35 | 0,97 | 0,88 | 0,93 | 0,92 |
| Фармацевтска прашина (mg/Nm3) | | 0,04 | 0,05 | 0,01 | | 0,05 | 0,04 | 0,05 | | 0,05 | 0,04 | 0,03 | | 0,07 | 0,06 | 0,01 | | 0,06 | 0,14 | 0,12 | | 0,05 | 0,03 | 0,02 | | 0,04 | 0,05 | 0,05 |

## МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ ВО ВОЗДУХ ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

### Измерени емисии во воздух ПЦ Фармација, Ѓорче Петров за 2022 год.

Гранични вредности:

Прашина (PM)
- 50 mg/m³ за масен проток >0,5 kg/h
- 150 mg/m³ за масен проток <0,5 kg/h

Фармацевтска прашина
- 0,15 mg/m³ за масен проток 1 g/h (BAT)

Испарливи органски супстанции (ИОС)
- 20 mgC/Nm³

*Сите вредности добиени од мерењата се во рамките на Граничните вредности на емисија.




| | A1 Испуст од Систем за отпрашување во погон за производство на антибиотици | | | | A2 Испуст од Систем за отпрашување во погон за производство на антибиотици | | | | A3 Испуст од Систем за отпрашување во погон за производство на антибиотици | | | | A4 Испуст од вентилационот систем поставен во погон за производство на примарни фармацевтски суровини линија 1 | | | | A4 Испуст од вентилационот систем поставен во погон за производство на примарни фармацевтски суровини линија 2 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 |
| Прашина (mg/Nm3) | 2,22 | 2,12 | 1,43 | 2,94 | 2,16 | 1,67 | 1,44 | 2,39 | 1,99 | 1,69 | 1,24 | 2,04 | | | | | | | | |
| Фармацевтска прашина (mg/Nm3) | | 0,11 | 0,08 | 0,13 | | 0,1 | 0,08 | 0,11 | | 0,09 | 0,07 | 0,1 | | | | | | | | |
| ИОС-Испарливи Органски Соединенија [производство на фармацевтски производи (>50)] (mgC/Nm3) | | | | | | | | | | | | | 1,26 | 0,9 | 1,23 | | 2,13 | 1,42 | 1,74 | |

## МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ ВО ВОЗДУХ ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

### Измерени емисии во воздух од Котлара ПЦ Фармација и ПЦ ХКБ во Ѓ. Петров за 2022 год.

Гранични вредности:

$NO_2$(природен гас, нафта) 350 mg/Nm$^3$

Сулфур диоксид ($SO_2$)
- природен гас 35 mg/Nm$^3$
- нафта 1700 mg/Nm$^3$

Јаглерод моноксид ( CO)
- природен гас 100 mg/Nm$^3$
- нафта 170 mg/Nm$^3$

Прашина
- природен гас 5 mg/Nm$^3$
- нафта 100 mg/Nm$^3$

Гасовити неоргански соед, на флуор изразени како HF 5 mg/Nm$^3$

Гасовити неоргански соед, на хлор изразени како HCl 30 mg/Nm$^3$

*Сите вредности добиени од мерењата се во рамките на Граничните вредности на емисија.




| | А1 Q1 | А1 Q2 | А1 Q3 | А1 Q4 | А2 Q1 | А2 Q2 | А2 Q3 | А2 Q4 | А2 Q1 | А2 Q2 | А2 Q3 | А2 Q4 | А3 Q1 | А3 Q4 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прашина (mg/Nm3) | 2,58 | 4,65 | 2,92 | | 2,56 | 2,44 | 3,95 | 1,42 | 10,04 | 3,59 | 4,12 | | 10,04 | 17,39 |
| Азотни оксиди, изразени како ( NO2) (mg/Nm3) | 66,62 | 62,31 | 63,27 | | 70,85 | 49,73 | 51,95 | 81,9 | 190,22 | 111,12 | 127,72 | | 190,22 | 227,53 |
| Јагледот моноксид (CO) ( mg/Nm3) | 18,99 | 88,65 | 25,52 | | 22,33 | 26,86 | 16,86 | 27,4 | 55,62 | 46,11 | 44,67 | | 55,62 | 87,37 |
| Сулфурни диоксиди (SO2) (mg/Nm3) | 3,62 | 25,11 | 4,07 | | 3,33 | 5,95 | 3,51 | 3,03 | 4,6 | 6,46 | 11,05 | | 4,6 | 29,08 |
| Гасовити неоргански соединенија на флуор изразени како HF (mg/Nm3) | | | | | | | | | | 0,46 | 0,26 | | | 0,01 |
| Гасовити неоргански соединенија на хлор изразени како HCl (mg/Nm3) | | | | | | | | | | 0,29 | 0,44 | | | 0,21 |

МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ ВО ВОЗДУХ ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

## Измерени емисии во воздух неорганска хемија од ПЦ ХКБ, програма хемија, Ѓ. Петров за 2022 год.

■ Прашина (mg/Nm3) ■ Азотни оксиди, изразени како (NO2) (mg/Nm3) ■ Сулфурни диоксиди (SO2) (mg/Nm3) ■ Вкупен амонијак во гасовити, парни и соединенија и аеросоли -NH3 (mg/Nm3) ■ ИОС-Испарливи Органски Соединенија (mg/Nm3)

Гранични вредности:

Прашина (PM)
- 50 mg/m³ за масен проток >0,5 kg/h
- 150 mg/m³ за масен проток <0,5 kg/h

Оксиди на сулфур, изразени како Сулфур диоксид (SO2) 500 mg/Nm³

Оксиди на азот, изразени како Азот диоксид (NO2) 500 mg/Nm³

Вк, амонијак во гасовити, парни соед, и аеросоли (NH3) 500 mg/Nm³

Испарливи органски супстанции (ИОС) 20 mgC/Nm³

*Сите вредности добиени од мерењата се во рамките на граничните вредности на емисија.



| | A4-Испуст од хауба над реактор во погон за неоргански синтези (оксидо-редукциски процес) за добивање на сребрена сол | | | | A5-Испуст од реактор за синтеза и неутрализација на неоргански соли (Хлориди/Сулфати) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 |
| Прашина (mg/Nm3) | | 0,97 | 0,43 | 0,48 | | 1,49 | 1,34 | 1,88 |
| Азотни оксиди, изразени како ( NO2) (mg/Nm3) | | 17,76 | 2,05 | 2,05 | | 1,76 | 2,05 | 2,05 |
| Сулфурни диоксиди (SO2) (mg/Nm3) | | 2,45 | 2,86 | 2,86 | | 2,45 | 2,86 | 2,86 |
| Вкупен амонијак во гасовити, парни и соединенија и аеросоли -NH3 (mg/Nm3) | | 0,13 | 0,1 | 0,1 | | 0,23 | 0,11 | 1,62 |
| ИОС-Испарливи Органски Соединенија (mg/Nm3) | | 2,42 | 2,32 | 2,16 | | 1,94 | 1,74 | 1,29 |

| | A6-Испуст од реактор за добивање на р -ри од NaOH или минерални ѓубрива | | | | A7-Испуст од реактор за синтеза и неутрализација на неоргански соли (Хлориди) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 |
| Прашина (mg/Nm3) | | 1,12 | 22,18 | 3,36 | | 2,04 | 2,24 | 2,33 |
| Азотни оксиди, изразени како ( NO2) (mg/Nm3) | 2,05 | 1,76 | 2,05 | 2,73 | | 2,05 | 2,05 | 2,73 |
| Сулфурни диоксиди (SO2) (mg/Nm3) | | 2,45 | 2,86 | 3,81 | | 2,86 | 2,86 | 4,77 |
| Вкупен амонијак во гасовити, парни и соединенија и аеросоли -NH3 (mg/Nm3) | 3,06 | 0,16 | 0,01 | 0,06 | | 0,17 | 0,01 | 0,08 |
| ИОС-Испарливи Органски Соединенија (mg/Nm3) | | 2,07 | 1,03 | 1,45 | | 2,44 | 1,87 | 2,71 |

| | A8-Испуст од реактор за добивање на р -ри од алкални одмастувачи | | | | A9-Испуст од реактор за синтеза и неутрализација на неоргански соли (Хлориди/Сулфати) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 |
| Прашина (mg/Nm3) | | | 25,15 | 5,03 | | 1,2 | 4,01 | 4,87 |
| Азотни оксиди, изразени како ( NO2) (mg/Nm3) | | | 2,73 | 3,42 | | 1,2 | 2,05 | 2,05 |
| Сулфурни диоксиди (SO2) (mg/Nm3) | | | 3,81 | 4,77 | | 2,86 | 2,86 | 2,86 |
| Вкупен амонијак во гасовити, парни и соединенија и аеросоли -NH3 (mg/Nm3) | | | 0,08 | 0,06 | | 0,14 | 0,1 | 0,05 |
| ИОС-Испарливи Органски Соединенија (mg/Nm3) | | | 2,1 | 2,29 | | 2,07 | 1,87 | 1,97 |

| | A10-Испуст од реактор за отстранување на водена содржина од концентрати на соли | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 |
| Прашина (mg/Nm3) | | | | 1,48 |
| Азотни оксиди, изразени како ( NO2) (mg/Nm3) | | | | 2,05 |
| Сулфурни диоксиди (SO2) (mg/Nm3) | | | | 2,86 |
| Вкупен амонијак во гасовити, парни и соединенија и аеросоли -NH3 (mg/Nm3) | | | | 1,71 |
| ИОС-Испарливи Органски Соединенија (mg/Nm3) | | | | 1,16 |

## МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ ВО ВОЗДУХ ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

### Измерени емисии во воздух ПЦ ХКБ, програма билка, Аеродром за 2022 год.

Гранични вредности за котлара:

NO2(природен гас, нафта) 350 mg/Nm³

Сулфур диоксид (SO2)
-природен гас 35 mg/Nm³
-нафта 1700 mg/Nm³

Јаглерод моноксид (CO)
-природен гас 100 mg/Nm³
-нафта 170 mg/Nm³

Прашина
-природен гас 5 mg/Nm³
-нафта 100 mg/Nm³

Гасовити неоргански соед, на флуор изразени како HF 5 mg/Nm³

Гасовити неоргански соед, на хлор изразени како HCl 30 mg/Nm³

Гранични вредности за отпрашувачи:
Прашина (PM)
- 50 mg/m³ за мас, проток >0,5 kg/h
-150 mg/m³ за мас,проток <0,5 kg/h

*Сите вредности добиени од мерењата се во рамките на Граничните вредности на емисија.




| | Q1 Испуст од котел Ѓуро Ѓакович бр. 1 | Q2 Испуст од котел Ѓуро Ѓакович бр. 1 | Q1 Испуст од котел Ѓуро Ѓакович бр. 2 | Q2 Испуст од котел Ѓуро Ѓакович бр. 2 | Q1 Испуст од отпрашувач Алпине | Q2 Испуст од отпрашувач одделение миксери 1 | Q2 Испуст од отпрашувач одделение миксери 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кислород (O2) (%) | 13,88 | 11,95 | 13,95 | 6,24 | | | |
| Азотни оксиди, изразени како (NO2) (mg/Nm3) | 103,6 | 0 | 153,46 | 105,81 | | | |
| Јаглерод диоксид (CO2) (mg/Nm3) | 4,03 | 6,7 | 4,76 | 10,08 | | | |
| Јагледот моноксид (CO) (mg/Nm3) | 41,06 | 83,67 | 81,88 | 38,61 | | | |
| Сулфур диоксид (SO2) (mg/Nm3) | 7,23 | 5,59 | 7,3 | 3,49 | | | |
| Прашина (mg/Nm3) | 28,21 | 6,9 | 24,11 | 6,9 | 2,55 | 8,98 | 6,29 |
| Гасни хлориди изразени како HCl (mg/Nm3) | | 0,01 | | 0,01 | | | |
| Гасни флуориди изразени како Флуороводород HF (mg/Nm3) | | 0,01 | | 0,01 | | | |

# МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ НА БУЧАВА ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

## Мониторинг на емисии на бучава ПЦ Фармација во Автокоманда за 2022 год.









## МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ НА БУЧАВА ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

### Мониторинг на емисии на бучава ПЦ Фармација во Ѓорче Петров за 2022 год.

ЛД - НИВО НА БУЧАВА ВО ДНЕВЕН ПЕРИОД ОД 7-19Н ЗА ПРОГРАМА ФАРМАЦИЈА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ




LB - НИВО НА БУЧАВА ВО ВЕЧЕРЕН ПЕРИОД ОД 19-23Н ЗА ПРОГРАМА ФАРМАЦИЈА Ѓ. ПЕТРОВ




LH НИВО НА БУЧАВА ВО НОЌЕН ПЕРИОД ОД 23-07Н ЗА ПРОГРАМА ФАРМАЦИЈА Ѓ. ПЕТРОВ



## МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ НА БУЧАВА ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

### Мониторинг на емисии на бучава ПЦ ХКБ програма хемија во Ѓорче Петров за 2022 год.









## МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ НА БУЧАВА ЗА СИТЕ ПРОФИТНИ ЦЕНТРИ НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ЗА 2022год.

### Мониторинг на емисии на бучава ПЦ ХКБ програма хемија во Ѓорче Петров за 2022 год.

ЛД - НИВО НА БУЧАВА ВО ДНЕВЕН ПЕРИОД ОД 7-19Н
ЗА ПРОГРАМА КОЗМЕТИКА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2022 Г.




ЛД - НИВО НА БУЧАВА ВО ДНЕВЕН ПЕРИОД ОД 7-19Н
ЗА ПРОГРАМА БИЛКА АЕРОДРОМ ЗА 2022 Г.








# Прилог 2. Пресметка на создаден отпад по локалитети

Вкупно создаден отпад за Фармација Автокоманда за 2022 год.









## Вкупно создаден отпад за Фармација Ѓорче Петров за 2022 год.






## Вкупно создаден отпад за Козметика Ѓорче Петров за 2022 год.









## Вкупно создаден отпад за Хемија Ѓорче Петров за 2022 год.



## Вкупно создаден отпад за Билка Аеродром за 2022 год.











# Прилог 3:
# Мерни индикатори согласно GRI 401, 404, 405

| Мерните индикатори согласно барањата на стандардот GRI 401 - Вработување.<br>401-1 Нови вработени и обрт на вработени | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје | Нововработени по категории | | | | | Вкупно нововработени | Вкупен % на нововработени |
| | Мажи | Жени | Под 30 | 30-50 | над 50 | | |
| 1975 | 815 | 1160 | 426 | 1312 | 237 | 185 | 9,37% |
| % во однос на вкупно вработени | 41,27% | 58,73% | 21,57% | 66,43% | 12,00% | | |
| Просечен број на вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје | Заминати од компанија по категории | | | | | Вкупно заминати | Вкупен обрт (turnover) |
| | Мажи | Жени | Под 30 | 30-50 | над 50 | | |
| 1947 | 30 | 23 | 17 | 36 | 0 | 53 | 2,72 |
| % во однос на вкупно заминати | 56,60% | 43,40% | 32,08% | 67,92% | 0,00% | | |

* Часови тренинг се прикажани со вклучена бројка на вработени преку Агенција за привремени вработувања)

| Мерните индикатори согласно барањата на стандардот GRI 404 - Тренинг и едукација | | | |
|---|---|---|---|
| **404-1 - Просечен број на часови тренинг по вработен на годишно ниво** | **Број на вработени по категории** | **Просечен број на часови тренинг по категории** | **Вкупно часови тренинг 2022** |
| Вкупен број на вработени | 2037* | **122,99** | **250.525,00** |
| Вкупен број на вработени жени | 1193 | **149,92** | |
| Вкупен број на вработени мажи | 844 | **84,91** | |
| Вкупен број на вработени под 30 години | 461 | **308,52** | |
| Вкупен број на вработени под 30-50 години | 1300 | **70,73** | |
| Вкупен број на вработени над 50 години | 276 | **59,23** | |
| **404-3 - Процент на вработени кои примаат повратна информација за кариерен развој и учинок** | **Број на вработени по категории** | **Вкупен % на СУТ по категории** | **Вкупно вклучени СУТ 2022** |
| Вкупен број на вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје | 1975 | **35,44%** | **700** |
| Вкупен број на вработени жени | 1160 | **37,50%** | |
| Вкупен број на вработени мажи | 815 | **36,44%** | |
| Вкупен број на вработени под 30 години | 426 | **27,46%** | |
| Вкупен број на вработени под 30-50 години | 1312 | **40,78%** | |
| Вкупен број на вработени над 50 години | 237 | **49,37%** | |

| Мерните индикатори согласно барањата на стандардот GRI 405-1 -Разновидност на органите на управување и вработените | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен број на вработени во органи за управување** | **Членови на органи за управување по категории** | | | | |
| | **Мажи** | **Жени** | **Под 30** | **30-50** | **над 50** |
| 8 | 7 | 1 | 0 | 2 | 6 |
| % во однос на вкупен број во органи за управување | **87,50%** | **12,50%** | **0** | **25,00%** | **75,00%** |
| **Вкупен број на вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје** | **Вработени по категории** | | | | |
| | **Мажи** | **Жени** | **Под 30** | **30-50** | **над 50** |
| 1975 | 815 | 1160 | 426 | 1312 | 237 |
| % во однос на вкупно вработени | **41,00%** | **59,00%** | **21,57%** | **66,43%** | **12,00%** |

ESG
ИЗВЕШТАЈ
2022





**ЖИВОТНА СРЕДИНА**
ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА
**УПРАВУВАЊЕ**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

www.alkaloid.com.mk